РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1050
Скопје, 15 март 2013 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

## Содржина на Билтен број 1050 од 15 март 2013 година


**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ “БЛАЖЕ КОНЕСКИ”**

1. Реферат за избор на лектор по предметот француски јазик на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” во Скопје (**Ирена Павловска**)....................1-6
2. Реферат за избор на лектор по предметите современ албански јазик, албански јазик и толкување од македонски на албански јазик на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” во Скопје (**Ќани Мехмети**)....................7-13

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје (**Тимке Биљарски, Ирена Зечевиќ, Сенада Муриќ, Билјана Василева Трендафилова, Слаѓана Војноска, Билјана Лазарова, Светлана Миленкова, Ангела Чингоска, Јасмина Романова, Емилија Роп, Ирена Новаческа, Андон Дамовски, Марина Јовановска, Дејан Николоски, Љубе Пауновски, Флорија Ибраими**)....................14

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор во звањето асистент во научната област сточарство на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**м-р Никола Адамов, м-р Моника Ристевска-Стојановска**)....................15-21

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет “Јустинијан Први” во Скопје (**Ивана Костовска, Наташа Трпковска, Зоран Стефановски, Мартин Зафировски, Елена Трајковска, Милош Цветковиќ, Сања Мишева, Симона Марковска, Љупка Илиева, Теа Малахова, Тања Поповска, Андреа Апостлеска, Кирил Георгиев, Љупчо Јанковски, Дијана Јаневска, Драган Петрушевски, Цветанка Крстевска, Ана Лазаревска, Јасмина Бошковска, Дорина Ѓорчева, Невенче Љубеновска, Деспина Ефтимова, Горан Кочински, Емилија Сиљаноска, Катерина Бошковска, Александар Шулев, Филип Куковски, Виктор Димитров, Филип Петровски, Зоран Ваљаков, Тања Николова, Фросина Димитриевска, Катерина Данаилова, Јасмина Салковиќ, Ана Гоговска, Маја Димитриевиќ, Ана Пепељугоска, Калин Митрески, Ангела Ристеска, Кристина Наунова, Нина Ставреска, Симона Димовска, Ефто Пејовски, Ѓорѓи Јанакиев, Дана Петреска, Ивана Јевтиќ, Живка Костовска, Иво Костовски, Анастазија Анастасовска, Бранка Марковиќ, Катерина Касовска, Јован Ѓорговски, Вилма Јанева, Маја Трпковска, Марија Трајчевска, Димитар Здравевски, Златко Ќујунџиски, Александар Кузески, Татјана Стојкова, Снежана Тодоровска, Ангелина ЈаначКовска, Симона Митровска, Викторија Милеска, Андриана Димитровска, Марија Арсова, Сања Димеска, Тања Томашевска, Христина Темелкова, Дамјан Бучковски, Теодора Кипровска, Симона Николовска, Стефан Тасевски, Катерина Митевска, Слободанка Георгиевска, Елена Солева, Виктор Славески, Ана Ѓоргиевска, Сања Давидовиќ, Милена Михајлоска, Анастасија Николиќ, Искра Ивановска, Ивана Богојевиќ, Наташа Велковска, Борче Костовски, Јасна Андреевска**)....................22-32

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Вовед во медицината, за студентите по медицина,** од **проф. д-р Дончо Дончев**, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.... ....................33-43

**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**

1. Реферат за доделување на титулата **почесен доктор (doktor honoris causa)** на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје на **академик проф. д-р Виктор Антонович Садовничиј**, од Московскиот државен универзитет "Ломоносов".............44-48

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по предметот онкологија со радиотерапија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Валентина Крстевска)**........49-63

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Реферат за избор во звање насловен вонреден професор од областа информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(д-р Стево Божиновски)**........................................................64-80

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на соработник-асистент во наставно-научната област што ја покрива Институтот за механика на Машинскиот факултет во Скопје **(м-р Гоце Тасевски)**......81-85

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по наставниот предмет саксофон-популарни жанрови и група наставни предмети од областа на популарните жанрови за саксофон на Факултетот за музичка уметност во Скопје, без засновање работен однос **(м-р Иван Иванов)**..................................................................................................86-93
2. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по наставните предмети удирачки инструменти, оркестарски делници за удирачки инструменти, камерна музика, удирачки инструменти - популарни жанрови и по група наставни предмети од областа на популарните жанрови на Факултетот за музичка уметност во Скопје, без засновање работен однос **(м-р Мартин Вучиќ)**...................................................................................94-98

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Шумарскиот факултет во Скопје **(Соња Николовска)**......................................................................................99

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на четири насловни доценти по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Оливер Станков, д-р Ристо Чоланчески, д-р Бранко Блажевски и ас. д-р Огнен Ивановски)**..................................................................................100-114

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Љиљана Трајановска, Елена Прчковска, Адриана Поповска, Маја Цветковска, Билјана Индова, Слаѓана Глигоровска Арсески, Бети Николовска)**............115

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Односот меѓу работните практики на високи остварувања и организациските перформанси - универзалистички приод**, изработена од **м-р Весна Забијакин - Чатлеска**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.................................................................................116-121

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија за стручната монографија **Клиничка анатомија на увото и органот за слух и рамнотежа,** од **проф. д-р Марија Папазова,** со соработниците: доц. д-р Јулија Живадиновиќ и н. сор. д-р Јане Нетковски, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје........................................................................................................................122-124

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**
1. Рецензија на докторската дисертација **Карактеризација на и агрономска евалуација на некои линии пиперка (Capsicum Annuum L.),** изработена од **м-р Фиданка Трајкова,** пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје..................................125-131

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Љиљана Трајаноска, Елена Прчковска, Адриана Поповска, Маја Цветковска, Билјана Индова, Слаѓана Глигоровска Арсески, Бети Николовска**)..................................132

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**
1. Преглед на прифатени магистерски програми и наслови на теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**Горан Диниќ, Розета Ѓоргиевска, Дешира Ахмети, Неда Шуминоска, Стеван Томашевиќ, Аделина Паљоја, Благица Поп Томова, Тања Крстевска, Ана Ѓорѓиевска, Жарко Паунов, Мартина Дуковска, Благојче Ристов, Симона Симуноска, Михајло Штерјов, Вангел Мажевски, Пецо Христоски, Арта Исмаили, Антонија Пољуха, Ирина Димовска, Сандра Ивковиќ, Емилија Обрадова, Милена Ѓуровиќ, Невена Вељковиќ, Александра Трајкова, Саранда Адеми, Љиљана Васиќ, Ана Дурловски, Игор Дурловски, Виолета Вучкова, Сашка Папева, Фотина Георгијадис, Сања Здравковиќ, Алма Леши, Едита Хаџи-Хамза, Србољуб Диниќ, Зана Имери, Марија Јакимовска, Кирил Јосифов, Албина Тарифи, Ана Арангелова**)........................................................................................................133-141

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**
1. Реферат за избор на еден асистент во научната област управно ветеринарство на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**д-р Слободен Чокревски**).............142-148

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"**
1. Рефарат за избор во звањето научен соработник и примање во работен однос за работното место истражувач на фолклорот и етнологијата на турскиот народ во Република Македонија при Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје (**д-р Актан Аго**)........................................................................................................................150-161
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје (**Рини Усеини**)..............................................................162

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Шумарскиот факултет во Скопје (**Павлина Петрова**)..........................................................................................163

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија на докторската дисертација **Антоцијански профил на македонските црвени вина** од кандидатката **м-р Маја Димитровска,** пријавена на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје..............................................................................................164-170

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден вонреден професор по предметот медицина на трудот на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Јордан Минов**)........................................171-182

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Реферат за избор во наставно-научно звање - доцент по предметите: методика на наставата по математика, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик и методика, на воспитно-образовната работа по математика, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје (**д-р Методи Главче**)........................................................................183-192

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Англизмите во македонската терминологија од областа на безбедноста и внатрешните работи,** од **м-р Весна Трајковска,** пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје....................................................193-198

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. **Приговор** на Рефератот за избор на помлад асистент за предмети од областа на психологијата, на Филозофскиот факултет во Скопје, поднесен од **м-р Ана Стојанов,** објавен во Билтен бр. 1049 од 1.3.2013 година..................................................................199-203
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на помлад асистент за предмети од областа на психологијата, на Филозофскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1049 од 1.3.2013 година..................................................................204-205

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензијата на докторската дисертација **Влијание на екстремните услови врз механичката издржливост на системите за движење кај гасеничките возила,** изработена од **м-р Деан Брковски,** пријавена на Машинскиот факултет во Скопје.......................206-210

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЛЕКТОР ПО ПРЕДМЕТОТ ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

На својата 33. редовна седница одржана на 17.12.2012 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје нè избра за членови на Рецензентска комисија во врска со пријавата на Ирена ПАВЛОВСКА за избор во звањето лектор по предметот француски јазик. На конкурсот, објавен во весниците "Нова Македонија" и "Коха" од 7.12.2012 година, се јави само горенаведениот кандидат. Врз основа на поднесените материјали предвидени со условите на конкурсот, го доставуваме до Наставно-научниот совет следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ирена ПАВЛОВСКА е родена на 16.1.1968 година во Скопје. Основно образование завршила во основното училиште "Доситеј Обрадовиќ" кадешто го изучувала францускиот јазик од прво до осмо одделение во експериментална паралелка. Средно образование завршила во гимназијата "Ј. Б. Тито" во Скопје со континуиран одличен успех. За време на школувањето учествувала и на европскиот натпревар на Француската алијанса, како и на олимпијадите по странски јазици.

Во 1986 г. Павловска се запишала на групата за француски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје. Ирена Павловска дипломирала на 23.10.1990 завршувајќи ги двете насоки: наставната и преведувачката со просечна оценка 8,62 од вкупно 43 положени испити. Просекот од стручните предмети на кандидатката изнесува 9,11.

За време на студирањето Павловска престојувала неколку пати кај француски семејства со цел подобро да го научи францускиот јазик и да се запознае изворно со француската култура и цивилизација.

На 1.10.1991 г. Павловска се вработила како професор по француски јазик во Автосообраќајниот училиштен центар "Боро Петрушевски" во Скопје кадешто работела до 1998 година. Од 1998 година до денес Ирена Павловска е вработена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, на Катедрата за романски јазици и книжевности, како лектор по француски јазик.

Во изминативе четири години (од последниот избор до денес), Ирена Павловска изведувала редовна настава (лекторски вежби) по француски јазик со студенти кои го изучуваат францускиот јазик како прв/ втор странски јазик од прва, втора, трета и четврта година на Катедрата за романски јазици и на Катедрата за преведување и толкување. Освен тоа, Павловска изведувала и настава по преведување од областа на терминологијата поврзана со Европската унија со студенти по француски јазик од трета година на Катедрата за преведување и толкување.

Покрај редовното ангажирање во подготвување на вежби, консултации, колоквиуми и испити, Ирена Павловска била и член на 2 комисии за одбрана на дипломска работа (2010/2011).

Во изведувањето на лекторската настава по француски јазик, Ирена Павловска се залагала да применува современи методи и технологии за изучување на францускиот јазик. За таа цел, Павловска континуирано работела врз своето професионално усовршување преку учество на повеќе обуки организирани од

високопрофесионални центри за усовршување на наставници по француски јазик, како и преку студиски престои на универзитети во франкофонски земји, летни универзитети и семинари организирани во Р. Македонија и во регионот:

1. 1993 - Летен педагошки стаж за наставници по француски јазик (Безансон, Франција).
2. 1999 - Летен педагошки стаж за наставници по француски јазик (Кан, Франција).
3. 2007 - Семинар по дидактика на наставата по француски јазик (CREFECO, Софија, Бугарија).
4. 2008 - Едномесечен летен педагошки стаж за наставници по француски јазик на Католичкиот универзитет во Лувен-Ла-Нев, Белгија).
5. 2010 - Обука по Approche actionnelle ( Амбасада на Р. Франција во Скопје)
6. 2011 - Предавање за методата Глобална симулација (Летен универзитет, Струга).
7. 2011 - Обука за техники на настава по француски јазик за почетници (CREFECO, Брашов, Романија).
8. 2011 - учество во регионален проект за креирање педагошки материјал за деца - проект МИНИ.
9. 2012: Креирање на час преку Интернет, обука во рамките на проектот МЕПРИД, (партнерство со Универзитетот од Крајова, Романија), Галаци, Романија.
10. 2012: Предавање за користење на телевизискиот канал ТВ5 Монд во наставата по француски јазик (Летен универзитет, Струга).
11. 2012: Семинар за развивање на компетенциите за писмено изразување за ниво Б2 (CREFECO, Бугарија).

Во текот на следењето на овие обуки, семинари и работилници, Павловска се стекнала со нови знаења и ги продлабочила методолошките, дидактичките и педагошките способности потребни за еден добар наставник по француски јазик.

Стекнатите знаења од бројните учества на семинари и обуки во земјата и во странство, Ирена Павловска успешно ги применувала и преку организирање и учества на следниве работилници и презентации:

- ☐ 2000: Летен универзитет, Охрид: Современата песна во наставата по француски јазик како странски јазик;
- ☐ 2006: Летен универзитет, Струга : Ателје за креативно читање и пишување;
- ☐ 2012: дисеминација на обуката „Техники на настава по француски јазик за почетници“, следена во Брашов, Романија, во организација на CREFECO;
- ☐ 2012: презентација на регионалниот проект за деца од 6 до 9 години - проект МИНИ, пред наставниците по француски јазик од македонските основни училишта;
- ☐ декември 2012 - организација на 5 работилници за ученици по француски јазик од 6 до 9 години во ОУ "Димитар Миладинов" од Скопје и една божикна приредба, инспирирани и базирани на проектот МИНИ (CREFECO): обработка на 6 сликовници на француски јазик.
- ☐ во подготовка е дисеминација на обуката: Развивање на компетенциите за писмено изразување за ниво Б2, следена во CREFECO, за развивање на компетенциите за писмено изразување за ниво Б2 (планирана за февруари - март 2013).

Покрај потесното усовршување во областа на францускиот јазик, Ирена Павловска работела и врз проширување на методичките постапки при обучување на студентите во нивното говорно изразување на француски јазик. Имено, Павловска учествувала во работата врз театарското изразување на студентите по француски

јазик и во таа насока таа работела, заедно со лекторот по француски јазик од Белгија, со реномирани режисерски имиња од Белгија чии гостувања низ театарски работилници (вкупно 9) на француски јазик во периодот 2008 - 2013 година вродиле со продукција на успешни театарски претстави, а потоа и организирање на три студентски театарски аматерски фестивали со меѓународен карактер, како и со гостувања на студентската театарска трупа од нашиот Факултет на неколку фестивали во регионот.

Усовршувањето на стручен план, Ирена Павловска го надградува и преку својата преведувачка активност. Во досегашната преведувачка работа од француски на македонски јазик, Павловска ги има преведено следниве дела:

Преведени драмски текстови :

1991 : *Не сега драга* од Реј Куни - Драмски театар, Скопје.
1992 : *Мисир* од Жорж Фејдо - Народен театар, Битола.
1993 : *Кловнови* од Елен Пармелен - Драмски театар, Скопје.
1993 : *Калигула* од Алберт Ками - Драмски театар, Скопје.

Преведенени други дела:

1993 : *Правата на детето*, Детска радост, Скопје.
1994 : *Македонско-француски разговорник*, Матица македонска, Скопје.
1995 : *Америка,* Ж. Бодријар, Темплум, Скопје.
2001: *Спекулум на другата жена,* Лиз Иригаре, тимско преведување, Евро-балкан.
2003 : *Светски митологии*, тимско преведување, АЕА издавачи, Скопје.
2004 - 2005 : *Речник на симболите,* тимско преведување, Табернакул, Скопје.
2005: *Страв и трепет*, Амели Нотомб, АЕА издавачи, Скопје (роман).
2006: *Седум дена за вечност*, Марк Леви, АЕА издавачи, Скопје (роман).
2006 : *Сара*, Марек Халтер, АЕА издавачи, Скопје (роман).
2009 : *Атентат*, Јасмина Кадра, АЕА издавачи, Скопје (роман).

На планот на стручно-апликативната активност, Ирена Павловска била вклучена неколку пати како член на комисиите за подготовка и изведување на државните натпревари по француски јазик за основните и средните училишта во Р. Македонија, како и член на жирито на Француска шансона и на Фестивалот за средношколски франкофонски театар во Скопје, организирани од страна на Францускиот институт и Амбасадата на Р. Франција во Република Македонија.

Освен тоа, Ирена Павловска активно членува во Здружението на професори по француски јазик на Република Македонија, каде што е и член на надзорниот одбор.

## ЗАКЛУЧОК

Во заклучокот можеме да резимираме дека Ирена ПАВЛОВСКА претставува добар познавач на францускиот јазик, солиден и докажан преведувач од француски на македонски јазик, ангажиран професор по француски јазик кој постојано тежнее да внесува новини во наставата и љубопитен дух кој има желба и потенцијали да истражува нови форми на усвојување на францускиот јазик и култура преку театарско изразување на студентите. Имајќи ги предвид сите тие квалитети, како и освоените 126,1 бод според критериумите за избор во звања, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” да ја избере Ирена ПАВЛОВСКА во звањето лектор по предметот француски јазик.

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Звонко Никодиновски, ред. проф., с.р.
2. Д-р Маргарита Велевска, ред. проф., с.р.
3. Д-р Мира Трајкова, вонр. проф., с.р

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Ирена Никола Павловска**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: романистика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржана настава од прв циклус студии**<br>**Зимски семестар 2009/2010: (14 часа неделно)** | |
| | Француски јазик 1, 0+4 | 2,4 |
| | Француски јазик 3, В, (ПиТ) 0+4 ( 2 x 0+2 во две групи) | 2,4 |
| | Француски јазик 7, 0+4 | 2,4 |
| | Преведување од француски на македонски јазик 5 (ПиТ) 0+2 | 1,2 |
| 2. | **Летен семестар 2009/2010: (12 часа неделно)** | |
| | Француски јазик 2, 0+4<br>Француски јазик 4 , В, (ПиТ) 0+4 ( 2 x 0+2 во две групи)<br>Француски јазик 8, 0+4 | 2,4<br>2,4<br>2,4 |
| 3. | **Зимски семестар 2010/2011 (12 часа неделно)** | |
| | Француски јазик 1, 0+4<br>Француски јазик 3, 0+4<br>Француски јазик 3, (ПиТ) 0+4 | 2,4<br>2,4<br>2,4 |
| 4. | **Летен семестар 2010/2011 (12 часа неделно)** | |
| | Француски јазик 2, 0+4<br>Француски јазик 4, 0+4<br>Француски јазик 4, (ПиТ) 0+4 | 2,4<br>2,4<br>2,4 |
| 5. | **Зимски семестар 2011/2012 (16 часа неделно)** | |
| 6. | Француски јазик 1, 0+4<br>Француски јазик 3, 0+4<br>Француски јазик 5, 0+4<br>Француски јазик 1, В, (ПиТ) 0+4 ( 2 x 0+2 во две групи)<br>**Летен семестар 2011/2012 (14 часа неделно)** | 2,4<br>2,4<br>2,4<br>2,4 |
| | Француски јазик 2, 0+4 | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Француски јазик 4, 0+4<br>Француски јазик 6, 0+2<br>Француски јазик 1, В, (ПиТ) 0+4 ( 2 x 0+2 во две групи) | 2,4<br>1,2<br>2,4 |
| 7. | **Зимски семестар 2012/2013 (12 часа неделно)** | |
| | Француски јазик 1, 0+4<br>Француски јазик 3, 0+4<br>Француски јазик 1, В, (ПиТ) 0+4 ( 2 x 0+2 во две групи) | 2,4<br>2,4<br>2,4 |
| 8. | **Летен семестар 2012/2013 (12 часа неделно)**<br>Француски јазик 1, 0+4<br>Француски јазик 3, 0+4<br>Француски јазик 1, В, (ПиТ) 0+4 ( 2 x 0+2 во две групи) | 2,4<br>2,4<br>2,4 |
| 9. | Член на комисија за одбрана на дипломски труд (x2) | 0,2 |
| | **Вкупно** | **62,6** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Учество на работилница: *Approche actionnelle (2010)* | 1 |
| 2 | Учество на семинар на тема: *Глобална симулација (2011)* | 1 |
| 3 | Учество на семинар: *Техники на настава по фр. за почетници* Crefeco, *Брашов, Романија (2011)* | 1 |
| 4 | Учество во меѓународен научен проект, *МИНИ (2011)* | 5 |
| 5 | Учество во меѓународен научен проект, *МЕПРИД (2012)* | 5 |
| 6 | Учество на стручен собир, усна презентација (проект МИНИ, 2012) | 0,5 |
| 7 | Следење обука на тема: *Развивање компетенции за писмено изразување за ниво Б2, Crefeco( 2012)* | 1 |
| 8 | Учество на семинар на тема: *ТВ5 Монд во наставата по француски јазик ( 2012)* | 1 |
| 9 | Дисеминација на обука: *Техники на настава по фр. за почетници и Развивање компетенции за писмено изразување за ниво Б2*), (2x0,5) | 1 |
| 10 | Следење обука на тема: *Креирање час преку Интернет, Галаци, Романија (2012)* | 1 |
| | **Вкупно** | **17,5** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Превод од француски на македонски јазик на романот *Атентат* од Јасмина Кадра, АЕА издавачи, Скопје (2009) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Учество во работа на комисии за државни натпревари по француски јазик (4x1) | 4 |
| | | |
| | **Вкупно:** | **7** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Театарски работилници (организација = 9x1,5 и учество = 9x1) | 22,5 |
| 2. | Театарски фестивал „Унифест“ (организација) (3x0,5) | 1,5 |
| 3. | Театарски гостувања во странство (организација) (8x0,5) | 4 |
| 4. | Работилници за ученици од основно училиште (5x1,5) | 7,5 |
| 5. | Организација на божикна приредба со ученици од основно училиште (2012) | 1,5 |
| 6. | Член на национална жири-комисија во натпревари за франкофонски театар (2x1) | 2 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | **39** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 62,6 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 17,5 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 46 |
| **Вкупно** | **126,1** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Звонко Никодиновски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Маргарита Велевска, член, с.р.
3. Проф. д-р Мира Трајкова, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ЛЕКТОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ СОВРЕМЕН АЛБАНСКИ ЈАЗИК, АЛБАНСКИ ЈАЗИК И ТОКУВАЊЕ ОД МАКЕДОНСКИ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Врз основа на чл. 63 од Законот за високото образование и чл. 42 од Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, на својата триесет и четврта редовна седница одржана на 6.2.2013 година формира Рецензентска комисија во состав: д-р Аслан Хамити, редовен професор, д-р Ваљбона Тоска, доцент и д-р Исмет Османи, доцент, во врска со пријавата на Ќани Мемети на конкурсот за избор во звањето лектор по предметите современ албански јазик, албански јазик и толкување од македонски на албански јазик.

Заблагодарувајќи се за довербата, чест ни е да го доставиме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во весниците "Нова Македонија" и "Коха" на 12.1.2013 година за избор на еден лектор по предметите современ албански јазик, албански јазик и толкување од македонски на албански јазик се пријави Ќани Мемети, долгогодишен лектор по предметот современ албански јазик на Катедрата за албански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.

**Биографски податоци**. Ќани Мемети е роден на 15.9.1953 година во село Црнотинце, Прешевско. Живее и работи во Скопје. Основното образование го завршил во родното место, а средното во прешевската гимназија во 1972 година. Истата година се запишал како редовен студент на Филозофскиот факултет (сега Филолошкиот) во Скопје на групата за албански јазик и книжевност, кадешто дипломирал во 1976 година.

**Наставно-образовна дејност**. По дипломирањето Ќ. Мемети се вработил како професор по албански јазик и книжевност во средноучилишниот образовен центар во Прешево. Во 1977 година се избра за помлад асистент по предметите дијалектологија на албанскиот јазик и историја на албанскиот јазик на Филолошкиот факултет во Скопје. На истото звање беше реизбран и во 1980 година, додека од 1984 до 1995 година ја вршеше должноста библиотекар при Катедрата за албански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.

На истата Катедра во 1995 година, Ќ. Мемети е избран за лектор по предметот албански јазик, а во 2009 во звањето лектор по современ албански јазик. Повеќе години е член на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, а исто така и на неколку комисии и тела на Факултетот. Неколку мандати успешно и совесно ја извршил должноста секретар на Катедрата за албански јазик и книжевност.

Мемети беше ангажиран како локален експерт по албански јазик на проектот "Обука за државни службеници – преведувачи од албански на македонски јазик и обратно (Pace 2)", спроведена од Владата на Република Македонија и Европската унија со деветмесечна обука, спроведена во 2005 и 2006 година.

Во 1993 година со студентите од Катедрата за албански јазик и книжевност реализирал еден драмски проект од албанската поезија, додека во 1994 година по повод 90-годишнината на смртта на албанскиот романтичар Јероним де Рада, како автор и режисер на пиесата ја реализирал драмата „Невестата без вел". Во 1993 година со студентите од Катедрата за албански јазик и книжевност реализирал еден драмски проект од албанската поезија, додека во 1994 година по повод одбележувањето на 90-годишнината на смртта на познатиот албански романтичар Јероним де Рада, како автор и режисер на пиесата ја реализирал драмата "Nusja pa duvak" („Невестата без вело").

Од учебната 2001/2002 година Ќани Мемети беше ангажиран за одржување на наставата по предметот еден балкански несловенски јазик, односно албански како балкански јазик за студентите по етнологија на Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во текот на изминатиот долгогодишен период, во својство на помлад асистент, библиотекар и лектор, кандидатот Ќани Мемети со големо залагање и интерес ги извршуваше своите обврски и задолженија. Редовно беше ангажиран со настава и лекторски вежби по предметот современ албански јазик 1-8 (на групата за превод и толкување за студенти на кои албанскиот не им е мајчин јазик), албански јазик 1 -4 (за студенти од другите студиски групи), како и толкување од македонски на албански јазик.

**Научноистражувачка дејност**. Во текот на изминатиот период, покрај основните работни обврски и задолженија при Катедрата, Ќ. Мемети пројави посебен интерес и за определени јазични прашања од областа на лингвистиката, со посебен осврт врз албанскиот стандарден јазик и во врска со тоа објавил неколку вредни прилози и трудови. Во поголемиот дел на овие трудови кандидатот расветлува прашањеа од науката за јазикот, со посебен акцент врз правописните и правоговорните норми на албанскиот стандарден јазик, прашања од културата на изразување, морфологијата на албанскиот јазик, методички и дидактички аспекти на изучување на албанскиот јазик од ученици и студенти на кои албанскиот не им е мајчин јазик и сл. (види: Прилог 2, Образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање).

**Стручно-апликативна дејност**. Доста успешен и плоден Мемети се покажа во стручно-апликативната дејност, односно во учебникарството. Имено тој досега објавил седум учебници и учебни помагала, еден во ракопис, посветени на изучување на албанскиот јазик од неалбанци: 1. Gjuha shqipe (I); Албански јазик (I), Скопје, 1998. 2. A doni të flitni shqip? II, kurs vazhdues për joshqiptarë me fletore të punës - Сакате ли да зборувате албански? II, учебник со работна тетратка (за неалбанци), Скопје, 2001. 3. Kursi fillestar i gjuhës shqipe (për joshqiptarë) - Почетен курс по албански јазик (за неалбанци), Скопје, 2002. 4. Албански без мака (30+1), Скопје, 2004. 5. Gjuha shqipe me elemente të kulturës shqiptare (për joshqiptarë) - Албански јазик со елементи на албанската култура (за неалбанци) со ЦД, Скопје 2009. 6. Gjuha shqipe në praktikën (për joshqiptarë) - Албански јазик во практика - за неалбанци (За вас се помалку), Скопје, 2009. 7. Bashkëbisedimor shqip – maqedonisht; Албанско – македонски

разговорник, Скопје, 2009. 8. Албански јазик 1 – морфологија на албанскиот јазик (во ракопис).

До сега учебниците од ваков вид недостасувале. Со овие учебници авторот придонесува не само за исполнување на наставно-научната и педагочко-дидактичката должност, туку придонесува и со свои оригинални согледувања и пристапи. Секој од нив претставува посебно наставно-педагошко дело изработено со одговорност, научен критериум, педагошка сериозност и точност, заснован врз најновите достигнувања на албанската лингвистика.

Имено, учебниците на Мемети се педантно обработени, со слики, цртежи и графикони. По структура се поделени на наставни целини, секоја е прецизно дефинирана со своите цели и задачи, а со многу примери, текстови, вежби, задачи и сл. се придонесува за полесно и подобро совладување на материјата. На крајот на одредени учебници е даден богат албанско – македонски речник.

Техничкото помагало – ЦД - дискот (подготвен за едниот учебник) претставува придонес кон учебникот со снимените дијалози и текстови кои им овозможуваат на слушателите да го слушаат правилниот изговор на јазичните елементи. Во услови на самостојно учење, ЦД-дискот претставува неопходно помагало.

Тематските, методско-дидактичките вредности, како и ликовното и графичкото обликување на учебниците се на професионално ниво. Начинот на кој е изложена јазичната материја е соодветен и ја поттикнува мотивираноста на заинтересираните реципиенти во процесот на учењето. Комуникативниот пристап и интеракцијата е основната методолошка рамка врз која се темели материјалот на сите учебници.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Ќани Мемети се истакнува со својата совесност, трудољубивост и сериозност. Тој во досегашното долгогодишно искуство покажа способност за квалитетно изведување на наставно-образовната работа, високостручна подготвеност и особен интерес за предметите за кој конкурира.

Имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје да го избере Ќани Мемети во звањето лектор по предметите современ албански јазик, албански јазик и толкување од македонски на албански јазик.

Рецензентска комисија

1. Д-р Аслан Хамити, редовен професор, с.р.

2. Д-р Ваљбона Тоска, доцент, с.р.

3. Д-р Исмет Османи, доцент, с.р.

АНЕКС 1

**ОБРАЗЕЦ**

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **ЌАНИ МЕМЕТИ**
**Институција:** **Универзитет „Св. Кирил и Методј", Скопје**
**Научна област:** современ албански јазик, албански јазик и толкување од македонски на албански јазик

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | **Назив на активноста:** | Поени |
|---|---|---|
| | ***Одржување на настава*** | |
| | **2007/2008 зимски семестар** | |
| 1 | Современ албански јазик 1 (0+8)<br>(4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 2 | Албански јазик 1 (ИП) (2+0)<br>(2×15=30×0,04)=1,2 | 1,2 |
| 3 | Албански јазик 1 (ИП) (0+2)<br>(2×15=30×0,03)=1,2 | 0,9 |
| 4 | Албански јазик 3 (ИП) (2+0)<br>(2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 5 | Албански јазик 3 (ИП) (0+2)<br>(2×15=30×0,03)=1,2 | 0,9 |
| 6 | Современ албански јазик 7 (0+8)<br>(4×15=60×0,03)=1,8 по семестар | 3,6 |
| 7 | Толкување од македонски на албански јазик 1– (0+4)<br>(4×15=60×0,03=1,8 | 1,8 |
| | **2007/2008 летен семестар** | |
| 8 | Современ албански јазик 2 (0+8)<br>(4×15=60×0,03)=1,8 по семестар | 3,6 |
| 9 | Албански јазик 2 (ИП) (2+0)<br>(2×15=30×0,04)=1,2 | 1,2 |
| 10 | Албански јазик 2 (ИП) (0+2)<br>(2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 11 | Албански јазик 4 (ИП) (2+0)<br>(2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 12 | Албански јазик 4 (ИП) (0+2)<br>(2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 13 | Современ албански јазик 8 (0+8)<br>(4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 14 | Толкување од македонски на албански јазик 2 (0+4)<br>(4×15=60×0,03=1,8) | 1,8 |
| | **2008/2009 зимски семестар** | |
| 1 | Современ албански јазик 2 (0+4)<br>(4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 1,8 |
| 2 | Албански јазик 2 (ИП) (2+0)<br>(2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 3 | Албански јазик 2 (ИП) (0+2)<br>(2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 4 | Албански јазик 4 (ИП) (2+0)<br>(2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 5 | Албански јазик 4 (ИП) (0+2)<br>(2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 6 | Современ албански јазик 8 (0+8)<br>(4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 7 | Толкување од македонски на албански јазик 2 (0+4)<br>(4×15=60×0,03=1,8) | 1,8 |
| | **2008/2009 летен семестар** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Современ албански јазик 2 (0+4) (4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 1,8 |
| 2 | Албански јазик 2 (ИП) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 3 | Албански јазик 2 (ИП) (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 4 | Албански јазик 4 (ИП) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 5 | Албански јазик 4 (ИП) (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 6 | Современ албански јазик 8 (0+8) (4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 7 | Толкување од македонски на албански јазик 2 (0+4) (4×15=60×0,03=1,8) | 1,8 |
| | **2009/2010 зимски семестар** | |
| 1 | Современ албански јазик 2 (0+4) (4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 1,8 |
| 2 | Албански јазик 2 (ИП) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 3 | Албански јазик 2 (ИП) (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 4 | Албански јазик 4 (ИП) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 5 | Албански јазик 4 (ИП) (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 6 | Современ албански јазик 8 (0+8) (4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 7 | Толкување од македонски на албански јазик 2 (0+4) (4×15=60×0,03=1,8) | 1,8 |
| | **2009/2010 летен семестар** | |
| 1 | Современ албански јазик 2 (0+4) (4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 1,8 |
| 2 | Албански јазик 2 (ИП) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 3 | Албански јазик 2 (ИП) (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 4 | Албански јазик 4 (ИП) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 5 | Албански јазик 4 (ИП) (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 6 | Современ албански јазик 8 (0+8) (4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 7 | Толкување од македонски на албански јазик 2 (0+4) (4×15=60×0,03=1,8) | 1,8 |
| | **2010/2011 зимски семестар** | |
| 1 | Современ албански јазик 2 (0+4) (4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 1,8 |
| 2 | Албански јазик 2 (ИП) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 3 | Албански јазик 2 (ИП) (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 4 | Албански јазик 4 (ИП) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 5 | Албански јазик 4 (ИП) (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 6 | Современ албански јазик 8 (0+8) (4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 7 | Толкување од македонски на албански јазик 2 (0+4) (4×15=60×0,03=1,8) | 1,8 |
| | **2010/2011 летен семестар** | |
| 1 | Современ албански јазик 2 (0+4) | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | (4×15=60×0,03)=1,8) семестар | |
| 2 | Албански јазик 2 (ИП) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 3 | Албански јазик 2 (ИП) (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 4 | Албански јазик 4 (ИП) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 5 | Албански јазик 4 (ИП) (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 6 | Современ албански јазик 8 (0+8) (4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 7 | Толкување од македонски на албански јазик 2 (0+4) (4×15=60×0,03=1,8) | 1,8 |
| | **2011/2012 зимски семестар** | |
| 1 | Современ албански јазик 2 (0+4) (4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 1,8 |
| 2 | Албански јазик 2 (ИП) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 3 | Албански јазик 2 (ИП) (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 4 | Албански јазик 4 (ИП) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 5 | Албански јазик 4 (ИП) (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 6 | Современ албански јазик 8 (0+8) (4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 7 | Толкување од македонски на албански јазик 2 (0+4) (4×15=60×0,03=1,8) | 1,8 |
| | **2011/2012 летен семестар** | |
| 1 | Современ албански јазик 2 (0+4) (4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 1,8 |
| 2 | Албански јазик 2 (ИП) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 3 | Албански јазик 2 (ИП) (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 4 | Албански јазик 4 (ИП) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 5 | Албански јазик 4 (ИП) (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| 6 | Современ албански јазик 8 (0+8) (4×15=60×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 7 | Толкување од македонски на албански јазик 2 (0+4) (4×15=60×0,03=1,8) | 1,8 |
| | **Вкупно бодови за одржување на настава:** | **117.6** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | **Назив на активноста:** | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Për ata që duhet të ecin me hapa të parë (gjuhë), Koha, Shkup, 2009. | 2 |
| 2 | A duam (vërtetë) që fëmijët maqedonas ta mësojnë gjuhën shqipe, Shqip, Shkup, 5 shkurt, 2009. | 2 |
| 3 | Nëpërkëmbja e gjuhës shqipe, Lajm, Shkup, 21. 06. 2008. | 2 |
| 4 | Dialog me F. S. Nolin (2), Shqip, Shkup, 7. 02. 2009. | 2 |
| 5 | Kujt i takon gjuha?!, Lajm, Shkup, 25. 12. 2008. | 2 |
| 6 | Ангажиран како локален експерт по албански јазик на проектот "Обука за државни службеници – преведувачи од албански на македонски и обратно (Pace 2)", спроведена од Владата на Р. Македонија и Европската унија со деветмесечна обука, во 2005 и 2006 година. | 3 |
| 7 | Fshati pa qen, macet ladrojnë!, Lajm, qershor 2011. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Reklamat dhe biznesi, Lajm, qershor 2008. | 2 |
| 9 | Demokratët e shekullit XXI!, Zhurnal, prill 2012. | 2 |
| 10 | Shqipja midis traditës dhe modernes, Ins. Alb-shkenca, qershor 2012. | 2 |
| | **Вкупно** | **21** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | **Назив на активноста:** | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Gjuha shqipe me elemente të kulturës shqiptare (për joshqiptarë) - Албански јазик со елементи на албанската култура (за неалбанци) со CD, Скпје 2009 | 8 |
| 2 | Gjuha shqipe në praktikën (për joshqiptarë), Скопје, 2009. | 8 |
| 3 | Bashkëbisedimor shqip – maqedonisht - Албанско-македонски разговорник (во коавторство), Скопје, 2009. | 6 |
| 4 | Рецензент на учебникот "Gjuha shqipe për kl.VI të arsimit fillor nëntëvjeçar (Албански јазик за VI одделение), Министерството за образование и наука на Р. Македонија. | 0, 5 |
| 5 | Албански јазик 1 – морфологија на албанскиот јазик (во ракопис) | |
| | **Вкупно** | **22.5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 117. 6 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 21 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 22.5 |
| **Вкупно поени по сите основи:** | **161.1** |

Рецензентска комисија

1. Д-р Аслан Хамити, редовен професор, с.р.

2. Д-р Ваљбона Тоска, доцент, с.р.

3. Д-р Исмет Османи, доцент, с.р.

**ПРЕГЛЕД НА ПРИЈАВЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ на XXXV СЕДНИЦА одржанана 20.02.2013 година**

| Ред. бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ТЕМА | МЕНТОР |
|---|---|---|---|
| 1. | Тимко Биљарски | Влијанието на малото и лесно оружје врз внатрешните вооружени конфликти и безбедносните импликации | проф. д-р Ванчо Кенков |
| 2. | Ирена Зечевиќ | Парламентарна контрола и надзор над безбедносно-разузнавачката заедница во Република Македонија | проф. д-р Оливер Бакрески |
| 3. | Сенада Муриќ | Човечките ресурси и нивна подготовка за менаџирање на бренд во фармацевтската индустрија | проф. д-р Јован Пејковски |
| 4. | Билјана Василева Трендафилова | Менаџирање и развој на човечки ресурси во медиумите во Република Македонија | проф. д-р Јован Пејковски |
| 5. | Слаѓана Војноска | Полиморфни димензии на наставата во природно-научно програмско подрачје | проф. д-р Снежана Адамческа |
| 6. | Билјана Лазарова | Страст кон студирањето, состојба на тек и академска согореност кај студенти | проф. д-р Елена Ачковска Лешковска |
| 7. | Светлана Миленкова | Улогата на организациската култура врз мотивацијата на вработените од граѓанскиот сектор | проф. д-р Виолета Арнаудова |
| 8. | Ангела Чингоска | Ефикасноста при читањето на глас и во себе кај децата со оштетен слух | проф. д-р Зора Јачова |
| 9. | Јасмина Романова | Универзитетот и е-учење | проф. д-р Зоран Велковски |
| 10. | Емилија Роп | Создавање на дигитални збирки од архивски материјал | проф. д-р Борче Илиевски |
| 11. | Ирена Новаческа | Ризик фактори за појава на пореметување во однесувањето и потребата за превенција и рана интервенција | проф. д-р Зоран Киткањ |
| 12. | Андон Дамовски | Предизвици и придобивки од политиката на условените парични трансфери:национални и меѓународни искуства | проф. д-р Маја Геровска Митев |
| 13. | Марина Јовановска | Модели на волонтирање и нивна примена во Република Македонија | доц. д-р Светлана Трбојевиќ |
| 14. | Дејан Николоски | Заканите на економскиот криминал врз економската безбедност на државите | проф. д-р Митко Котовчевски |
| 15. | Љубе Пауновски | Влијанието на радикалните ставови и однесување на верски план врз перцепциите за мирот во Република Македонија | проф. д-р Лидија Георгиева |
| 16. | Флорија Ибраими | Соработката на Европол и Република Македонија во периодот 2001-2011 | проф. д-р Трајан Гоцевски |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ СТОЧАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08, 103/08 и 26/09), член 42 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања (Универзитетски гласник бр. 138 од 6 јули 2009 година) и член 41 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 115 од 30 март 2009 година), Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 31.1.2013 година, донесе одлука (бр. 0201-240/2) за формирање Рецензентска комисија во состав:

1. д-р Владимир Џабирски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје,

2. д-р Ѓоко Буневски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и

3. д-р Лазо Пендовски, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје,

со задача да напишат реферат за избор на еден *асистент* во научната област *сточарство*.

По внимателното прегледување на доставената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на еден асистент во научната област сточарство, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 13.12.2012 година, се пријавиле кандидатите: Никола Адамов, магистер на науки од областа ветеринарна медицина и Моника Ристевска-Стојановска, м-р на науки од областа на земјоделските науки (група: технолошка микробиологија). Кандидатот Никола Адамов ги има доставено следниве документи: пријава, уверение за завршено високо образование, уверение за завршени постдипломски (магистерски) студии, биографија со список на објавени научни и стручни трудови и копии од трудовите. Кандидатката Моника Ристевска-Стојановска своите документи ги има доставено по истекот на рокот за поднесување на пријава по конкурсот, па затоа нејзината пријава воопшто не е разгледувана. Имено, конкурсот е објавен на 13.12.2012 година со рок за поднесување на документи од осум дена, што било наведено и во самиот конкурс, а кандидатката Ристевска-Стојановска ги има испратено документите со препорачана пошта на 22.12.2012 година, што е евидентно од печатот на Македонски пошти.

## Биографски податоци за кандидатот

Кандидатот м-р Никола Адамов е роден во Скопје на 30.12.1977 година. Основно и средно образование завршил во Скопје, а во 1996 година се запишал на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на којшто во 2002 година дипломирал со просечна оценка 8,63.

Во октомври 2004 година се запишал на магистерски студии на Департманот за ветеринарна медицина при Земјоделскиот факултет во Нови Сад, Република Србија, каде што ги положил сите испити со просечна оценка 9,88 и во јануари 2010 година успешно ја одбранил магистерската теза под наслов „Влијание на нарушената секреција на млечната жлезда кај крави во прва лактација на хигиенската исправност и квалитетот на млекото".

Во меѓувреме бил учесник на повеќе семинари, научни собири, конгреси и обуки, меѓу кои позначајни се:

- XV научен собир на хрватските агрономи со меѓународно учество, 2005 година во Опатија, Р. Хрватска;
- обука во организација на International Centre for Advanced Mediterranean Agronomic Studies (CIHEAM) под наслов "New technologies in Dairy Sheep Production", 2007 година во Виторија-Гастеиз, Шпанија;
- III симпозиум за сточарство со меѓународно учество, 2007, во Охрид, Р. Македонија;
- обука во организација на Canadian Livestock Genetics Association и Alta Genetics под наслов "Dairy goats genetics and management study", 2008 година во Онтарио, Алберта и Квебек, Канада;
- предавање за регионалната манифестација „Ден на одгледувачи на овци и кози", 2009 година во Маврово, Р. Македонија;
- IV меѓународен симпозиум за сточарство, 2009 година во Струга, Р. Македонија.
- практична обука во Лабораторија за генетски истражувања кај животни, 2012 година на Одделот за сточарство при Биотехничкиот факултет во Љубљана, Р. Словенија.

## Наставна дејност

Кандидатот м-р Никола Адамов во март 2006 година е избран во соработничкото звање помлад асистент од научната област сточарство на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Оттогаш активно учествува во изведувањето на практичната настава по предметите сточарство и биостатистика за студентите на овој Факултет. По магистрирањето во 2010 е избран во звањето асистент од областа сточарство.

## Научно-стручна дејност

Од својата досегашна научноистражувачка работа, кандидатот м-р Никола Адамов има објавено вкупно седумнаесет труда од кои два се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 891 од 15.2.2006 година, два во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 958

од 16.2.2009 година, четири во Билтенот бр. 987 од 01.06.2010, а за овој конкурс кандидатот ги доставува следниве девет труда:

*1) Atanasov B, Mickov Lj., Adamov N., Petkov V., Trojacanec P., Ilievska K, Nikolovski M., Dovenski T. (2010): Possibilities for early pregnancy diagnosis in dairy cows on day 21 after artificial insemination. Journal of Animal Science, vol. XLVII (1): 187-190 Sofia , Bulgaria.*

Трудот ги соопштува резултатите од испитувањето на можноста за дијагностика на раниот гравидитет кај кравите, базирана на наодот на јајчниците 21 ден по В/О. Биле испитани вкупно 40 крави од холштајн-фризиска раса, од 2 фарми. Ултразвучниот преглед бил извршен 21 ден по осеменувањето, со употреба на скенер со сонда од 5 MHz. Позитивна дијагноза била поставувана при наод на жолто тело (CL) со добра ехогеничност и големина од најмалку 25 мм, а ако има фоликул да не е поголем од 13 мм. Кога дијанозата била негативна, биле пронајдени: отсуство на жолто тело или жолто тело $\leq$ 21 мм и фоликул со дијаметар $\geq$15 мм. Анализата на резултатите покажала дека општата точност на тестот е висока (75%), со можност да се предвиди гравидитетот и негравидините животни со сигурност од 62.96 % и 100% респективно. Авторите го препорачуваат тестот за практична примена на теренот, без употреба на додатни лабораториски тестови за дијагноза на гравидитетот кај кравите.

*2) Adamov M., Adamov N. (2011): Diagnostic techniques and control strategies for the relevant hereditary diseases of Holstein cattle. Proceedings, Days of veterinary medicine, Skopje.*

Во овој труд авторите прават преглед на најважните наследни заболувања кои се јавуваат во светската популација на говеда од расата Холштајн, со посебен осврт на четири од нив: BLAD, CVM, DUMPS и Citrullinemia. За секое од овие рецесивни-генетски заболувања тие ги опишуваат местото на генетската мутација од бовиниот геном, нивната патолошката импликација и клиничка слика како и начинот на лабораториска дијагностика. Во заклучоците тие ја потенцираат неопходноста од воведување рутински тестови за детекција и искоренување на овие наследни заболувања кај холштајн-говедата во Република Македонија.

*3) Adamov M., Bunevski G., Adamov N. (2011): Morphological and managerial characteristics of the Busha cattle reared in Macedonia and its importance as a genetic resource. RBI 8th Global Conference on the Conservation of the Animal Genetic Resources. Tekirdag, Republic of Turkey.*

Во трудот се опишани фенотипските, производните и репродуктивните карактеристики на македонската автохтона раса буша, начинот на нејзиното одгледување и нејзината вредност како значаен генетски ресурс за унапредување на сточарството во одредени региони од Република Македонија. Во заклучоците авторите ја наведуваат неопходноста од донесување на национална програма за одгледување на оваа раса на говеда во која ќе бидат дефинирани начинот на вкрстување заради подобрување на производните способности, но ја потенцираат

и потребата од одгледување во чиста крв, без мелезење заради *in situ* и *ex situ* зачувување на оваа автохтона раса.

*4) Atanasov B., Dovenski T., Mickov Lj. Nikolovski M., Blagoevska K., Adamov N., Ilieska K. Angelovski Lj. (2011): Introducing the standard anti-mastitis measures for reducing the incidence of clinical and subclinical mastitis in dairy cows – field trial. Clinica Veterinaria Subotica 16-18. June, p: 181-182.*

Во трудот авторите имале за цел да ја намалат зачестеноста на супклиничкиот и клиничкиот маститис преку негова дијагноза, терапија и превенција, потенцирајќи го маститисот како еден од главните фактори за намаленото и неекономично производство кај молзните крави. Извршени биле 2 последователни прегледа на млечната жлезда во период од три месеца со употреба на теренски (CMT) и лабораториски (микробиолошки) методи на вкупно 231 молзна крава и воведени биле антимаститис-мерки. Резултатите покажале намалување на супклиничкиот и клиничкиот маститис од 39% на 5,5 % и од 23% на 1,8% респективно, а како најзастапени причинители на маститис биле дијагностицирани коагулаза негативните стафилококи. Авторите заклучуваат дека со правилна употреба на стандарните антимаститис-мерки може значително да се намали зачестеноста на супклиничките и клиничките воспаленија на млечната жлезда, со што се отстранува нивното негативно влијание врз квалитетот на млекото.

*5) Atanasov B., Lj. Mickov, I. Esmerov, P. Trojacanec, K. Ilievska, N. Adamov, T. Dovenski (2012): Ultrasound observation of ovarian dynamic in dairy cows with true postpartum anoestrus after treatment with different doses of eCG. Book of proceedings, Days of veterinary medicine 2012.*

Во овој труд авторите имале за цел да ги следат промените на јајниците после третман со различни дози на eCG кај анестрични крави со дијагностицирани нефункционални јајници. Како нефункционални јајници биле класифицирани оние јајници каде што ултразвучно не може да се детектира функционално жолто тело, со присуство на фоликули < 10 мм и концентрација на прогестерон <0.5 ng/мл. Врз основа на горенаведениот критериум, во ова истражување биле вклучени 23 крави поделени во три групи во зависност од аплициранаата доза на eCG. Дневно, ултразвучно се мереле големините на фоликулите, степенот на нивен раст, времето на одговор од терапијата, број на овулации на ниво на крава, како и големината на жолтото тело, деветтиот ден по овулација. Резултатите покажале дека повторното воспоставување на циклична активност настанало кај 25% од грлата од 1. група; 75% од 2. група и 42,85% кај контролната група. Просечната големина на доминантниот фоликул изнесувала 14,6 мм кај 1. група, 15,3 мм кај 2. група и 16,3 мм кај контролната група. Просечниот раст на фоликулите бил 1,29 мм/ден, 1,4 мм/ден и 0,9 мм/ден кај 1. група, 2. група и контролната група, респективно. Кравите третирани со 1000 IU и 750 IU реагирале побрзо во однос на контролната група. Појавата на мултипната овулација била поголема кај група 2 во просек за 2,1 овулации на ниво на крава. Врз база на добиените резултати авторите заклучуваат дека третманот со повисоки дози на eCG кај крави со вистински анеструс поттикнува повторна оваријална активност, проследена со овулација. Но, поради високата застапеност

на мултипната овулација и можноста за појава на висок степен на близнење, авторите избраниот третман со eCG не го препорачуваат како метод за употреба во млечното говедарство.

*6) Esmerov I., B. Atanasov, N. Adamov, K. Blagoevska, V. Stojkovski (2012): Microsatellite genome characterization of the gray wolf in Republic of Macedonia. Book of proceedings, Days of veterinary medicine 2012.*

Во оваа студија авторите ја карактеризираат генетската варијабилност на 26 примероци ДНК од популацијата на сиви волци во Македонија преку анализа на 10 микросателитски локуси. По екстракцијата на ДНК, секој од овие полиморфни локуси е амплифициран со специфичен пар прајмери а продуктот е анализиран на полиакриламиден гел. Нивото на полиморфност, односно степенот на информативна вредност на секој од овие локуси авторите го определуваат преку бројот на алели, нивната големина во базни парови, фреквенцијата на најзастапениот алел и преку споредување на очекуваната и добиената хетерозиготност. Врз база на вредностите добиени за овие параметри, авторите заклучуваат дека сите опфатени 10 локуси се високоинформативни во оваа популација на животни и можат да бидат користени во популациони студии засновани на генетски маркери, но и дека генетската варијабилност кај сивиот волк во Р. Македонија е релативно ниска што укажува на фактот дека во минатото кај овој вид немало вкрстување со други слични животински специеси како што е кучето.

*7) Adamov N., L. Pendovski, I. Esmerov, Lj. Mickov, M. Adamov (2012): Potentials of molecular genetics for improvement of livestock production in Republic of Macedonia. Book of proceedings, Days of veterinary medicine 2012.*

Направен е преглед на неколку различни можности за примена на молекуларно-генетски техники во програмите за одгледување на фармски животни со посебен нагласок на нивниот потенцијал за забрзување на генетскиот прогрес кај овие врсти на животни. Авторите наведуваат дека некои од поважните апликативни можности на оваа технологија се во областа на сексирање на ембриони пред имплантација, идентификација на „фримартин јуници", детекција на хетерозиготни носители на мутации, тестирање на родителство, мапирање на локуси за квантитативни својства и геномска селекција на приплоден добиток. Во трудот се опишани и основните карактеристики на генетските маркери како што се микросателитските и „SNP" полиморфните региони, како и нивната примена во студиите за анимална генетика и геномика. Секоја од овие области е детално разработена при што се наведени најновите достигнувања во светски рамки за на крајот авторите да ги изнесат своите размислувања и препораки за примена на овие молекуларно-генетски техники за унапредување на сточарството во Република Македонија.

*8) Mickov Lj., T. Dovenski, V. Petkov, B. Atanasov, N. Adamov, M. Nikolovski, K. Blagoevska, S. Tomeska - Mickova (2012): Distribution of the spermatozoa subpopulations in cryopreserved boar semen. Book of proceedings, Days of veterinary medicine 2012.*

Во оваа студија авторите истражувале различни квалитативни параметри кај сперма од нерези со цел изнаоѓање на оптимална метода за криопрезервација. За таа цел тие прават споредба помеѓу различните субпопулации на сперматозоиди кај течна разредена сперма од нерези како и помеѓу разликите кои произлегуваат при замрзнување со два различни крио-протоколи. Во лабораторија со CASA анализа вкупно биле испитани 713 ејакулати добиени од 19 нерези од три различни раси (Ландрас, Јоркшир и Дурок). Со помош на оваа анализа сите сперматозоиди од еден ејакулат може според брзината на движење да бидат групирани како брзи, средно-брзи, бавни и неподвижни. Статистичката анализа на добиените резултати покажала дека криопрезервацијата на семето од нерези значително го намалува бројот на подвижни сперматозоиди а го зголемува бројот на неподвижните, а исто така утврдени се и значителни разлики помеѓу двата начина на замрзнување.

*9) Pacinovski N., N. Kozarovski, B. Palasevski, E. Eftimova, N. Mateva, G. Cilev, J. Stojkovic, N. Adamov (2012): Results of several factors influence on daily milk production in Awassi breed in Macedonia. Book of abstracts, V International Symposium of Livestock Production, Skopje, R. Macedonia.*

Кај вкупно 170 овци од расата аваси испитувани се неколку производни својства, во текот на четири производни години за кое време се реализирани вкупно 1130 лактациски контроли, кај овци на возраст од прва до единаесета лактација. Сите податоци се анализирани со помош на мултифакторијален фиксен модел. Резултатите покажале дека речиси сите испитувани фактори (година, лактација, месец на јагнење, месец на млекоконтрола, број на млекоконтрола) освен плодноста имале високо сигнификантно влијание врз дневната млекопродукција кај испитуваната популација на овци. Највисоко дневно производство на млеко е утврдено кај овците во 8-ма, а најниско кај оние во 11-та лактација. Аналогно на ова, овците од истата возраст произвеле најголема, односно најмала количина на маст. При утврдувањето на влијанието на лактацијата се потврдил фактот дека расата аваси го задржува нивото на висока и стандардна млекопродукција до поодмината возраст.

## Заклучок и предлог

Врз основа на доставената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Никола Адамов:

- дипломирал на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје;
- ги положил сите испити од постдипломските студии со просечна оценка 9,88 и успешно ја одбранил магистерската теза на Земјоделскиот факултет во Нови Сад, Р. Србија, со што се стекнал со академски назив магистер по ветеринарна медицина (диплома бр. 852 од 19.2.2010 година);
- досега има објавено (како прв автор или како коавтор) вкупно седумнаесет труда, од кои за овој избор доставува девет труда;

- има посетувано обуки во Шпанија од областа на овчарското производство и во Канада од областа на козарското производство;
- бил на двонеделна практична обука во Лабораторијата за генетски истражувања кај животни на Одделот за сточарство при Биотехничкиот факултет во Љубљана, Р. Словенија.

По внимателното прегледување на целокупната документација, Рецензентската комисија донесе заклучок дека кандидатот м-р Никола Адамов ги исполнува сите услови пропишани во конкурсот, поседува соодветно образование како и научни, стручни и педагошки компетенции потребни за избор во ова звање, и поради тоа има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје да му предложи да го избере овој кандидат во звањето асистент во научната област сточарство.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Владимир Џабирски с.р.

Проф. д-р Ѓоко Буневски с.р.

Доц. д-р Лазо Пендовски с.р.

# ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Ивана Костовска | Начелото на совесност и чесност во трговското и договорното право | проф.д-р Димитар Гелев |
| Наташа Трпковска | Заштита на лични податоци во банките | проф.д-р Димитар Гелев |
| Зоран Стефановски | Корпоративното управување на банките во Република Македонија | проф.д-р Димитар Гелев |
| Мартин Зафировски | Поим и видови осигурување | проф.д-р Димитар Гелев |
| Елена Трајковска | Развој на пазарот на осигурување во Република Македонија, со посебен осврт на животното осигурување | проф.д-р Димитар Гелев |
| Милош Цветковиќ | План за реорганизација во стечајна постапка | проф.д-р Димитар Гелев |
| Сања Мишева | Причинување на штета и надомест на причинетата штета | проф.д-р Димитар Гелев |
| Симона Марковска | Вредносни ограничувања кај јавните набавки и нивното влијание врз постапката | доц.д-р Александар Климовски |
| Љупка Илиева | Проблемите на корпоративното управување во акционерското друштво во трензиционите економии, со посебен осврт на проблемите на корпоративното управување во Република Македонија | доц.д-р Александар Климовски |
| Теа Малахова | Односи помеѓу органите во стечајната постапка | проф.д-р Горан Коевски |
| Тања Поповска | Раскинување на договорите според Законот за облигациони односи | проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска |
| Андреа Апостолска | Развод на брак во македонското и во споредбеното право | доц.д-р Ангел Ристов |

| | | |
|---|---|---|
| Кирил Георгиев | Права на градежно земјиште | проф.д-р Родна Живковска |
| Љупчо Јанковски | Постапка во стопанските спорови | проф.д-р Арсен Јаневски |
| Дијана Јаневска | Владението како граѓанско-правен институт | проф.д-р Родна Живковска |
| Драган Петрушевски | Правен режим на експропријацијата според Законот за експропријација од 2012 година | проф.д-р Родна Живковска |
| Цветанка Крстевска | Планирањето на просторот како предуслов за градење | проф.д-р Родна Живковска |
| Ана Лазаревска | Големината на нужниот дел во македонското и во споредбеното право | доц.д-р Ангел Ристов |
| Јасмина Бошковска | Специфичните дејствија на двострано-обврзувачките договори во Законот за облигационите односи на Република Македонија и на земјите во регионот | проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска |
| Дорина Ѓорчева | Деловите од човековото тело како ствари | доц.д-р Тина Пржеска |
| Невенче Љубеновска | Вонбрачната заедница во македонското право | доц.д-р Ангел Ристов |
| Деспина Ефтимова | Причини за ништовност на договорите и правни последици од ништовноста во Законот за облигациони односи и компаративното право | проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска |
| Горан Кочински | Споредбено правни аспекти на безбедноста на храната во потрошувачкото право на Република Македонија со меѓународните правила и прописи, особено со правилата на Европската унија | проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска |
| Емилија Сиљаноска | Условување и орочување на облигационите договори во домашното право и во меѓународните извори на договорното право | проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска |
| Катерина Бошковска | Оданочување на е-трговија | проф.д-р Весна Пендовска |
| Александар Шулев | Банкарски дејности | проф.д-р Димитар Гелев |
| Филип Куковски | Користење на стварните права во банкарското работење | проф.д-р Димитар Гелев |

| | | |
|---|---|---|
| Виктор Димитров | Правни последици од задоцнетото плаќање на рата за кредит | проф.д-р Димитар Гелев |
| Филип Петровски | Инвестициски фондови – отворен ти | проф.д-р Димитар Гелев |
| Зоран Ваљаков | Правна регулација на лековите | проф.д-р Димитар Гелев |
| Тања Николова | Предности и недостатоци на финансирање преку лизингот, како алтернатива на класичното кредитирање | доц.д-р Јован Зафироски |
| Фросина Димитриевска | Македонска банка за поддршка на развојот – повластено кредитирање за унапредување на стопанството | доц.д-р Јован Зафироски |
| Катерина Данаилова | Улогата на клириншкиот интербанкарски систем во функционирањето на платниот промет во Република Македонија | доц.д-р Јован Зафироски |
| Јасмина Салковиќ | Спречување на перењето пари преку банкарски трансакции | доц.д-р Јован Зафироски |

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Ана Гоговска | Поврзаноста помеѓу компјутерскиот криминал и заштита на правата од интелектуална сопственост (The Link Between Cybercrime and the Protection of Intellectual Property Rights) | **проф.д-р Никола Тупанчески** |
| Маја Димитриевиќ | Економска вредност на индустриски дизајн | **проф.д-р Владо Бучковски** |
| Ана Пепељугоска | Заштита на правата од интелектуална сопственост на социјалните мрежи (Protection of Intellectual Property Rights on Social Media) | **проф.д-р Тони Дескоски** |
| Калин Митрески | Значењето на Сертификатната Трговска Марка во законодавството на Република Македонија (The importance of the Certification Trademarks in Macedonian Legislation) | **проф.д-р Гоце Наумовски** |
| Ангела Ристеска | Елементите на музичките дела и нивната авторскоправна заштита: со посебен акцент на влијанието на дигиталната технологија (Elements of Musical Works and Their Copyright Protection: With Emphasis on the Influence of the Digital Technology) | **доц.д-р Ненад Гавриловиќ** |
| Кристина Наунова | Компаративна анализа на | **проф.д-р Валентин** |

| | | |
|---|---|---|
| | патентниот систем поставен со Европската Патентна Конвенција наспроти Комунитарниот патентен систем (Comparative Analysis of the Patent System Established by the European Patent Convention vis-à-vis the Community Patent System) | **Пепељугоски** |
| Нина Ставреска | Права на интелектуална сопственост и меѓународен трансфер на технологии во земјите во развој и земјите во транзиција (Intellectual Property Rights and the International Transfer of Technology in Developing Countries and Transition Countries) | **доц.д-р Александар Стојков** |
| Симона Димовска | Анализа на сајберквотингот на социјалните мрежи" (Analyses of Social Media Cybersquatting) | **проф.д-р Гоце Наумовски** |
| Ефто Пејовски | Правни и економски аспекти на трговските марки во угостителската дејност | **доц.д-р Александар Стојков** |
| Ѓорѓи Јанакиев | Влијанието на правата од интелектуална сопственост врз софтверската индустрија во Европската унија | **доц.д-р Александар Стојков** |
| Дана Петреска | Авторските права и интернетот | **проф.д-р Димитар Гелев** |
| Ивана Јевтиќ | Патентибилност на софтвер со посебен осврт на Соединетите Американски Држави (Patenting Software with Review of the United States of America) | **проф.д-р Гоце Наумовски** |
| Живка Костовска | Value of the Evidences in | **проф.д-р Гоце** |

| | | |
|---|---|---|
| | Establishing a Well-known Status of Trademarks in Administrative procedures and Civil Court Procedures | **Наумовски** |
| Иво Костовски | Имплементација на WCT и WPPT договорите во националното законодавство (Implementation of WCT and WPPT into national legislature) | **проф.д-р Гоце Наумовски** |
| Анастазија Анастасовска | Споредбено правни аспекти на нетрадиционалните трговски марки (Comparative Legal Aspects of the Non-traditional Trademarks) | **доц.д-р Ненад Гавриловиќ** |

## П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Бранка Марковиќ | Мултикултурализмот и основните вредности на етосот (The multiculturalism and the basic values of ethos) | **доц.д-р Дејан Донев** |
| Катерина Касовска | Политички коалиции во Република Македонија | **проф.д-р Тања Каракамишева Јовановска** |
| Јован Ѓорговски | Париска комуна | **проф.д-р Гордана Силјановска Давкова** |
| Вилма Јанева | Електронски парламент | **проф.д-р Рената Дескоска** |
| Маја Трпковска | Кривични дела против државата во римското право | **проф.д-р Гоце Наумовски** |
| Марија Трајческа | Улогата на државата во создавањето на функционална и конкурентна пазарна економија во Евроинтегративниот процес | **проф.д-р Ванчо Узунов** |

# П Р Е Г Л Е Д
## на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
## Наставно-научен совет – 26.02.2013 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Димитар Здравевски | Реформи во Министерството за здравство во Република Македонија | Д-р Борче Давитковски |
| Златко Кујунџиски | Техники на преговарање при конфликти – случаите на Дејтонскиот мировен договор и Охридскиот рамковен договор | Д-р Љубомир Фрчкоски |
| Александар Кузески | Опции за мирно решавање на Косовскиот спор | Д-р Љубомир Фрчкоски |
| Татјана Стојкова | Против-мерките како одговор на повреда на обврска според меѓународното право | Д-р Сашо Георгиевски |
| Снежана Тодоровска | Улогата на меѓународните организации во Косовската војна | Д-р Татјана Петрушевска |
| Ангелина Јаначковска | Надомест на штета на лица неосновано или незаконито лишени од слобода | Д-р Гордан Калајџиев |
| Симона Митровска | Казненоправната одговорност на нотарите во Република Македонија | Д-р Никола Тупанчески |
| Викторија Милеска | Казненоправна заштита на правата од индустриска сопственост со посебен осврт на член 285 од КЗМ – Повреда на права од индустриска сопственост и неовластена употреба на | Д-р Никола Тупанчески |

| | | |
|---|---|---|
| | туѓа фирма | |
| Андриана Димитровска | Положбата на малолетниците вклучени во проституција како жртви | Д-р Гордана Бужаровска |
| Марија Арсова | Заштита на домот од неовластени претреси и влегувања | Д-р Гордан Калајџиев |
| Сања Димеска | Разграничување помеѓу тортура, нехуман и деградирачки третман во практиката на Европскиот суд за човекови права | Д-р Гордан Калајџиев |
| Тања Томашевска | Шизофренијата како основ за исклучување на вината во казненото право | Д-р Никола Тупанчески |
| Христина Темелкова | Казната затвор и сузбивањето на современите форми на криминалитетот – дилеми и перспективи | Д-р Никола Тупанчески |
| Дамјан Бучковски | Перење пари и други приноси од казниво дело – во теоријата и практиката | Д-р Никола Тупанчески |
| Теодора Кипровска | Злоупотребата на лажното претставување на социјалните медиуми како кривично дело | Д-р Никола Тупанчески |
| Симона Николовска | Учеството на повеќе лица во извршувањето на кривичните дела: силување и родоскврнавење – актуелни прашања и дилеми | Д-р Никола Тупанчески |
| Стефан Тасевски | Даночно затајување во теоријата и практиката | Д-р Никола Тупанчески |
| Катерина Митевска | Феноменолошки карактеристики на кривичните дела против животот и телото во Република Македонија со посебен осврт на | Д-р Александра Груевска Дракулевски |

| | | |
|---|---|---|
| | подрачје на Основен суд Тетово | |
| Слободанка Георгиевска | Извршување на смртната казна компаративни аспекти | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Елена Солева | Утврдување на непресметливоста кај зависниците од наркотични дроги и психитропни супстанции за време на апстиненцијална криза и кривични дела што најчесто ги вршат во таква состојба | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Виктор Славески | Стандардите за судско медицинските вештачења според видот и елементите на извршеното кривично дело | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Ана Ѓоргиевска | Абортусот и казненоправните импликации од споредбеноправна перспектива | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Сања Давидовиќ | Казниви дела во областа на репродуктивните технологии (со посебен осврт врз сурогат мајчинството и ектогенезата) | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Милена Михајлоска | Лишувањето од слобода и неговата противправност | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Анастасија Николиќ | Концептот на непресметливост во казненото право | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Искра Ивановска | Кривични дела против имотот воопшто, имотните права и интереси (со посебен осврт врз кривичните дела измама, изнуда и уцена) | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Ивана Богојевиќ | Кривични дела во сферата на нарко- | Д-р Александра Деаноска |

| | | |
|---|---|---|
| | криминалитетот во судската пракса на Република Македонија | Трендафилова |
| Наташа Велковска | Омисивните кривични дела во македонскиот кривичен законик | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Борче Костовски | Семејното насилство како квалификаторен елемент на казненото дело | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Јасна Андреевска | Положбата на адвокатот според Законот за малолетничка правда | Д-р Гордана Бужаровска |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНИКОТ "ВОВЕД ВО МЕДИЦИНАТА" ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со членовите 15 – 19 од Правилникот за организација на издавачката дејност на Универзитетот во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, по предлог на Одборот за издавачката дејност на Факултетот, на XV редовна седница одржана на 20.12.2012 година, донесе Одлука за определување на рецензенти за рецензирање на ракописот за учебник под наслов "Вовед во медицината" од авторот проф. д-р Дончо Донев, како што следува:

1. академик проф д-р Момир Поленаковиќ
2. проф. д-р Елисавета Стикова
3. проф. д-р Матко Марушиќ.

Врз основа на оваа Одлука, во врска со текстот на учебникот кој го примив околу средината на јануари 2013 година по пошта, како рецензент го доставувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Учебникот "Вовед во медицината", од авторот проф д-р Дончо Донев, има широка содржина и дава теоретско знаење за историскиот развој и основните концепти и аспекти на медицината како наука, вештина и уметност, и на здравствената заштита, нивната улога, задачи и социјални функции во минатото и сегашноста. Вклучени се содржини за потеклото и еволуцијата на болестите и здравствените проблеми, детерминантите на здравјето, природниот тек на болеста и модерниот концепт на здравствената заштита како широк спектар на мерки групирани во три нивоа на превенција. Учебникот ќе им овозможи на студентите на почетокот на медицинските студии за да се стекнат со знаења и соодветни ставови за одговорностите и општествената улога на лекарите и другите здравствени работници, како и правилно да ја разберат улогата и социјалната функција на медицината и здравството. Исто така, книгата нуди содржини со кои студентите треба да бидат запознаени во врска со специфичностите на медицинската професија и реформата на медицинската едукација, видовите медицински и здравствени податоци и информации во ерата на "информатичката револуција", основните принципи на медицинската етика и новите предизвици во медицината, како и содржината и карактеристиките на клиничката и психолошка медицина.

Учебникот ќе им овозможи на студентите да се запознаат со основните принципи и цели на организацијата и функциите на здравствениот систем

како целина и одделните области и дисциплини во медицината и здравството. Исто така, студентите ќе можат да бидат запознаени со потребите и можностите за специјализација и континуираниот професионален развој во ерата на брз развој на медицинската наука и технологија, и да ги подготви за предизвиците на професијата "доктор", која е тешка, бара многу одрекувања и напорна работа, но таа е интересна, возбудлива и, пред сѐ, хумана.
Материјалот е подготвен на вкупно 106 страници текст, а текстот содржи три табели, 5 слики, 4 шеми и литература со 69 модерни и релевантни библиографски референци.
Автор на учебникот е проф. д-р Дончо Донев, редовен професор по социјална медицина на Катедрата за социјална медицина при Медицинскиот факултет во Скопје.
Предметот *вовед во медицината и медицински професии* се одвива во прва година на студии во првиот семестар како задолжителен предмет со 30 часа (2 ЕКТС) за студентите по медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.
Наставната програма за предметот *вовед во медицината и медицински професии* за студентите по медицина на Медицинскиот факултет во Скопје вклучува содржини од полето на историскиот развој на медицински мисла и медицинската наука се до денешната официјална научна медицина, знаења и дефиниции за здравјето и здравствената заштита, специфичностите на медицинската едукација и на лекарската професија, како и за основните принципи на организацијата на здравствениот систем.
Учебникот "Вовед во медицина" содржи поглавја, теми и содржини кои внимателно се избрани во согласност со наставната програма за предметот *вовед во медицината и медицински професии*, и првенствено е наменет за студентите по медицина. Содржините на учебникот целосно се совпаѓаат со наставната програма за овој предмет, и разработени се во вкупно четири дела:

I. Вовед во медицината, разбирање и дефиниција на здравјето и здравствената заштита
II. Специфичностите на медицинската едукација и лекарската професија
III. Основните принципи на организацијата на здравствениот систем и здравствената заштита
IV. Упатство за подготовка на семинарски трудови и стручно-научни трудови.

Во првата глава, "Вовед во медицината, разбирања и дефиниции за здравјето и здравствената заштита", разработени се следниве содржини во 7 потпоглавја:

1. Дефиниција, задачи и поделба на медицината
2. Научна, алтернативна и народна медицина и надрилекарство
3. Концепти и дефиниции за човековото здравје
4. Детерминанти на здравјето - најважни фактори кои дејствуваат на здравјето
5. Клучни фактори во социјалната средина и здравјето на луѓето
6. Како настанува болест и природна историја на болеста

7 Современ концепт и дефиниција на здравствената заштита.

Втората глава, "Специфичности на медицинската едукација и на лекарската професија", содржи четири потпоглавја со релевантни содржини:

1. Услови за добар студент на медицина и добар лекар
2. Патот до и низ медицинската професија
3. Реформа на медицинска едукација
4. Принципи на медицинската етика и етички дилеми во јавното здравје и здравствената заштита.

Третата глава, насловена како "Основни принципи на организацијата на системот на здравствената заштита", ги содржи следниве девет потпоглавја:

1. Стратегија на СЗО "Здравје за сите"
2. Нивоа во системот на здравствената заштита
3. Промоција на концептот на примарната здравствена заштита
4. Ниво на примарната здравствена заштита
5. Ниво на секундарната здравствена заштита
6. Ниво на терцијарната здравствена заштита
7. Клиничка медицина
8. Психолошка медицина
9. Медицински и здравствени податоци и информации.

Последната, четврта глава, "Насоки за подготовка на семинарски труд", е особено важна за научната ориентација и натамошниот тек на студиите за секој студент, а се однесува на теоретските и практични знаења за техниките и правилата за изработка на семинарски труд, како и за подготовка на ракопис за објавување во стручно-научно списание со рецензија. Оваа глава е разработена во следниве четири потпоглавја:

1. Изработка на семинарски труд
2. Изработка на стручно – научен труд
3. Труд поврзан со јавноздравствената практика и организацијата на здравствената заштита на населението и / или одредени специфични групи на население
4. Цитирање на референците.

Учебникот "Вовед во медицината" ќе биде примарен учебник за предметот *вовед во медицината и медицински професии* за студентите по медицина на Медицинскиот факултет во Скопје. Материјалот е целосно во согласност со содржината на наставната програма на соодветниот предмет. Содржините на учебникот ќе бидат достапни и корисни за студентите од другите медицински факултети и институции за високо образование во областа на биомедицината во Република Македонија, како и за студентите на постдипломски студии на медицинските и други сродни факултети. Исто така, содржините може да бидат корисни за лекарите на специјализација од превентивните медицински дисциплини, семејната медицина и другите клинички специјалности, како и за различни профили на експерти кои работат во областа на јавното здравје.

Учебникот е современо конципиран, напишан е на јасен и разбирлив јазик, поткрепен со податоци кои ја илустрираат и документираат тематиката што се појаснува со релевантни факти и примери од практиката.

## ЗАКЛУЧОК

Учебникот "Вовед во медицината", од авторот проф. д-р Дончо Донев, ги исполнува сите професионални и педагошки критериуми, а неговата содржина ќе им овозможи на студентите да се запознаат со историскиот развој и основните концепти и аспекти на медицината и здравството, како и нивните улоги, задачи и општествена функција во минатото и сегашноста, поделбата и единството на медицината, нејзиниот однос кон традиционалната медицина, алтернативната медицина и народната медицина. Исто така, студентите ќе имаат можност да се здобијат со знаења и правилни ставови во врска со општествената улога на медицината и здравствената заштита, кон докторите и другите здравствени професионалци со цел правилно да ги разберат нивните должности и улоги, со посебен акцент на важноста на лекарот во зачувувањето и унапредувањето на здравјето на луѓето, превенција и рано откривање на болестите, благовремено лекување и рехабилитација на болните и повредените.
Со посебно задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да продолжи со постапката за печатење на овој ракопис како учебник за предметот *вовед во медицината и медицински професии*.

Рецензент

1.2.2013 година
Сплит

Проф. Матко Марушиќ с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНИКОТ „ВОВЕД ВО МЕДИЦИНАТА“ ЗА СТУДЕНТИ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ДОНЧО ДОНЕВ

Врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на УКИМ, во врска со член 15 – 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот, Наставно – научниот совет постапувајќи по предлогот на Одборот за издавачка дејност на Факултетот, на својата XV редовна седница одржана на 20.12.2013 година, донесе одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија на доставениот материјал за печатење на учебник под наслов „Вовед во медицината“ од авторот проф. д-р Дончо Донев, во состав:

1. академик проф. д-р Момир Поленаковиќ
2. проф. д-р Елисавета Стикова
3. проф. д-р Матко Марушиќ.

Врз основа на оваа Одлука, а во својство на рецензент, го поднесувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Текстот доставен за рецензирање со наслов „Вовед во медицината” од авторот проф. д-р Дончо Донев претставува прво издание на првиот учебник по предметот *вовед во медицината и медицински професии*, кој според наставниот план на Медицинскиот факултет во Скопје се одвива во првиот семестар на додипломската настава од студиската програма по медицина, со фонд на часови од 1+1, т.е. вкупно 30 часа. Содржината и обемот на овој учебник е во согласност со наставната програма за предметот за кој се однесува.

Овој учебник, покрај студентите по медицина, можат да го користат и студентите на тригодишните стручни студии на високите медицински школи на Медицинскиот факултет во Скопје, но и на другите сродни факултети, а може да послужи и како дополнителна литература за студентите по јавно здравство. Учебникот може да претставува корисен извор на информации и за експертите од практиката на кои им се потребни информации за историскиот развој на медицинската мисла кај нас и во светот, за детерминантите на здравјето, за медицинската едукација или за организацијата на системот на здравствена заштита.

Учебникот „Вовед во медицината " се состои од 103 страници компјутерски обработен текст, поделен во во 4 поглавја, со вкупно 24 поднаслови, конципирани и прикажани во согласност со содржината на предметната програма. Во текстот се презентирани 5 шематски прикази, 3 табели и 5 слики. Литературата со вкупно 70 библиографски единици е прикажана на крајот од учебникот и се однесува за сите поглавја содржани во учебникот.

Во согласност со наставната програма на Медицинскиот факултет во Скопје, во учебникот „Вовед во медицината", содржините се презентирани во следниве поглавја:

I. Вовед во медицината, сфаќање и дефиниции за здравјето и здравствената заштита
II. Специфичности на медицинската едукација и лекарската професија
III. Основни принципи на организацијата на системот на здравствената заштита
IV. Насоки за изготвување семинарски труд и стручно-научен труд.

Првото поглавје, „Вовед во медицината, сфаќање и дефиниции за здравјето и здравствената заштита", се состои од 7 поднаслови и вкупно 25 тематски единици во кои се дава осврт на дефиницијата, задачите и поделбата на медицината, приказ на научната, алтернативната, народната медицина и надрилекарството, даден е концептуален пристап кон дефинициите за здравјето на човекот со анализа на детерминанти на здравјето и најзначајните фактори кои дејствуваат врз здравјето со нагласка на факторите на социјалната средина, а прикажан е и современ концепт и дефиниција на здравствената заштита од аспект на примарната, секундарна и терцијарна превенција.

Второто поглавје, „Специфичности на медицинската едукација и лекарската професија", се состои од 4 поднаслови во кои авторот дава осврт на условите за добар студент на медицина и добар лекар на патот до и низ лекарската професија, а говори и за реформите на медицинската едукација, прикажувајќи ги основите на медицинската етика и етичките дилеми во јавното здравје и здравствената заштита.

Третото поглавје, „Основни принципи на организацијата на системот на здравствената заштита", се состои од 9 поднаслови во кои авторот се осврнува најнапред на стратегијата на СЗО „Здравје за сите", а понатаму следува детална анализа на нивоата во системот на здравствената заштита, со приказ на концептот на примарната здравствена заштита и нејзината поделба со опсегот на активности. Понатаму следува опис на структурата, значењето и улогата на секундарната и терцијарната здравствена заштита, но и улогата на клиничката медицина. Посебен осврт е даден на значењето на медицинските и здравствени податоци и

информации како клучни елементи во следењето на здравствената состојба на населението, но и планирањето и креирањето на здравствената заштита и здравствената политика.

Четвртото поглавје, „Насоки за изготвување семинарски труд и стручно-научен труд", е особено значајно затоа што во ова поглавје авторот во вкупно 4 поднаслови и 7 тематски единици дава приказ на тоа како се изработува и пишува семинарски, стручно-научен и/или труд поврзан со јавноздравствената практика и организација на здравствената заштита на населението и на одделни специфични групации од населението. Посебно заслужува интерес податокот дека во ова поглавје се дава приказ на основните технички правила за пишување и правилата за цитирање на референците во различни печатени форми (списанија, книги и монографии или одделни поглавја во нив, цитирање на електронски материјал и слично).

## ЗАКЛУЧОК

Високошколскиот учебник „Вовед во медицината", од авторот проф. д-р Дончо Донев, претставува прв учебник по предметот *вовед во медицината и медицински професии,* кој со фонд од 30 часа (1+1) е дел од наставниот план за додипломски студии на УКИМ – Медицински факултет – Скопје, насока за општа медицина.

Учебникот според својата содржина и обем соодветствува на наставната програма за овој предмет и ги задоволува стручните и педагошко-дидактички критериуми, овозможувајќи им на студентите да ги усвојат основните знаења предвидени со наставните содржини од споменатиот предмет. Пристапот избран за презентација на наставните содржини изобилува со податоци од историјата на медицината и опишува различни пристапи во развојот на медицинската мисла и практика во светот и кај нас.

Поради тоа, со задоволство му предлагам на Наставно – научниот совет на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје да ја продолжи постапката за печатење на овој ракопис во форма на високошколски учебник по предметот *вовед во медицинатаи медицински професии* од авторот проф. д-р Дончо Донев.

19.2.2013 год. | Рецензент

Скопје | Проф. д-р Елисавета Стикова с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „ВОВЕД ВО МЕДИЦИНАТА" ЗА СТУДЕНТИТЕ НА МЕДИЦИНА ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по предлог на Одборот за издавачката дејност на Факултетот, а во согласност со член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот и со членовите 15 - 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ во Скопје, на XV редовна седница одржана на 20.12.2012 година, донесе Одлука за одредување рецензенти за пишување на рецензија на ракопис за учебник под наслов **Вовед во медицината**, од авторот: проф. д-р Дончо Донев, во состав:

1. академик проф. д-р Момир Поленаковиќ
2. проф. д-р Елисавета Стикова
3. проф. д-р Матко Марушиќ

Врз основа на оваа Одлука, во својство на рецензент на ракописот за учебник, го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Понудениот ракопис за учебник со наслов „Вовед во медицината", од авторот проф. д-р Дончо Донев, е прв од ваков вид учебници во Р. Македонија. Содржината е комплексна и правилно систематизирана во повеќе посебни тематски целини кои даваат теоретски знаења за историскиот развој и основните поими и аспекти на медицината како дејност, наука, вештина и уметност, како и на здравствената заштита (историски, социјален, етички и др.), и нивната улога, задачи и општествена функција во минатото и сегашноста, како и за поделбата и единството на медицината, нејзиниот однос кон традиционалната, алтернативна и народна медицина и надрилекарство. Вклучени се содржини за потеклото и еволуцијата на болестите и здравствените проблеми, за детерминантите на здравјето, природниот тек на болеста и современото сфаќање на здравствената заштита како широк спектар на мерки распределени во три нивоа на превенција. Исто така, учебникот нуди содржини со кои студентите треба да се запознаат со специфичностите на лекарската професија и реформите на медицинската едукација, видовите медицински и здравствени податоци и информации во ерата на „информатичката револуција", основните принципи на медицинската етика и новите предизвици во медицината, како и содржините и карактеристиките на клиничката и психолошката медицина. Учебникот ќе овозможи студентите да се запознаат и со основните принципи и цели на организацијата и функциите на системот на здравствената заштита во целина и одделни подрачја и дисциплини во медицината и здравствената заштита. Исто така, студентите ќе можат да се запознаат и со потребите и можностите за специјализации и континуирано стручно усовршување, во ерата на брзиот развој на медицинската наука и технологија, и да се подготват да се соочат со предизвиците на професијата "лекар", која е тешка, бара многу одрекување и напори, но истовремено е интересна, возбудлива и, пред сè, хумана.

Понудениот ракопис за учебник е изготвен на вкупно 106 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman со македонска поддршка, големина на фонтот 11, без проред. Текстот е систематизиран во четири тематски поглавја согласно со содржините на предметната програма. Во текстот се содржани 3 табели, 5 слики, 4 шеми и литература со вкупно 69 релевантни и современи библиографски единици.

Автор на учебникот е проф. д-р Дончо Донев, редовен професор по социјална медицина на Катедрата за социјална медицина при Медицинскиот факултет во Скопје, кој е еминентен стручњак со богато повеќедецениско педагошко искуство. Учебникот го подготвил во својство на одговорен наставник за предметот *вовед во медицината и медицински професии* од 2005/2006 академска година кога Медицинскиот факултет во Скопје започна со имплементација на европскиот кредит-трансфер систем согласно со Болоњската декларација и во новата наставна програма е внесен овој предмет како посебен задолжителен предмет за студентите на медицина во I година на студии.

Наставата по предметот *вовед во медицината и медицински професии* се одвива во првата студиска година, во првиот семестар како задолжителен предмет со 30 часа (2 кредити) за студентите на медицина при Медицинскиот факултет во Скопје. Наставната програма по овој предмет вклучува содржини од областите на историскиот развој на медицината и јавното здравје низ вековите до денешната модерна и официјална научна медицина, за сфаќањата и дефинициите за здравјето и неговите детерминанти, природниот тек на болеста и современиот концепт и дефиниција на здравствената заштита, начелата за организација и нивоата во системот на здравствената заштита, специфичностите на медицинската едукација и лекарската професија, приправничкиот стаж и стручниот испит, специјализациите и супспецијализациите и континуираното медицинско усовршување, етиката во медицината и јавното здравје и медицинските информации во системот на здравствената заштита.

Учебникот „Вовед во медицината" содржи поглавја, теми и содржини кои внимателно се избрани во согласност со наставната програма по предметот *вовед во медицината и медицински професии,* и е наменет, во прв ред, за студентите на медицина. Содржините на учебникот целосно се совпаѓаат со наставната програма по овој предмет и се разработени во вкупно 4 поглавја:

I. Вовед во медицината, сфаќање и дефиниции за здравјето и здравствената заштита
II. Специфичности на медицинската едукација и лекарската професија
III. Основни принципи на организацијата на системот на здравствената заштита
IV. Насоки за изготвување семинарски труд и стручно-научен труд.

Во првото поглавје, „Вовед во медицината, сфаќање и дефиниции за здравјето и здравствената заштита", се разработени следните содржини во 7 потпоглавја:

1. Дефиниција, задачи и поделба на медицината
2. Научна, алтернативна и народна медицина и надрилекарство
3. Концепти и дефиниции за здравјето на човекот
4. Детерминанти на здравјето - најзначајни фактори кои дејствуваат врз

здравјето,

5. Најважни фактори на социјалната средина и здравјето
6. Како настанува болест и природен тек на болеста
7. Современ концепт и дефиниција на здравствената заштита.

Второто поглавје, „Специфичности на медицинската едукација и лекарската професија", содржи 4 потпоглавја со соодветни содржини:

1. Услови за добар студент на медицина и добар лекар
2. Патот до и низ лекарската професија
3. Реформи на медицинската едукација, Единбуршка декларација и болоњски процес
4. Основи на медицинската етика и етички дилеми во јавното здравје и здравствената заштита.

Третото поглавје со наслов „Основни принципи на организацијата на системот на здравствената заштита", ги содржи следниве 9 потпоглавја:

1. Стратегија на СЗО „Здравје за сите"
2. Нивоа во системот на здравствената заштита
3. Промоција на концептот на примарната здравствена заштита
4. Ниво на примарната здравствена заштита
5. Ниво на секундарната здравствена заштита
6. Ниво на терцијарната здравствена заштита
7. Клиничка медицина
8. Психолошка медицина
9. Медицински и здравствени податоци и информации.

Последното, четврто поглавје „Насоки за изготвување семинарски труд" е особено важно за научната ориентација и натамошниот тек на студиите на секој студент и иден лекар и се однесува на теоретски и практични сознанија за техниките и правилата во изработка на семинарска работа, како и подготовка на труд за објавување во стручно-научно списание со рецензија. Поглавјето е распределено во 4 потпоглавја:

1. Изработка на семинарски труд
2. Изработка на стручно-научен труд
3. Труд поврзан со јавноздравствена практика и организација на здравствената заштита на населението и/ или на одделни специфични групации од населението
4. Цитирање на референците.

Учебникот „Вовед во медицината" ќе претставува основен учебник по предметот *вовед во медицината и медицински професии* за студентите на медицина при Медицинскиот факултет во Скопје. Материјалот целосно е во согласност со содржината на предметната наставна програма. Учебникот ќе им овозможи на студентите, на самиот почеток на студиите по медицина, да стекнат сознанија и правилни ставови за одговорноста и општествената улога на лекарите и другите здравствени работници и правилно да ги сфатат улогата и општествената функција на медицината и здравствената заштита.

Содржините на учебникот ќе бидат достапни и корисни и за студентите на другите медицински факултети и високообразовни институции од областа на биомедицината во Р. Македонија, како и за студентите во постдипломските студии на медицинските и други сродни факултети. Исто така, содржините може да се

корисни и за лекарите на специјализација од превентивните медицински дисциплини, семејната медицина и другите клинички специјалности, како и за разни профили на стручњаци кои работат во областа на јавното здравје.

Учебникот е современо конципиран, пишуван на јасен и разбирлив јазик, поткрепен со податоци кои ја илустрираат и документираат тематиката што се објаснува со соодветни факти и примери од практиката.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за учебник со наслов „Вовед во медицината", од авторот проф. д-р Дончо Донев, ги задоволува сите стручни и педагошко-дидактички критериуми и со своите содржини овозможува студентите да се запознаат со историскиот развој и основните поими и аспекти на медицината и на здравствената заштита и нивната улога, задачи и општествена функција во минатото и сегашноста. Исто така, студентите ќе може да стекнат сознанија и правилни ставови за општествената улога на медицината и здравствената заштита, на лекарите и другите здравствени работници, со цел правилно да ги сфатат нивните задачи и улога, со посебен акцент на значењето на лекарот во чувањето и унапредувањето на здравјето на луѓето, превенцијата и раното откривање на болестите, благовременото лекување и рехабилитација на болните и повредените.

Со посебно задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да ја продолжи постапката за печатење на ракописот како учебник со наслов **Вовед во медицината** по предметот *вовед во медицината и медицински професии.*

Рецензент

5.2.2013 год.
С к о п ј е

Акад. проф. д-р Момир Поленаковиќ с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТИТУЛАТА ПОЧЕСЕН ДОКТОР (DOCTOR HONORIS CAUSA) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ НА АКАДЕМИК ПРОФ. Д-Р ВИКТОР АНТОНОВИЧ САДОВНИЧИЈ

Согласно со чл. 297 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, проф. д-р Велимир Стојковски, на заедничката седница на Комисијата за настава, Комисијата за наука и Комисијата за соработка со универзитетите во странство ја поднесе иницијативата и образложениот предлог за доделување на титулата почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на академик проф. д-р Виктор Антонович Садовничиј, ректор на Московскиот државен универзитет „М.В. Ломоносов" во знак на признание за развојот на математичките науки и соработката меѓу Московскиот државен универзитет „М.В. Ломоносов" и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Врз основа на предлогот на ректорот, а согласно со чл. 144 од Законот за високото образование и чл. 297 од Статутот на Универзитетот, на заедничката седница на Комисијата за настава, Комисијата за наука и Комисијата за соработка со универзитетите во странство одржана на 2.11.2012 година, се донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Никита Шекутковски, проф. д-р Новак Ивановски и проф. д-р Љупчо Настовски, која согласно со законските прописи и универзитетските правила треба да изготви Извештај и да го достави до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за доделување на титулата почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на академик проф. д-р Виктор Антонович Садовничиј.

Врз основа на разгледувањето на доставениот материјал, чест ни е да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Академик проф. д-р Виктор Антонович Садовничиј** е ректор на Московскиот државен универзитет „Ломоносов". Постојан член е на Руската академија на науките, Математички оддел - Секција за компјутерски науки и применета математика (од 1997 год., а дописен член е од 1994 год. Член е на Бирото на Руската академија на науките, Математички оддел (од 1996 год.), како и член на Президиумот на Руската академија на науките (од 1996 год.).

**Академик проф. Виктор Антонович Садовничиј** е роден на 3 април, 1939 год. во Краснопавловка, во регионот на Харков. Го започнал својот работен век во 1956 год., во рудникот Комсомолец (Горловка, Регион Доњецк). Ги завршува студиите по математика на Московскиот државен универзитет, Факултет за механика и математика во 1963 год. Во 1967 год. Виктор Садовничиј се стекнал со степенот кандидат - доктор по физика и математика. По завршувањето на постдипломските студии, Садовничиј останал да работи на Московскиот државен универзитет (МГУ), прво како асистент, доцент, професор и заменик декан за академски истражувања на Факултетот за механика и математика, а потоа и како раководител на катедрата за функционална анализа и примени при Факултетот за математика и кибернетика (1981-1982). Во 1973 год. му е доделена наградата „Ломоносов" на Московскиот државен универзитет

Тој е доктор по физика и математика од 1974 год. и професор од 1975 год. Бил раководител на Катедрата за математичка анализа при Факултетот за математика и механика во периодот од 1982 до 1988 год , прв проректор (1980-1982), проректор за академски истражувања на факултетите за природни научки (1982-1984) и шеф на Институтот за математички истражувања на комплексни системи при МГУ (1995 год.). Виктор Антонович е и основач на Секцијата за космолошка геонаука при Природно - научниот музеј.

Повеќе од 30 години Виктор Садовничиј држи предавања по основните математички курсеви како математичка анализа и функционална анализа, на Факултетот за математика и механика, и е основач и раководител на Московскиот семинар по спектрална теорија (1967). Виктор Антонович е истакнат експерт од областите: математика, механика и компјутерски науки. Неговите истражувачки активности се фокусирани на математичко моделирање и математичките методи за обработка на информации. Има значаен придонес во развојот на спектралната теорија на диференцијалните оператори со резултати што се значаен дел на области од модерната функционална анализа. Под негово менторство се развиени бројни математички методи за обработка на космички информации што имаат придонес во напредокот во дешифрирањето (препознавањето на слики) од космичките надгледувања. Има придонес и во математичката оправданост на некои аспекти од релативистичката теорија на гравитација, како и во развојот на нови пристапи при анализирањето на комплексни процеси - динамичка симулација на контролирани летови и движења, специјално, управување со вселенски бродови и летечки објекти. Тој е автор на математичката логистика за симулаторите, што овозможи, за првпат во историјата на науката за вселената, да се направи од почеток до крај симулациско моделирање на сите фази од космичкиот лет, вкучително и фазата на нулта гравитација. Овие симулатори беа употребени во предлет - тренингот на повеќе од 50 руски и странски астронаути.

Академик проф. д-р Виктор Садовничијј има спроведено и истражувања во математичката теорија на комплексните системи - една од најзначајните области од модерните природни науки, но истовремено и тешка во математичка смисла. Тој бил супервизор на истражувачкиот проект „Контрола на движење при сензорски проблеми во микрогравитација и информациска поддршка на максимално визуелна стабилизација на контрола на квалитетот на космички објекти", за што е одликуван со руската државна награда во 2001 год.

Академик проф. д-р Виктор Садовничиј бил ментор на истражувачи од поранешна Југославија, Бугарија, Алжир, Египет и други земји, и тоа на 65 магистерски трудови и 15 докторски дисертации. Тој е автор на повеќе од 330 академски публикации, вклучувајќи и 60 монографии и учебници што се ползуваат на универзитетите во Русија, но и надвор од неа како што се учебниците по теорија на оператори (неколку изданија), книгите по математичка анализа, како и две книги со проблеми од натпреварите по математика за студенти.

Неговите публикации, исто така ги вклучуваат и познати монографии како што се: „Математички проблеми на динамичка симулација"(1995) и „Спектрална анализа на мулти честичка со Шредингеров оператор".

**За ректор на Московскиот државен универзитет** е избран од академскиот одбор на МГУ на првите демократски избори за ректор на 23 март 1992 год. На следните избори (1996, 2001 и 2005) бил реизбиран. За време на неговиот мандат, Московскиот државен универзитет доби статус на автономна високо образовна институција (1992), а катедралата „Св.Татјана" беше повторно отворена (1995).

Беа формирани и следниве нови факултети и единици на МГУ: Факултет за фундаментална медицина (1992), Факултет за јавна администрација (1993), Висока школа за бизнис администрација (2001), Факултет за уметности (2001), Факултет за биоинженерство и биоинформатика (2002), Факултет за глобална политика (2003),

Висока школа за превод и интерпретација (2004), МГУ-Школа за економија (2004), Факултет за физика и хемија (2006), Школа за бизнис администрација (2005), Висока школа за администрација и иновации (2006), Висока школа за државна ревизија (2006), Висока школа за иновациски бизнис (2006), Висока школа за телевизија (2006) Висока школа (факултет) за модерни општествени науки (2006), Иновационо-технолошки центар „Научен парк на МГУ" (1992), Академско-истражувачки музеј на историјата на МГУ (1993), Институт за математичко истражување на комплексни системи (1995). Отворени се и следниве универзитетски единици: кампус на МГУ во московската област во Черноголовка (1997) (Факултет за физика и хемија од 2006), Црноморски кампус на МГУ во Севастопол (1999), Казахстански кампус на МГУ во Астана (2000), Кампус на МГУ во Ташкент (Узбекистан, 2006), Кампус на МГУ во Баку (Азербејџан, 20089), Кампус на МГУ во Душанбе (Таџикистан, 2009), Оддел за вселенска геонаука во музејот за геонауки (науки за планетата Земја); 100 нови катедри, научни центри и институти за нови ветувачки и просперитетни научни области, претставништва на МГУ во Кина, САД и Швајцарија; изградена е новата зграда на Основната библиотека на МГУ (2005), а во тек е и изградбата на Универзитетскиот научен медицински истражувачки центар и три модерни образовни згради.

За посебно одбележување е тоа што, академик проф. д-р Виктор Антонович Садовничиј, како ректор на МГУ со свое лично залагање, дава огромен придонес за долгогодишното успешното функционирање на лакторатот по македонски јазик на Московскиот државен универзитет „М.В. Ломоносов“.

**Носител е на многубројни општествени функции** поврзани со науката, академскиот живот, но и пошироко: претседател на Московското друштво на истражувачи на природата (2000); претседател на француско-рускиот центар за применета математика и ИТ технологија „А.М. Љапунов“; член на комисијата за државјанства на претседателот на Руската Федерација (РФ) (1993); член на Советот за руски јазик на претседателот на РФ (1995).; член на претседателскиот совет за научно-техничка политика (1995).; член на Научниот совет при Советот за безбедност на РФ; член на претседателскиот совет за наука, технологија и образование (2004); член на претседателскиот совет за примена на национални проекти со врвен приоритет и за демографска политика (2005).; претседател на Сојузот на руски ректори (1994), кој обединува повеќе од 700 ректори на руски универзитети и други високообразовни установи; претседател на Евроазиската асоцијација на универзитети (1992); член на Постојаниот комитет на Конференцијата на европски ректори; заменик претседател на Постојаната комисија на UNESCO во Русија.

**Членство во академии на науки.** Постојан член е на: Руската академија за природни науки (1990), Академијата за технолошки науки (1991), Академијата за креативност (1992), Руската академија за ракетни и артилериски науки (1997), академик и вице- претседател на меѓународната академија на високи школи (1992), Меѓународната астронаутска академија (1998), Извршниот комитет на Европската академија (1998).

Почесен член е на: Украинската национална академија за науки, Грузиската академија за науки, Руската академија за образование, Руската ликовна академија, надворешен член на Националната академија за науки на Казахстан (2005) и многу други национални академии.

**Почесен доктор и професор е на многу руски и меѓународни универзитети.** Почесен доктор е на: Поморскиот меѓународен универзитет „М. В. Ломоносов“ (1994), Рускиот универзитет за дружба на народите (1995), Доктор на Државниот универзитет во Ростов (врачен му е Орден „За заслуги пред Универзитетот“, 2005), Амурскиот универзитет (1995), Монголскиот државен универзитет (1992), Универзитетот во Сока (Јапонија, 1992), Универзитетот во Истанбул (Турција, 1993), Универзитетот во Црна Гора (Црна Гора, 1994), Виетнамскиот национален универзитет (1997), Универзитетот

за меѓународни програми SUNY (САД, 1998), Универзитетот во Ташкент (Република Узбекистан, 1994), Белорускиот државен универзитет (Република Белорусија, 1995), Самаркандскиот државен универзитет (2002), почесен доктор на технички науки на Универзитетот во Токаи (Јапонија), почесен доктор на Универзитетот во Нотингем (2005).

Почесен професор е на: Кубанскиот државен универзитет (2006), Саратовскиот државен општествено-економски универзитет (2006), Државниот универзитет во Баку (2006), Универзитетот во Чељабинск (1999), Универзитетот во Томск (2004), Универзитетот во Сока (Јапонија, 1998), Државниот казахстански национален универзитет Ал-Фараби (1998), почесен член на Меѓународните институти Солвај (Белгија, 1998), професор на Меѓународната академија за маркетинг и менаџмент;

**Член е на уредувачките одбори** на многу водечки руски и меѓународни академски списанија за математика и компјутерски науки, меѓу кои и во „Билтен на МГУ, Серија: Математика. Механика", „Трудови од семинарите „И. Г. Петровски"", „Компјутерски науки и образование".

**Носител е на многубројни награди и признанија.** Награден е со ордените: Орден за труд „Црвено знаме"(1980, 1986), како и Орден за заслуги кон татковината од трет (1999), втор (2005) и четврт (2009) ред.

Награден е со ордените на Руската православна црква: Орден „Свети благоверен кнез Даниил Московски" од втор ред (1997), Орден „Свети Инокентиј" од втор ред, Орден на московскиот и коломенскиот митрополит (1999), како и Орден на преподобниот Сергеј Радоженски од втор (2002) и прв (2009) ред.

Добитник е на медали: „За херојски дела. Во чест на 100 години од раѓањето на В. И. Ленин" (1970), Златен медал со името на М. В. Келдиш за низа работи на спектралната теорија на оператори, Сребрен медал на Изложбата на СССР за национални достигнувања (1980), Мемориjален медал „Автор на најдобро научно достигнување" (Руска академија за природни науки, 1990), Златен медал со името на „Лев Николаев"

Добитник е на бројни меѓународни награди: Командант на Легијата на честа (Франција, 1997), Орден на Легијата на честа (Франција, 2005), Орден „За заслуги" од прв, втор и трет ред (Украина), Орден „Франциск Скорина" (Белорусија), Орден „Достик" (Казахстан, 1998), Орден „Данакер" (Киргистан, 2003), Орден „За заслуги во дипломатската служба" (Кореја, 2004), Златна почесна декорација „Општествено признание" (2003), Орден на изгрејсонцето (Јапонија, 2008), јубилеен медал по повод 60-годишнината на Кина за „забележителен удел во развојот на руско-кинеските односи" во областа на образованието и културата (2009), Орден „Барис" од трет ред (Казахстан, 2011)

Лауреат на: Државната награда на СССР (1989), Државната награда на Руската Федерација (2001), Владината награда на Руската Федерација во областа на образованието (2006, 2011), Владината награда на Руската Федерација во областа на науката и техниката (2011), Претседателската награда за мир и духовна хармонија (Казахстан, 1998), Државната награда на Република Казахстан (2004). Објавена благодарност на претседателот на Руската Федерација за подготовка и спроведување на првиот Форум на творечка и научна интелигенција на ЗНД (2006).

Доделени му се и: општествената награда „Народна величина" – Орден „Одговорност и благородништво" од прв ред за особени заслуги во научно-образовната сфера и социјално одговорна дејност (2006), Почесна награда „Иван Калита" на Московската трговска комора (2008), Одличје „За заслуги пред Москва" (2009), Меѓународната награда на Андреј Првозвани „За вера и верност" за активно содејство за зајакнување на позицијата на рускиот систем на високо образование во светското универзитетско општество и огромен личен придонес во воспитанието и подготовката на висококвалификувани кадри (2009).

Избран е за почесен граѓанин на Москва (2008) и за почесен граѓанин на Краковската област (2011).

Виктор Садоничиј е оженет и е татко на три деца.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

За Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, голема чест е да се има академик проф. д-р Виктор Антонович Садовничиј во своите редови. Со доделувањето на титулата почесен доктор (doctor honoris causa), Универзитетот ќе добие врвен стручњак од областа на математичките науки, афирмиран научник, искусен едукатор и докажан пријател на нашиот Универзитет и Република Македонија.

Врз основа на гореизнесеното имаме голема чест и задоволство да му предложиме на Сенатот на Универзитетот да му ја додели титулата почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на академик проф. д-р Виктор Антонович Садовничиј.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Никита Шекутковски, редовен професор, с.р.
на Институтот за математика,
Природно-математички факултет, УКИМ

Д-р Новак Ивановски, редовен професор, с.р.
во пензија, на Институтот за математика,
Природно-математички факултет, УКИМ

Д-р Љупчо Настовски, вонреден професор, с.р.
на Институтот за математика,
Природно-математички факултет, УКИМ

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ ОНКОЛОГИЈА СО РАДИОТЕРАПИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 20.12.2012 година, донесе решение за **избор на еден наставник во сите звања** по предметот **онкологија со радиотерапија** и формира Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Лилјана Манева Костовска
2. проф. д-р Снежана Смичкоска
3. проф. д-р Владимир Ќаев
4. проф. д-р Лилјана Спасевска
5. доц. д-р Симонида Црвенкова

На конкурсот објавен на 24.11.2012 година во весникот „Утрински весник", се пријави д-р Валентина Крстевска.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставените документи од пријавената кандидатка, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го предложи следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Д-р Валентина Крстевска е родена на 30.4.1958 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование со одличен успех по сите предмети. Дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје на 22.12.1983 година со среден успех 9,92.

Во Институтот за радиотерапија и онкологија е вработена од јули 1985 година. Стручниот испит го положила во ноември 1985 година. Специјализацијата по радиотерапија ја започнала во ноември 1987 година, а специјалистичкиот испит го положила во ноември 1990 година и се стекнала со звањето специјалист по радиотерапија.

За асистент по предметот радиологија била избрана во 1992 година, а изборот бил потврден во 1995 година, додека во 1999 година била реизбрана за асистент по предметот онкологија со радиотерапија.

Во ноември 2002 година го одбранила јавниот труд со наслов: „Анализа на акутните реакции на мукозата при зрачната терапија на планоцелуларниот карцином на ларинксот, орофаринксот и хипофаринксот".

Во ноември 2006 година ја одбранила докторската дисертација со наслов: „Влијанието на различните методи на зрачно фракционирање и на прогностичките фактори врз прогнозата и преживувањето кај карциномите на

ларинксот, орофаринксот и хипофаринксот“, со што се здобила со титулата доктор на медицински науки.

Активно се користи со англискиот, италијанскиот и српскиот јазик.

## Наставно-образовна дејност

По изборот во звањето асистент, во периодот од 1992 до 2000 година, д-р Валентина Крстевска активно била вклучена во изведувањето на практичната настава по предметот радиотерапија за студентите на Вишата школа за рендген-техничари. Од 1994 година до 2007 година активно била вклучена во практичната настава по предметот онкологија со радиотерапија за студентите на општа медицина.

По заминувањето во пензија на проф. д-р Цвета Толевска, во учебната 2010/2011 година и 2011/2012 година активно била вклучена во теоретската настава по предметите: физиотерапија во онкологија за студентите на Високата школа за физиотерапевти; радиотерапија, онкологија и радиобиологија за студентите на Високата школа за радиолошки технолози; онкологија со радиотерапија и фамилијарна медицина за студентите на општа медицина и здравствена нега на онколошки болни со онкологија за студентите на Високата школа за стручни медицински сестри.

Во февруари 1998 година престојувала во Ротердам, Холандија, каде што го посетила курсот во организација на European Society for Therapeutic Radiology and Oncology (ESTRO): „Принципи и практика при планирањето на третманот во радиотерапијата“. Во октомври 1999 година престојувала во Гдањск, Полска, каде што присуствувала на курсот: „Базична клиничка радиобиологија“ во организација на ESTRO. Има учествувано и на курсеви организирани од Здружението на лекари по оториноларингологија при Македонското лекарско друштво, како и на повеќе стручни состаноци главно од областа на оториноларингологијата.

Еден е од авторите на учебникот: „Радиотераписка онкологија“, издаден во 2002 година и коаватор е на „Упатства за практикување на медицина заснована на докази“.

Има спроведувано менторска настава под покровителство на Меѓународната агенција за атомска енергија насочена кон усовршување на лекари-специјалисти од странство во примената на дводимензионалната радиотерапија, како и на тродимензионалната конформална радиотерапија.

## Научноистражувачка дејност

Д-р Валентина Крстевска активно учествува во научноистражувачката работа на Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија. Научноистражувачката работа главно и е насочена кон клиничките истражувања од областа на малигните тумори на главата и на вратот. Учесник е во изведбата на повеќе меѓународни истражувачки проекти и главен научен истражувач е во рамките на Меѓународниот координиран истражувачки проект спонзориран од Меѓународната агенција за атомска енергија. Д-р Валентина Крстевска беше учесник во тимот за имплементација на QUATRO-проектот во кој беше вклучен Институтот за радиотерапија и онкологија со Меѓународната

агенција за атомска енергија во Виена, под раководство на проф. д-р Снежана Смичкоска, и со кој тогашниот Институт за радиотерапија и онкологија се здоби со референцата „центар на екселенција“ според експертизата од екипа на меѓународни експерти.

Автор е на поглавје за хипофарингеален карцином во монографија за карциноми на главата и на вратот објавена во странство.

При досегашните избори и резбори за асистент, рецензирани се 14 трудови објавени во Билтенот на УКИМ во Скопје. Автор е на 25 нерецензирани трудови и коавтор на 17 нерецензирани трудови.

Има одржано 5 пленарни предавања на научни/стручни собири, а со свој реферат има учествувано на неколку научни/стручни собири.

## Стручно-апликативна дејност

По положувањето на специјалистичкиот испит по радиотерапија, д-р Валентина Крстевска беше назначена за раководител на отсек на Одделението за малигни тумори на главата и на вратот во 1992 година, а како раководител на Одделението за малигни тумори на главата и на вратот беше назначена во октомври 1998 година и таа функција сѐ уште ја извршува. Како главна преокупација на нејзината работа е спроведувањето на третман на пациентите со малигни тумори на главата и на вратот.

Поаѓајќи од потребата за правилно спроведување на радиотерапијата кај оваа категорија пациенти, по инсталацијата на единицата за телекобалт терапија во февруари 1999 година, ја има воведено методата на примена на фолии означена како „Метода на проекција на зрачното поле“, а неопходна за спроведување на зрачењето при користење на агли на ротација на главата на телекобалт машината од 90 и 270 степени. Оваа метода беше прифатена и користена за спроведување на зрачењето на ирегуларните полиња на телекобалт машината кај сите онколошки болни во текот на изминатите 13 години.

По инсталацијата и почетокот на работата на апаратот за 2-Д симулација во мај 2002 година, зема активно учество во имплементацијата на работата при дводимензионалното планирање на радиотерапијата на карциномите на главата и на вратот.

По започнувањето на работата на новата акцелераторска линија во февруари 2004 година, беше вклучена во едукацијата на кадрите во Институтот за примена на новата техника на зрачење и активно учествуваше во имплементирањето на тродимензионалната конформална радиотерапија. За потребите за едукација на специјализантите по радиотерапија, како и за помош при работата на специјалистите-радиотерапевти, има изготвено протокол за работа при 3-Д конформалната радиотерапија кај карциномите на главата и на вратот.

Активно беше вклучена како дел од тимот во реализацијата на мегапроектот со Меѓународната агенција за атомска енергија за воведување на интензитетно модулираната радиотерапија во третманот на малигните заболувања и оваа техника, почнувајќи од 12 мај 2011 година, е применета кај 5 пациенти со планоцелуларен орофарингеален карцином лекувани на Одделението за малигни тумори на главата и на вратот.

Како резултат на повеќето индексирани публикации од областа на главен интерес на д-р Валентина Крстевска, беше поканета како рецензент на трудови во индексирани странски списанија со фактор на влијание.

Д-р Валентина Крстевска е член на Лекарската комора на Македонија и на Здружението на лекари по оториноларингологија на Македонија. Од април 2012 година ја извршува функцијата претседател на Здружението на радитераписки онколози на Македонија во рамките на Македонското лекарско друштво.

# ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Валентина Благоја Крстевска
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Медицински факултет - Скопје
(назив на факултет/институт)
**Научна област:** онкологија со радиотерапија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста: Одржување на настава од прв циклус студии** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Вкупниот број на одржани предавања во зимскиот семестар 2010/2011 година изнесува 28, а просечниот број предавања неделно (28/15) изнесува 1,87, што значи дека бодирањето е: 15*1,87*0,04=1,122 поени. Вкупниот број на одржани предавања во летниот семестар 2010/2011 година изнесува 32, а просечниот број предавања неделно (32/15) изнесува 2,13, што значи дека бодирањето е: 15*2,13*0,04=1,278 поени. Вкупниот број на одржани предавања во зимскиот семестар 2011/2012 година изнесува 28, а просечниот број предавања неделно (28/15) изнесува 1,87, што значи дека бодирањето е: 15*1,87*0,04=1,122 поени. Вкупниот број на одржани предавања во летниот семестар 2011/2012 година изнесува 25, а просечниот број предавања неделно (25/15) изнесува 1,67, што значи дека бодирањето е: 15*1,67*0.04=1,002. Вкупниот број поени е: 1,122++1,278+1,122+1,002=4,524. | 4,524 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Одржување на вежби** | **Поени** |
| 1. | Вежби по предметот радиотерапија: во учебните 1992/1993, 1993/1994, 1994/1995 и 1995/1996 и 1996/1997, одржани по 3 вежби неделно во двата семестра, што значи дека за тие 10 семестри бодирањето е: 10*15*3*0,03=13,5 поени; во учебните 1997/1998, 1998/1999 и 1999/2000, одржани по 3 вежби неделно, но само во тек на еден семестар, што значи дека за | 40,05 |

| | | |
|---|---|---|
| | тие 6 семестри бодирањето е: 6*15*3*0.03=8,1 поен.<br>Вежби по предметот онкологија со радиотерапија: во зимскиот семестар на учебните 1994/1995, 1995/1996, 1996/1997 и 1997/1998 одржани по 5 вежби неделно, што значи дека за тие 4 семестри бодирањето е: 4*15*5*0,03=9 поени; во зимскиот семестар на учебните 1998/1999, 1999/2000 и 2000/2001 одржани по 3 вежби неделно, што значи дека за тие 3 семестри бодирањето е: 3*15*3*0,03=4,05 поени.<br>По официјалното престанување на функцијата асистент во 2001 година, одржувала вежби по предметот онкологија со радиотерапија во зимскиот семестар во учебните 2001/2002, 2002/2003, 2003/2004, 2004/2005, 2005/2006 и 2006/2007 година, и тоа по две вежби неделно, што значи дека за тие 6 семестри бодирањето е: 6*15*2*0.03=5,4 поени.<br>Вкупниот број поени за практична настава е: 13.5+8.1+9+4.05+5.4=40,05 | |
| **Ред. Број** | **Назив на активноста: Настава во школи и работилници** | **Поени** |
| 1. | Курс: European Society for Therapeutic Radiology and Oncology/International Atomic Energy Agency (ESTRO/IAEA) Training Course on Principles and Practice in Radiotherapy Treatment Planning, Rotterdam, The Netherlands, 15-19 February 1998 - учесник. | 1 |
| 2. | Курс: European Society for Therapeutic Radiology and Oncology (ESTRO) Teaching Course in Basic Clinical Radiobiology, Gdansk, Poland, 17-21 October 1999 – учесник. | 1 |
| 3. | Курс: Асоцијација по оториноларингологија: „Трет курс по отологија на тема тимпанопласитики“, Скопје, 28-29 април 2011 – учесник. | 1 |
| 4. | Курс: Здружение на лекари по оториноларингологија при Македонското лекарско друштво: „Прв курс за ринопластика“, одржан на 26 и 27 мај 2011 во Универзитетската клиника за уво, нос и грло во Скопје – учесник. | 1 |
| 5. | Стручен состанок на тема: „Акутна глувост по MUMPS“, акредитиран од Лекарската комора на Македонија, 30 октомври, 2009 година – учесник. | 1 |
| 6. | Стручен состанок на тема: „Третман на дишен пат“, акредитиран од Лекарската комора на Македонија, 20 октомври, 2009 година – учесник. | 1 |
| 7. | Стручен состанок на тема: „Инфекции на горните респираторни патишта“, акредитиран од Лекарската комора на Македонија, 4 декември 2009 година – учесник. | 1 |
| 8. | Стручен состанок на тема: „Реинкранација на куркумин во модерната медицина базирана на докази“, акредитиран од | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Лекарската комора на Македонија, 20 октомври 2010 година – учесник. | |
| 9. | Стручен состанок на тема: „Метаболен синдром“, акредитиран од Лекарската комора на Македонија, 2010 година – учесник. | 1 |
| 10. | Стручен состанок на Научното здружение за гастроентерохепатологија на Република Македонија, акредитиран од Лекарската комора на Македонија, 28 јануари 2011 година – учесник. | 1 |
| 11. | Стручен состанок на Македонското здружение на пластични, реконструктивни, естетски хирурзи, акредитиран од Лекарската комора на Македонија, 29 март 2012 година – учесник. | 1 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | **Поени** |
| 1. | Коавтор на учебникот„Радиотераписка онкологија“, издаден во 2002 година | 6 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Ментор и едукатор на здравствена едукација** | **Поени** |
| 1. | Ментор на кандидатот д-р Оргес Спахиу, специјалист-радиотерапевт од Тирана, Албанија, во текот на неговиот престој во траење од 6 месеци (1 октомври 2007 – 31 март 2008 година) како стипендист на Меѓународната агенција за атомска енергија (обука за тродимензионална конформална радиотерапија*15 часа неделно*0,08 во текот на 24 недели). | 28,8 |
| 2. | Ментор на кандидатот д-р Амин Ал-Мансури од Јемен, специјалист-радиотерапевт, стипендист на Меѓународната агенција за атомска енергија во тек на 2 недели (обука за тродимензионална конформална радиотерапија кај малигните тумори во регијата на главата и на вратот) (25 часа неделно*2 недели*0,08) (јуни 2012 година). | 4 |
| 3. | Ментор на кандидатот д-р Tatul Saghatelyan од Ерменија, специјалист-радиотерапевт, стипендист на Меѓународната агенција за атомска енергија во тек на 4 недели (обука за тродимензионална конформална радиотерапија кај малигните тумори во регијата на главата и на вратот (10 часа неделно*4 недели*0,08) (ноември 2012 година). | 3,2 |
| 4. | Ментор на кандидатот д-р Armine Lazaryan од Ерменија, специјалист-радиотерапевт, стипендист на Меѓународната агенција за атомска енергија во тек на 4 недели (обука за тродимензионална конформална радиотерапија кај малигните тумори во регијата на главата и на вратот (10 часа неделно*4 недели*0,08) (ноември 2012 година). | 3,2 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Научно-популарна книга** | **Поени** |
| 1. | Коаватор на „Упатства за практикување на | 4 |

55

| | | |
|---|---|---|
| | медицина заснована на докази" | |
| | **Вкупно** | 104,774 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста: Национален координатор на меѓународен научен проект** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Главен научен истражувач во рамките на Меѓународниот координиран истражувачки проект спонзориран од Меѓународната агенција за атомска енергија E3.30.35 со наслов "Resource Sparing Curative Radiotherapy for Locally Advanced Squamous Cell Cancer of the Head and Neck" (http://www-naweb.iaea.org/nahu/arbr/crp.asp) | 6 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Учесник во меѓународен научен проект** | **Поени** |
| 1. | Учесник во тимот за имплементација на QUATRO-проектот во кој беше вклучен Институтот за радиотерапија и онкологија со Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA) во Виена, под раководство на проф. д-р Снежана Смичкоска, и со кој тогашниот Институт за радиотерапија и онкологија се здоби со референцата "центар на екселенција" според експертизата од екипа на меѓународни експерти (2004 и 2005 година). | 5 |
| 2. | Учесник во меѓународниот истражувачки проект: "Daily oral perifosine (ZEN-004) in combination with radiotherapy in non-small cell lung cancer patients" (2007 година). | 5 |
| 3. | Учесник во меѓународниот истражувачки проект: Project MAK /6/010 "Upgrading of Radiotherapy Facilities and Indroducing New Radiotherapy Techniques in the FYR Macedonia" (2007-2010 година). | 5 |
| 4. | Учесник во меѓународниот истражувачки проект: "A non-comparative, multicentre, repeat dose safety in use of Neukine (Filgrastim) in patients receiving chemotherapy known to introduce neutropenia" (2008-2010 година). | 5 |
| 5. | Учесник во меѓународниот истражувачки проект: "A rabdomized, open-label multicenter phase 3 study of epoetin alfa plus standard supportive care versus standard supportive care in anemic patients with metastatic breast cancer receiving standard chemotherapy" (2010 година - отворена). | 5 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Дел од монографија објавен во странство** | **Поени** |
| 1. | Krstevska V. (2012). Hypopharyngeal cancer, In: *Head and Neck Cancer*, M. Argulnik, (Ed), 13-70, InTech, ISBN 978-953-51-0236-6 (A free online edition of this book is available at www.intechopen.com) | 6 |

| Ред. број | Назив на активноста: Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Тодоровска В**, Велков К, Димитровска А, Вељаноска С, Мицковска В. Лимфогено метастазирање кај карциномот на долната усна. Македонски медицински преглед 1988; 5-6: 99-101. | 2,4 |
| 2. | **Todorovska V**, Velkov K, Dimitrovska A, Veljanoska S, Mickovska V. Karcinom donje usnice-pregled bolesnika u desetgodišnjem razdoblju. Libri Oncol 1989; 18: 119-123. | 2,4 |
| 3. | Велков К, Димчев И, Димитровска А, Вељаноска С, **Крстевска В**. Можности за постигање подобри резултати при лекување на кожниот карцином. Македонски медицински преглед 1988; 3-4: 59-61. | 2,4 |
| 4. | Вељаноска С, Велков К, Мицковска В, **Тодоровска В**, Ангеловска Н. Фактори кои влијаат на резултатите од лекувањето на болните со рак на јајниците. Македонски медицински преглед 1989; 3-4: 71-73. | 2,4 |
| 5. | Вељаноска С, **Тодоровска В**, Смичкоска С, Ангеловска Н, Мицковска В, Толевска Ц. Вулварен карцином со потекло од Бартолиниевата жлезда. Македонски медицински преглед 1993; 1-2: 13-16. | 2,4 |
| 6. | Мицковска В, **Тодоровска В**, Димитровска А. Фактори кои влијаат врз прогнозата кај пациенти со примарен планоцелуларен ларингеален карцином. Македонски медицински преглед 1996: 50: 187-190. | 3,2 |
| 7. | **Тодоровска В**, Стефановски З. Метода на проекција на зрачното поле при радиотерапија на малигните тумори на главата и вратот. Македонски медицински преглед 1999; 53(3-4): 167-172. | 3,6 |
| 8. | **Тодоровска В**, Јовановски Д, Смичкоска С, Ангеловска Н, Манева Л, Мицковска В. Радикална радиотерапија кај хипофарингеалниот карцином. Македонско списание за медицина 2000; 46: 75-84. | 2,4 |
| 9. | **Крстевска В**, Стојковски И, Црвенкова С. Функционални реакции на хипофарингеалната мукоза индуцирани со радиотерапија. Македонски медицински преглед 2002; 56(3-4): 171-174. | 3,2 |
| 10. | **Крстевска В**, Црвенкова С, Стојковски И, Стефановски З. Акутниот мукозитис во усната празнина и во орофаринксот при радиотерапијата на планоцелуларниот карцином на ларинксот, орофаринксот и хипофаринксот. Македонски медицински преглед 2002; 56(5-6): 260-264. | 2,4 |
| 11. | **Крстевска В**, Стојковски И, Црвенкова С, Стефановски З. Акцелерирана радиотерапија со примена на конкомитантен boost кај планоцелуларните карциноми на ларинксот, | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | орофаринксот и хипофаринксот. Македонски медицински преглед 2003; 57(3-4): 166-170. | |
| 12. | **Крстевска В**, Црвенкова С, Стојковски И. Реакциите во нормалните ткива при акцелерираната радиотерапија кај карциномите на ларинксот, орофаринксот и хипофаринксот. Македонски медицински преглед 2003; 57(5-6): 263-267. | 3,2 |
| 13. | **Krstevska V**, Smichkoska S, Crvenkova S. Altered fractionation regimens in primary radiotherapy for squamous cell carcinoma of larynx, oropharynx and hypopharynx - an analysis of prognostic factors for locoregional control and survival. Libri Oncol 2004; 32 (1-3): 1-6. | 3,2 |
| 14. | **Krstevska V**, Popova M. Induction chemotherapy in squamous cell carcinoma of the head and neck. Libri Oncol 2007; 35(1-3): 81-90. | 3,6 |
| 15. | **Крстевска В,** Николовски Н. Адјувантен третман по радикална хирургија кај локално напреднатите планоцелуларни карциноми на главата и на вратот. Македонски медицински преглед 2008; 62(3): 17-23. | 3,6 |
| 16. | **Krstevska V,** Stojkovski I, Lazarevska E, Crvenkova S. Radical surgery and postoperative radiotherapy in patients with advanced squamous cell carcinoma of the larynx. Arch Oncol 2011; 19(1-2): 17-22. | 2,4 |
| 17. | Смичкоска С, Мицковска В, **Крстевска В**, Стојковски И. Радиотерапија и хемотерапија на ларингеалниот канцер. Современа дијагностика и третман на малигните тумори на ларинксот и хипофаринксот. Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2000. | 2,4 |
| 18. | Црвенкова С, Толевска Ц, **Крстевска В,** Кралева С. Фактори кои влијаат на преживувањето кај постоперативно ирадирани болни со малигни астроцитоми на мозокот. Македонски медицински преглед 2002; 56(5-6): 257-260. | 2,4 |
| 19. | Црвенкова С, **Крстевска В,** Толевска Ц. Третман на болка кај болните со рекурентен малигном во регијата на главата и на вратот. Македонски медицински преглед 2003; 57(3-4): 163-165. | 3,2 |
| 20. | Црвенкова С, **Крстевска В,** Ѓурчинов Д. Употребата на комбинацијата на конформалната радиотерапија во лекувањето на локално напреднат немикроцелуларен белодробен карцином: опис на методата и токсичните ефекти. Македонски медицински преглед 2006; 60(3-4): 106-111. | 3,2 |
| 21. | Поповска М, Крстевска О, **Крстевска В.** Промени на оралната слузокожа предизвикани од радиотерапија. radioterapija. Македонски стоматолошки преглед 2007; 31(3-4): 140-147. | 3,2 |
| 22. | **Krstevska V**, Smichkoska S. Hyperfractionation as an altered fractionation regimen in primary radiotherapy for squamous cell | 5,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | carcinoma of the larynx. Prilozi 2006; 27: 175-187. | |
| 23. | **Krstevska V**, Crvenkova V. Altered and conventional fractionated radiotherapy in locoregional control and survival of patients with squamous cell carcinoma of the larynx, oropharynx, and hypopharynx. Croat Med J 2006; 47: 42-52. | 6,633 |
| 24. | Stojkovski I, **Krstevska V**, Mitreski N, Stojkovska E, Simonova D. Head and neck cancer in young adults treated with 3-D conformal radiotherapy. Arch Oncol 2010; 18: 60-64. | 2,4 |
| 25. | **Krstevska V**, Stojkovski I, Klisarovska V. Concurrent chemoradiotherapy in locally and/or regionally advanced nasopharyngeal carcinoma. Prilozi 2008; 29: 295-307. | 4,8 |
| 26. | Crvenkova S, **Krstevska V**. Sequential chemoradiotherapy compared with concurrent chemoradiotherapy in locally advanced non-small cell lung cancer: our experience. Prilozi 2009; 30: 197-207. | 5,4 |
| 27. | **Krstevska V**, Stojkovski I, Zafirova-Ivanova B. Radical radiotherapy for squamous cell carcinoma of the larynx – comparison of three-dimensional conformal radiotherapy with cobalt-60 teletherapy. Prilozi 2011; 32: 199-212. | 4,8 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | **Поени** |
| 1. | **Krstevska V**, Tolevska C, Zafirova-Ivanova B, Stojkovski I, Crvenkova S. Prognostic factors in patients with recurrent head and neck cancer treated with reirradiation. J BUON 2008; 13: 369-376. | 3,96 |
| 2. | **Krstevska V**, Stojkovski I. Chemotherapy in locoregionally advanced nasopharyngeal carcinoma - a review. J BUON 2008; 13: 495-503. | 5,94 |
| 3. | **Krstevska V**. Radiotherapy and chemotherapy in locally advanced head and neck squamous cell carcinoma. J BUON 2009; 14: 361-373. | 6,6 |
| 4. | **Krstevska V**, Stojkovski I, Lukarski D. Concurrent radiochemotherapy in advanced hypopharyngeal cancer. Radiation Oncology 2010; 5:39-49. | 6,728 |
| 5. | **Krstevska V**, Stojkovski I, Zafirova-Ivanova. Factors influencing the development of distant metastases in patients with head and neck squamous cell carcinoma. J BUON 2010; 15: 690-697. | 5,28 |
| 6. | **Krstevska V**, Stojkovski I, Zafirova-Ivanovska B, Crvenkova S. Prognostic factors in patients with advanced hypopharyngeal squamous cell carcinoma treated with concurrent chemoradiotherapy. J BUON 2012; 17: 327-336. | 3,96 |
| 7. | **Krstevska V**, Stojkovski I, Zafirova-Ivanovska B. Concurrent radiochemotherapy in locally-regionally advanced oropharyngeal | 6,728 |

| | | |
|---|---|---|
| | sqamous cell carcinoma: analysis of treatment results and prognostic factors. Radiation Oncology 2012; 7: 78. | |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Трудови објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | **Поени** |
| 1. | Велков К, Димитровска А, Толевска Ц, **Крстевска В**, Вељаноска С. Адјувантна хемотерапија при ракот на дојката. Македонски медицински преглед, XII конгрес на лекарите на Македонија, Зборник на трудови 1986; суплемент бр.3: 583-584. | 1,2 |
| 2. | Вељаноска С, Велков К, **Крстевска В**, Мицковска В. Радиотерапија при лекувањето на малигните тумори на мочниот меур. Македонски медицински преглед, XII конгрес на лекарите на Македонија, Зборник на трудови 1986; суплемент бр.3: 109-110. | 1,2 |
| 3. | **Krstevska V**, Lukarski D, Zafirova-Ivanovska B, Stojkovski I. Acute mucosal reactions in patients with advanced head and neck cancer treated with concurrent chemoradiotherapy. Proceedings of the Second Conference on Medical Physics and Biomedical Engineering. Skopje 5-6 November 2010, 37-43. | 1,2 |
| 4. | Lukarski D, **Krstevska V**, Petkovska S. A treatment planning comparison of two different 3D conformal techniques for irradiation of head and neck cancer patients. Proceedings of the Second Conference on Medical Physics and Biomedical Engineering. Skopje 5-6 November 2010, 44-49. | 1,6 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Секциско предавање на научен/стручен собир** | **Поени** |
| 1. | Предавање: „Онколошки третман на ларингеалниот карцином“, на покана од Здружението на лекари по оториноларингологија при Македонското лекарско друштво, Саем на медицина, Скопје (април 2003). | 1 |
| 2. | Предавање: „ Современи радиолошки и хемотерапевтски процедури“, во рамките на вториот курс: Рана дијагностика и третман на ларингохипофарингеалниот карцином, одржан на 31. 5. и 1.6.2007 во Клиниката за уво, нос и грло во Скопје. | 1 |
| 3. | Предавање: „ Radio and Chemotherapy in HNSCC“, во рамките на едукативниот курс со меѓународно учество “Head and Neck Oncology”, одржан на 7 и 8 ноември 2008, под покровителство на European Association for Cranio-maxillofacial Surgery (EACMFS) во Клиниката за максилофацијална хирургија во Скопје. | 2 |
| 4. | Предавање: „Радиотерапија - сегашност и иднина“, во рамките на стручниот состанок со меѓународно учество на Здружението на лекари по оториноларингологија при Македонското лекарско друштво, одржан на 16 ноември 2010 во Скопје. | 2 |
| 5. | Предавање: „Хемотерапија кај локорегионално напреднат | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | назофарингеален карцином", во рамките на стручниот состанок на Здружението за радиотераписки онколози на Македонија одржан на 8 ноември 2102. | |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Учество на научен/стручен собир со реферат** | **Поени** |
| 1. | Реферат: „Карцином на долната усна",XIII Kongres radiologa Jugoslavije, Охрид, 5-9 октомври 1988 – усна презентација. | 1 |
| 2. | Реферат: „ Neck nodal metastatic involvement as a prognostic factor in primary laryngeal cancer", I конгрес на радиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 31.5.-4.6.1995 – усна презентација. | 1 |
| 3. | Реферат: „ Nasopharyngeal cancer - ten year review ", I конгрес на радиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 31.5.-4.6.1995– усна презентација. | 1 |
| 4. | Реферат: „ Radical radiotherapy in hypopharyngeal cancer", VI Национален Конгес по Онкологија с международно участие, Софија, Бугарија, 19-20 ноември 1999 – постер. | 0,5 |
| 5. | Реферат: „ Acute mucosal reactions in patients with advanced head and neck cancer treated with concurrent chemoradiotherapy", Second Conference on Medical Physics and Biomedical Engineering, Скопје, 5-7 ноември 2010 – усна презентација. | 1 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Апстракти објавени во зборник на конференција - меѓународна** | **Поени** |
| 1. | **Todorovska V**, Mickovska V, Dimitrovska A. Combined approach in treatment of anaplastic thyroid cancer. Radiother Oncol 1998; 48(Suppl 1): S42. | 1 |
| 2. | **Todorovska V**, Jovanovski D, Smickoska S, Angelovska N, Maneva L, Mickovska V. Radical radiotherapy in hypopharyngeal cancer. VI Национален Конгрес по Онкологија с международно участие, Софија, Бугарија, 19-20 ноември 1999, Книга на апстракти, Онкологија '99, ПЛК29. | 1 |
| 3. | Arsovski O, **Todorovska V**, Atanasov Z. Presentation and treatment outcome in patients with metastases of unknown origin. VI Национален Конгес по Онкологија с международно участие, Софија, Бугарија, 19-20 ноември 1999, Книга на апстракти, Онкологија '99, ПЛК3. | 1 |
| 4. | Трајкова С, **Тодоровска В**, Петрова Д, Гроздановска Б, Стојковски И. Карциноми на максиларниот синус – третман и резултати. Втор конгрес на радиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид 21-25 јуни 2000, Книга на апстракти, стр. 106. | 1 |
| 5. | Стефановски З, Црвенкова С, **Крстевска В**. Техника на полуполе како boost во третманот на клинички позитивни лимфни јазли кај малигноми на главата и вратот. Трет конгрес на радиолозите на Македонија со меѓународно | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | учество, Охрид 12-16 јуни 2002, Книга на апстракти, стр. 70. | |
| 6. | Crvenkova S, **Krstevska V**, Kraleva S, Stojkovski I. Use of analgesics in patients affected by head and neck malignancy during palliative radiotherapy. Annals of Oncology, Vol 14 (suppl 3) 74P, 2003. | 1 |
| 7. | Crvenkova S, **Krstevska V**, Kraleva S, Stojkovski I. Concomitant 3D-radiotherapy with cisplatin for advanced paranasal sinus carcinoma. Journal of Clinical Oncology, 2005 ASCO Annual Meeting Proceedings. Vol 23, No. 16S, Part I of II (suppl 1), 5608, 2005 | 1 |
| 8. | **Krstevska V**, Stojkovski I, Zafirova-Ivanova B. 3-Д конформална радиотерапија кај планоцелуларните карциноми на ларинксот – анализа на прогностичките кафтори за локорегионалната контрола и преживувањето. 2nd Macedonian Congress of Oto-Rhino-Laryngology, Ohrid October 01-03 2008, Abstract book, L-013. | 1 |
| 9. | Klisarovska V, **Krstevska V**, Veljanovska S, Stojkovski I, Peshevska M. 3D conformal radiotherapy in laryngeal cancer. J BUON 2008; 13(suppl 1):PP-138. | 1 |
| 10. | Maneva-Kostovska L, Pesevska M, Vasev N, Popova M, **Krstevska V**, Klisarovska V. Endometrial carcinoma in breast cancer patients. J BUON 2008; 13(suppl 1):PP-159. | 1 |
| 11. | Lazareva E, Veljanoska S, Arsovski O, Klisarovska V, **Krstevska V**. Treatment of paraaortic node-positive endometrial cancer receiving extended field external beam radiotherapy with platinum-based chemotherapy. J BUON 2010; 15(suppl 1):PP-98. | 1 |
| 12. | Veljanoska S, Arsovski O, Klisarovska V, Lazareva E, **Krstevska V**. Figo stage IIB-IIIB small cell neuroendocrine carcinoma of the cervix, report of two cases. J BUON 2010; 15(suppl 1):PP-100. | 1 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Апстракти објавени во зборник на конференција - национална** | **Поени** |
| 1. | **Тодоровска В.**, Велков К, Димитровска А, Вељаноска С, Мисковска В. Крацином на долната усна – приказ на болни во периодот од десет години. XIII Конгрес радиолога Југославије, Зборник радова, Охрид, 5-9 октобар 1988: 167-168. | 0,5 |
| 2. | Хорватиќ Н, Велков К, Толевска Ц, **Крстевска В**, Вељаноска С, Мицковска В. Резултати на лекување кај карциноми на ларинксот во зависност од метастатските лимфни жлезди на вратот. XIII Конгрес радиолога Југославије, Зборник радова, Охрид, 5-9 октобар 1988: 70-71. | 0,5 |
| 3. | **Тодоровска В**, Хорватиќ Н. Nasopharyngeal cancer - ten year review. I конгрес на радиолозите на Македонија. Охрид, 31.5-4.6.1995, Зборник на трудови. | 0,5 |
| 4. | **Тодоровска В**, Хорватиќ Н. Neck nodal metastatic involvement as a prognostic factor in primary laryngeal cancer. I | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | конгрес на радиолозите на Македонија, Охрид 31.5.-4.6.1995, Зборник на трудови. | |
| 5. | Вељаноска С, **Тодоровска В**, Толевска Ц, Арсовски О. Хемотерапија кај оваријален карцином во II и III стадиум. I конгрес на радиолозите на Македонија, Охрид 31.5.-4.6.1995, Зборник на трудови. | 0,5 |
| 6. | Димитровска А, Николова Л, Манева Л, **Крстевска В**, Мицковска В, Васев Н. Несакани споредни ефекти при радиотерапијата на Хочкиновата болест. I конгрес на радиолозите на Македонија, Охрид 31.5.-4.6.1995, Зборник на трудови. | 0,5 |
| 7. | Димитровска А, Мицковска В, Николова Л, Стефановски Т, **Крстевска В**, Арсовски О. Улогата на радиотерапијата во лекувањето на Хочкиновата болест. XIV конгрес на лекарите на Македонија, Охрид 1995, Зборник на трудови. | 0,5 |
| | **Вкупно** | 197,229 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста: Експертска активност** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Соработник од Институтот за радиотерапија и онкологија во изработката на „Упатства за практикување на медицина заснована на докази", издадени од Министерството за здравство на Република Македонија во 2006 година. | 1 |
| 2. | Рецензент на труд пријавен во Indian Jornal of Cancer (2011 година) | 1 |
| 3. | Рецензент на труд пријавен во African Journal of Microbiology Research (2011 година) | 1 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Воведување нова лабораториска/клиничка или јавноздравствена метода во областа на медицинските науки и здравството** | **Поени** |
| 1. | Метода на фолии означена како „Метода на проекција на зрачното поле", имплементирана во февруари 1999 година и применувана се до прекинот на работата на телекобалт машината во септември 2012 година. | 4 |
| 2. | Првпат во државата воведена метода на интензитет модулираната радиотерапија (ИМРТ) во третманот на малигните заболувања (првпат имплементирана во ЈЗУ УКРО во мај 2011). | 4 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството** | **Поени** |
| 1. | Специјализација по радиотерапија (ноември 1990 година) | 2 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир** | **Поени** |

83

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Уредник на "Proceedings of the Second Conference on Medical Physics and Biomedical Engineering" (октомври 2010 година) | 1 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Награда од струкова организација** | **Поени** |
| 1. | Диплома од Македонско лекарско друштво во 2001 година | 3 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Претседател на организационен или програмски одбор на научен стручен собир** | |
| 1. | Претседател на Здружението на радиотераписки онколози на Македонија од април 2012 година | 1 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Раководител на внатрешна организациона единица** | **Поени** |
| 1. | Раководител на Одделението за малигни тумори на главата и на вратот во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија | 3 |
| | **Вкупно** | 21 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 104,774 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 197,229 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | / |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 21 |
| **Вкупно** | 323,003 |

**Членови на Комисијата:**

1. Проф. д-р Лилјана Манева Костовска с.р.
2. Проф. д-р Снежана Смичкоска с.р.
3. Проф. д-р Владимир Ќаев с.р.
4. Проф. д-р Лилјана Спасевска с.р.
5. Доц. д-р Симонида Црвенкова с.р.

**63а**

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на извршениот увид во доставената документација, образецот кон извештајот за избор, а според член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (пречистен текст) од август 2011 година и досегашното познавање на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката, како и извршената рецензија на доставените стручно-научни трудови, Рецензентската комисија цени дека кандидатката ги исполнува условите предвидени за избор и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ да ја избере д-р Валентина Крстевска во звањето доцент по предметот онкологија со радиотерапија.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Лилјана Манева Костовска с.р.
2. Проф. д-р Снежана Смичкоска с.р.
3. Проф. д-р Владимир Ќаев с.р.
4. Проф. д-р Лилјана Спасевска с.р.
5. Доц. д-р Симонида Црвенкова с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА ИНФОРМАТИКА И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на седницата одржана на 04. 09. 2012 година со одлука бр. 02-995/1, во врска со конкурсот објавен во весниците „Вечер" и „Љаим" од 21. 07. 2012 година, нé избра за членови на рецензентската комисија за избор на насловен вонреден професор од наставно-научната област информатика и компјутерско инженерство.

На конкурсот се пријави Стево Божиновски, редовен професор на одделот за математички и компјутерски науки на Државниот универзитет на Јужна Каролина во САД, доктор на информатички науки. По разгледувањето на приложените документи, до Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје му го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Основни биографски податоци***

Стево Божиновски е роден на 24 мај 1949 година во Битола, каде го започнал основното образование. Основното и средното образование ги завршил во Скопје. За време на средношколкиот период покажал интерес кон математиката и учествувал на повеќе републички и државни натпревари, при што освоил повеќе видови награди. Студирал на Елекротехничкиот факултет во Загреб, каде магистрирал и докторирал со одбрана на докторската теза „Влијанието на преклопувањето на карактеристиките на ликовите во адаптивните процеси па препознавање на облици". Во 1974 година се вработил во Математичкиот институт со нумерички цетар, а во 1976 се вработил како асистент на Катедрата за кибернетика на Електротехничкиот факултет во Скопје. За време на работата на Електротехничкиот факулте бил избран, а потоа и резибран, за редовен професор. Во учебната 2001/2002 година бил визитинг професор на одделот за математички и компјутерски науки на Државниот универзитет на Јужна Каролина во САД. Од 2002 година па се досега е вработен на овој универзитет, сега како редовен професор по компјутерски науки.

Научното изградување го започнал уште како студент. За време на студиите изработил електронски уреди (аналогни и дигитални) за симулација на невронски системи. Како практикант систем инженер работел во фирмата IBM во Германија во текот на летните и зимски месеци во периодот 1970-1973 година. Потоа бил на студиски престој во Германија во 1979, 1999 и 2000-та година. Образованието во компанијата IBM и во Германскиот институт за информатички технологии (GMD) било врз база на привремено вработување. Како стипендист на Фулбрајтовата фондација престојувал во САД два пати, во периодот 1980-81 и 1995-96, и како стипендист на фондацијата JICA од Јапонија престојувал во Јапонија во 1984. Во 1993 добил доплома за образование во областа на вештачката интелигенција од

Универзитетот во Брно, Чешка, и диплома во областа на роботиката од Академијата на науки во Кремс, Австрија. Кандидатот бил раководител на повеќе научно-истражувачки проекти, како национални така и меѓународни. Првиот проект го добил во 1984 година од Заедницата за научни дејности на Македонија. Водел проект финансиран од програмата Copernicus на Европската Унија, а за време на престојот во САД добил значајна финансиска подршка преку два гранта од NSF, националниот фонд за наука на САД.

***Наставна дејност***

Образовната дејност на Божиновски се одвива во рамките на компјутерските науки. Уште во време на изработката на својата матурска работа го одржал своето прво предавање под наслов „Апстрактни автомати“ пред универзитетски наставници на семинарот по Кибернетика во 1968 година, организиран од професорот Ѓорги Чупона. Подоцна, на Електротехничкиот факултет, во рамките на Катедрата за кибернетика работел на развој на наставен план од областа на компјутерски науки и ги вовел предметите микропроцесори и микрокомпјутери, основи на софтверот, апликативен софтвер, системски софтвер и биокибернетика. Бил еден од основачите на Заводот за компјутерска техника и информатика при ЕТФ. Основоположник е на областите вештачка интелигенција и роботика во Македонија при што ги формирал првите предмети и ги напишал првите научни трудови од оваа област во нашата земја. Во постдипломската настава формирал предмет Медицинска информатика на Медицинскиот факултет како и постдипломски студии од областа на роботика и флексибилни производни системи на ЕТФ.

Специјално внимание посветил на работа со студентите и го иницирал првиот универзитетски натпревар по информатика во Македонија, на кој учествувале студентите од ЕТФ и ПМФ од Скопје и од Техничкиот факултет од Битола. Во 2000 година екипата студенти која ја водел се искачила на прво место на интернет натпреварот по информатика на Здружението за компјутерска машинерија (ACM) и на тоа место била два месеци, за што е добиена благодарница од Ректорот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“, цитираме: „ ... за поттик на научно-истражувачката работа кај студентите од областа на информатичките науки”.

Тековно, на универзитетот во САД држи настава од предметите вештачка интелигенција и роботика, како и од предметите биоинформатика и неуроинформатика, кои таму ги формирал. Бил вклучен и во постдипломската настава на Универзитетот во Масачусетс во Амхерст.

***Научна дејност***

Поширок научен интерес на Божиновски се компјутерските науки во целост, а неговиот потесен научен интерес е посебно насочен во областите вештачка интелигенција, бионформатика и роботика. И во компјутерските науки во целост, како и во посебните области од неговиот интерес, Божиновски има постигнато значајни научни и стручни резултати, публицирани во преку 200 научни и стручни трудови, и презентирани на повеќе меѓународни и домашни научни конференции. Подолу ќе ги наведеме само трудовите изработени во текот на последнава

деценија,однсно по 2000 година, а за неколку од трудовите ќе дадеме и краток приказ.

Како свои најзначајни научни достигања Божиновски ги истакнува:

1) Решавањето на проблемот на подоцнежно учење во 1981, со што за прв пат е воведен концептот чувство и емоција во учечките механизми на невронскте мрежи. Проблемот е поставен во рамките на Групата за адаптивни мрежи на Универзитетот во Масачусетс во Амхерст, САД, во рамките на која Божиновски го решил овој проблем.

2) Управувањето на робот со помош на сигнали од мозокот, во 1988 година. Проблемот е поставен од страна на Божиновски во време кога не се размислувало за инженерско решение, туку се дискутирало за концепти како психокинеза и телекинеза. Второ инженерско решение на управување на робот со EEG сигнали е дадено дури 11 години подоцна, во 1999 во САД. Реализацијата на првото управување е направена на ЕТФ во Скопје, во Лабораторијата за интелигентни машини, биоинформатички системи и системски софтвер.

3) Поставувањето на фундаменталната равенка на психологијата во 2002 и 2003, во која за прв пат е даден компактен математички модел на врските меѓу мотивацијата, емоцијата и однесувањето на личноста.

За развојот на научната работа од областа на компјутерскте науки во Македонија Божиновски придонел и со објавувањето на првата статија од компјутерските науки во врвно научно списание (од серијата IEEE Transactions во 1985 година), со што покажал дека и нашите научни резултати може да се објават во врвни научни списанија.

Го проследуваме списокот на одбрани трудови на кои кандидатот е автор или коавтор, објавени по 2000 година во повеќе научни списанија и во зборници од научни конференции.


[1] Bozinovski S.: *Artificial emotion and emotion learning: Emotions as value judgements.* In A. Paiva (Ed.) Affective Interactions, LNAI 1814, Springer Verlag, 2000

[2] Bozinovski S., Bozinovska L.: *Decision support for pregnancy EMG.* Proc Workshop on Application of Advanced Information Technologies to Medicine, p. 57-63, Varna, 2000

[3] Bozinovski S., B. Miller, di Primio F.: *Biomimetic Autonomous Factories.* GMD Report 115, German National Center for Information Technologies (GMD), Sankt Augustin, 2000

[4] Bozinovski S., Bozinovska L.: *Architecture of mind considering integration of genetic, neural and hormonal system.* In Time for AI and Society: Proc. Conf. of the AISB '00 Sumposium on How to Design an Functional Mind, Birmingham, UK, p. 139-140, 2000

[5] Bozinovski S., Bozinovska L.: *Manufacturing science and protein biosynthesis.* In N. Callaos, W. Badawy, S. Bozinovski (eds.) Proc. Conf. on Systemics, Cybernetics, and Informatics. Volume XV: Industrial Systems, pp. 59-64, Orlando, FL, 2001

[6] Velevska V., Bozinovski S.: *Protein biosynthesis process modeling: Signals between molecular agents.* In N. Callaos, W. Badawy, S. Bozinovski (eds.) Proc. Conf. Systemics, Cybernetics, and Informatics. Volume XV: Industrial Systems, pp. 104-108, Orlando, FL, 2001

[7] Bozinovska N., Jovancevski G., Bozinovski S.: *Biological cell and its systems software.* Proc. Conf. Informatics and Information Technology. p. 206-213, Bitola, 2001

[8] Bozinovski S., Bozinovska L.: *Self learning agents: A connectionist theory of emotion based on crossbar value judgement.* Journal of Cybernetics and Systems 32:637-669, 2001

[9] Bozinovski S. Jovancevski G., Ackovska N.: *Distributed interactive robotics classroom.* Optoelectronics Information-Power Technologies 2(4): 5-9, 2002

[10] Bozinovski S., Jovancevski G., Bozinovska N.: *Simulation of module-based digital networks using object oriented programming.* In. J. Power, J. Waldron (eds.) Recent Advances in Java Technology. Computer Science Press, Trinity College, Dublin, p. 11-19, 2002

[11] Bozinovski S.: *Operating systems, Petri nets, and history science.* In N. Callaos, W. Lesso (eds.) Proc. Conf. Systemics, Cybernetics, and Informatics. Vol XXI, 84-88, Orlando, 2002

[12] Martinovska C., Bozinovski S.: *Emotional agents for collaborative decision making and reasoning in autonomous robots.* In R. Akerkar (ed.) Proc. Int. Conf on Applied Artificial Intelligence, p. 142-147, Pune, India, 2003

[13] Bozinovski S.: *Anticipation driven artificial personality: Building on Lewin and Loehlin.* In M. Butz, O. Sigaud, P. Gerard (eds.) Anticipatory behavior in Adaptive Learning Systems, p. 133-150, Springer Verlag, 2003

[14] Bozinovski S., Bozinovska L.: *Anticipatory brain potentials: An electrophysiological insight into the anticipatory behavior of adaptive learning systems.* In M. Butz, O. Sigaud, S. Swarup (eds.) Proc. Workshop Anticipatory Behavior in Adaptive Learning Systems p. 1-10, Los Angeles, 2004

[15] Bozinovski A., Bozinovski S.: *N-queens pattern generation: An insight into space complexity of a backtracking algorithm.* In A. Ahrens, M. Aleksy, R. Gitzel, T. Kessler, C. Lange, Z. Maamar, Q. Mahmoud, H-D. Meltzer, C. Ramamoorthy, R. Seker, A. van der Merwe, T. Vergin, J. Waldron, S. Yan (eds.) Proc ACM Symp. Information and Communication Technologies p. 281-286, Las Vegas, 2004

[16] Martinovska C., Bozinovski S.: *Emotionally intelligent interactive agents for delivering information about user affective profiles.* Proc Int. Conf. on Intelligent system design applications, p. 783-788, Budapest, Hungary, 2004

[17] Martinovska C., Bozinovski S.: *Modeling dialogues with emotional interactive agents.* In I. Seruca, J. Cordeiro, C. Hammoudi (eds.) Proc. Conf. on Enterprise Information Systems, section on Human Computer Interaction, p. 246-349, Porto, Portugal, 2004

[18] Ackovska N., Bozinovski S., Jovancevski G.: *Real-time Systems – Biologically inspired future.* Journal of Computers 3(3): 56-63, 2008

[19] Ackovska N., Bozinovski S.: *Next generation operating systems; A biologically inspired future.* Proc IEEE Systems Conference, p. 153-159, Montreal, Canada, 2008

[20] Ackovska N., Bozinovski S., Jovancevski G.: *File system organization in minimal biological systems.* Proc 6th International Conference on Informatics and Information Technology, p.44-47, Bitola, 2008

[21] Ackovska N., Bozinovski S., Bozinovska L.: *Evolving an emotion-based neural control architecture.* Proc IEEE SoutheastConf., p. 404-408, Huntsville, AL, 2008

[22] Bozinovski S., Bozinovska L.: *The evolution of a cognitive architecture for emotional learning from a modulon-structured genome.* Journal of Mind and Behavior 21(1-2): 195-216, 2008

[23] Bozinovski S., Bozinovska L.: *Beyond Artificial Intelligence toward Engineered Psychology.* In M. Ulieru, P. Palensky, R. Doursat (eds.) Information Technology Revolutions, Lecture Notes of the ISCT, p. 171-185, 2009

[24] Ackovska N., Bozinovski S.: *Information/Material processing synergy: Flexible manufacturing and operating system metaphor for biological cell.* In D. Davcev, J. Gomez (eds.) ICT Innovations, Springer Verlag, p. 85-94, 2009

[25] Ackovska N., Bozinovski S.: *Biped robots: From inverted pendulum to programming 12 DOF dancing postures.* Proc. 7$^{th}$ International Conference on Informatics and Information Technology, p.3-6,Bitola, 2010

[26] Bozinovski S.: *Professor Cupona and the first lecture on abstract automata in Macedonia.* Mathematica Macedonica 8: 79-94, 2010

[27] Ackovska N., Bozinovska L., Bozinovski S.: *Artificial chromosomes as genetic disks: A system software metaphor for genetic engineering.* Proc IEEE SoutheastCon, p. 324-327, Charlotte, NC, 2010

[28] Bozinovski S., Bozinovska L.: *Human body parts making: Educational challenges for engineered psychology, biorobotics, and biofabrication.* Proc. IEEE SoutheastCon, p. 307-308, Nashville, TN, 2011

[29] Ackovska N., Bozinovska L., Bozinovski S.: *Genetic engineering in a computer science curriculum.* In G. Nalik (ed.) Applied Biological Engineering, Intech Publishers, p. 589-606, 2011

[30]Ackovska N., Bozinovski S., Bozinovska L.: *Genetic engineering and bioengineering: Cell software and cell (re)programming.* Proc IEEE SoutheastCon, p. 1-5, Orlando, FL, 2012

[31] Bozinovski S.: *An EEG based human-robot interaction: Implications for developmental robotics.* IEEE CIS AMD Newsletter 9(1)11-12, 2012

[32] Bozinovski S.: *Controlling robots using EEG signals – since* 1988. In S. Markovski and M. Gusev (ed.) ICT Innovations 2012, Springer Verlag, 2012 (accepted for publication)

Во продожение даваме краток приказ на неколку од трудовите на Божиновски.

[1] Artificial emotion and emotion learning: Emotions as value judgments.

Трудот опишува метод за тренирање на голман робот во подготовка за фудбалски натпревар за роботи (Robocup). Авторот го пишува трудот како член на групата за конструирање на однесување на германскиот центар за информациони технологии (GMD). Во трудот се предлага да се формира посебна лига за роботски фудбал, лига на тренирани роботи, покрај лигите за програмирани роботи. Трудот опишува тренинг на робот, во случајот голман робот, управуван од кросбар адаптивна невронска мрежа во која емоциите се дефинираат како оценки на тековната ситуација.

[8] Self learning agents: A connectionist theory of emotion based on crossbar value judgment.

Трудот ја изложува теоријата на последично водени системи која се развива од 1981 и за која првиот автор има напишано монографија во 1995. Се опишува

емоцијата како механизам на проценување на вредноста на ситуацијата во која се наоѓа агентот. Истакнато е дека во 1981 е предложена првата невронска мрежа која вклучува емоции во механизмот на учење, наречена кросбар адаптивна матрица (Crossbar Adaptive Array). Тоа е невронска мрежа која во иста мемориска структура ги пресметува емоциите за новата ситуација во време t која е резултат на претходно однесување на агентот во време t-1. Оваа невронска мрежа го решила проблемот на подоцнежно учење кај невронските мрежи, токму со воведување на концепт на евалуирање, како на новата ситуација така и на претходното однесување.

[9] Distributed interactive robotics classroom.

Во овој труд е опишан час на лабораториска вежба која се изведува на далечина, во кој наставникот е во лабораторија во САД, а наставата се одвива на ПМФ во Скопје, каде што се наоѓаат студентите. Студентите управуваат подвижна камера (монтирана на робот) и ја движат по ходник и по лабораторија во зграда во САД. На посебно место во лабораторијата има огледало до кое студентите ја доведуваат камерата и ја гледаат монтирана на мобилен робот. Наставата е преку текст пораки. Секој студент од класот има можност ја изработи вежбата.

[10] Simulation of module-based digital networks using object oriented programming.

Трудот укажува дека структурата на објектно ориентираното програмирање е многу погодна за репрезентирање на модуларни дигитални електронички склопови. Се предлага методологија со која Java програм може да се користи за симулација на дигитални склопови. Конкретен пример е даден за склоп составен од CMOS модули (чипови) од типот 4011 и 4049.

[11] Operating systems, Petri nets, and history science.

Трудот предлата математичка дефиниција на историјата како проблематика на интерполација за дадени точки (историски факти). Во трудот исто така се предлага апаратот на Петри мрежите да се користи во опис на историските настани. Дадени се примери на Петри мрежи кои опишуваат настани од пред нултата година. Во дискусијата се истакнува дека во историјата државите и народите треба да се нарекуваат со имињата кои се користеле за нив во соодветната епоха. На пример, пред нултата година покрај Македонија, Атина, Спарта имало и други држави и градови, но го немало терминот Грција.

[13] Anticipation driven artificial personality: Building on Lewin and Loehlin.

Во овој труд авторот се осврнува на четири клучни концепти во психологијата: мотивацијата, емоцијата, однесувањето и личноста, и предлага компактен математички модел за разбирање на нивната релација. Математичкиот модел користи апарат на векторска анализа и е напишан во форма ☺ = p $\int_S^G$ ♥$^{\rightarrow}$dB$^{\rightarrow}$, каде што ☺ е емоцинална добивка, ♥$^{\rightarrow}$ е (векторско) мотивационо поле и dB$^{\rightarrow}$ е елемент на однесување (акција), B$^{\rightarrow}$ е однесување насочено кон цел, а p е параметар на индивидуалност. Скаларниот производ ♥$^{\rightarrow}$dB$^{\rightarrow}$ е елементарна емоција (елементарна среќа). Интегралот е по траекторијата на однесување од некоја појдовна точка S до некоја целна точка G. Овој математички резултат сугерира дека среќата треба да се заработи со соодветно однесување во соодветно мотивационо поле, и дека среќата зависи и од параметрите на личноста. Оваа равенка во трудот се нарекува фундаментална равенка на психологијата.

[14] Anticipatory brain potentials: An electrophysiological insight into the anticipatory behavior of adaptive learning systems.

Трудот предлага истражување на процесот на очекувачкото однесување кај учечките агенти преку експериментална парадигма, која авторите ја предложиле во 1988 година. Парадигмата се состои во проширување на класичната CNV парадигма (do S1-S2-RT until EEG ERP = CNV) со воведување повратна врска. По појавата на CNV потенцијалот на очекување, се исклучува стимулусот S2, што доведува до намалување на очекувањето и потенцијалот предизвикан со настан (ERP) ја губи CNV формата. Потоа компјутерот пак го воведува стимулусот S2, што повторно доведува до појава на очекување во мозокот, и интерактивната игра продолжува. Трудот ја опишува првата реализација на адаптивен интерактивен интерфејс во истражувањата на интерфејсот меѓу мозокот и компјутерот.

[23] Beyond Artificial Intelligence toward Engineered Psychology

Трудот дава осврт на развојот на вештачката интелигенција и воочува три периоди во развојот во однос на тоа што е репрезент на вештачка интелигенција. Според согледувањата на овој труд, прв период е кога модел за вештачка интелигенција е компјутерски програм, втор е кога тоа е агент (на пример робот), а третиот започнува со сфаќањето дека модел за вештачка интелигенција е личност, што вклучува и емоции. Трудот укажува дека името вештачка интелигенција е веќе застарено и дека треба да се користи концепот конструирана психологија. Се укажува и на тоа дека за натамошен развој на психологијата е нужно да се воведат единици мерки, како во физиката.

[26] Professor Cupona and the first lecture on abstract automata in Macedonia.

Во трудот се истакнува улогата на професорот Ѓорги Чупона во развојот на компјутерските науки во Македонија. Се согледува дека првото предавање од областа на теоријата на автомати, кое е одржано во 1968 година во Скопје на семинар за кибернетика организиран од д-р Чупона, е всушност настан со кој започнува развојот на компјутерскиуте науки во Македонија. Во трудот е даден осврт на концептот апстрактен автомат со разни примени во областа на копјутерските науки.

[27] Artificial chromosomes as genetic disks: A system software metaphor for genetic engineering.

Трудот укажува дека биоинформатиката треба да вклучи правец кон генетско инженерство. Генетското инженерство е всушност синтетичка компонента на биоинформатиката, и треба да се додаде кон аналитичката компонента, анализата на генетските секвенци. Трудот ги разгледува вештачките хромозоми како преносливи дискови, а геномската библиотека во која човечки гени се чуваат во бактерии е согледана како систем од дискови.

[29] Genetic engineering in a computer science curriculum.

Се предлага обучување на студентите од копјутерски науки во областа на генетското инженертво и ДНК (ре)програмирањето и се дава опис за одржана лабораториска вежба за студенти по компјутерски науки во која студентите ја издвојуваат својата сопствена ДНК.

[32] Controlling robots using EEG signals – since 1988.

Во трудот се дава осврт кон првата реализација на управување на робот директно преку EEG сигнали. Резултатот е постигнат во Македонија, во тогашната

Лабораторија за интелигентни машини, биоинформатички системи, и системски софтвер на Електротехничкиот факултет. Се опишува методологијата на сигнал-процесирање со која е постигнато да се врши препознавање на промената во алфа спектарот на EEG. Демонстрацијата на реализацијата е робот кој со своја интерна интелигенција следи црна линија на подот, а субјектот со помош на промена на EEG сигналот го запира и потоа пак пушта роботот да ја следи нацртаната траекторија. Трудот укажува дека вториот резултат на управување на робот со помош на EEG сигнали е постигнат во САД, 11 години подоцна, во 1999. Со отварање на потполно нов правец во компјутерските науки и роботиката во 1988, отворен е пат на примената во управување со инвалидска количка и со уреди на домаќинството за хендикепирани лица.

*Стручна дејност*

Божиновски своите стручни реализации ги започнал во 1974 година, како вработен на Математичкиот институт со нумерички центар при УКИМ. Го водел тимот кој за потребите на Институтот за физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје изработил статистичка обработка на физички и физиолошки карактеристики на населението во Македонија. По вработувањето на Електро-техничкиот факултет започнал со изработка и испорака на електронички уреди за надворешни нарачатели. За една од реализациите, програмиран електронички реакциометар, усвоен му е патент од Југословенскиот завод за патенти во 1989 година. Почнувајки со работа во дискретна технологија, преминал на реализација на PROM-базирани, а потоа и на EPROM-базирани уреди. Своите производи двапати ги излагал на саем во Скопје, во 1978 и 1980 гоидина, за што добил златна плакета од Сојузот на пронаоѓачи на Македонија. Тимовите кој ги водел во 1983 година го реализирале првиот робот, а во 1986 првиот индустриски робот во Македонија.

Во поглед на програмските реализации и информационите системи, Божиновски е раководител на тимот кој реализирал интегрален информационен систем за ЕТФ во 1989 година, систем кој интегрира студентска служба, библиотека, сметководство и плати на вработените. Вториот поголем проект кој со својот тим го изработил е Информациониот системот за амбулантите на Медицинскиот факултет, кој е прикажан на Саем за медицина во Скопје во 1993 година. Ова е прва реализација во Македонија со помош на ORACLE систем за бази на податоци.

Дел од стручната активност Божиновски ја реализира во организирање на првите симпозиуми од областа на компјутерските науки, симпозиумите по биокибернетика во 1978, 1980 и 1984. Во 1985 е гостин-уредник на списанието Автоматика, посветено на биолошки и небиолошки суштества, во кој се публикувани одбрани трудови од симпозиумот од 1984.

Д-р Божиновски е прв член на здружениетото IEEE од областа на компјутерски науки во Македонија (од 1981 година), а во 1979 го иницирал формирањето на првото здружение од областа на компјутерски науки - Друштвото за биокибернетика на Македонија.

Како дел од својата стручна и научна дејност, Божиновски бил ангажиран во 2009 од Европската унија како експерт на програмата FP7.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Стево Божиновски е значаен научен работник од нашата држава во областа на компјутерските науки којшто својата научна и наставна кариера во последнава деценија ја изведува на Државниот универзитет на Јужна Каролина во САД. Во текот на својата работа во Македонија дал голем придонес за развојот на компјутерските науки кај нас. Неговата севкупна активност трае од средината на 70-тите години на минатиот век, кога веќе почнува светскиот бум во информатиката и кога почнуваат да се развиваат многу различни области во компјутерските науки, меѓу кои се вештачката интелигенција, роботиката и биоинформатиката. Неговата посветеност е да работи на решавање на познати долготрајно нерешени проблеми, како на пример проблемот на подоцнежно учење на невронските мрежи, проблемот на компактен математички модел на мотивацијата, емоцијата, и однесувањето, како и на отварање нови правци во науката, како на пример управување на физички објекти со помош на EEG сигнали.

Наставната работа на Божиновски се карактеризира со постојано воведување иновативност во наставниот процес, со дефинирање нови наставни планови и содржини за додипломските и последипломските студии, како и со примена на методите на далечинското учење. Заради постигнување на подобри резултати кај студентите тој организирал и студентски натпревари по информатика.

Стручната дејност на Божиновски допринела до развојот на компјутерските науки и инженество, преку изработка на софтверски системи за надворешни нарачатели уште од време на неговата работа во Математичкиот институт. Неговите електронички реализации за надворешни нарачатели биле покажани на саеми а усвоен му е и патент. Организирал симпозиуми од областа на комјутерски науки и го иницирал формирањето на Друштвото за биокибернетика на Македонија. Дел од неговата стручна активност е работата како ескперт на европската унија од областа на компјутерските науки.

Врз основа на сето искажано, **Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при УКИМ да го избере д-р Стево Божиновски за насловен вонреден професор при факултетот.**

Рецензентска комисија,

д-р Смиле Марковски, ред. проф. на ФИНКИ во Скопје с.р

д-р Марјан Гушев, ред. проф. на ФИНКИ во Скопје с.р

д-р Ванчо Кусакатов, ред. проф. на ФИНКИ во Скопје с.р

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Стево Божиновски
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** информатика и компјутерско инженерство

**ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАЗВОЈОТ НА ИНФОРМАТИЧКИТЕ НАУКИ ВО СВЕТОТ И ВО МАКЕДОНИЈА**

Овој дел е воведен за да се истакнат некои маркери во почетоците на развојот на компјутерските науки во Македонија

| Ред. број | Назив на активноста: | Значај |
|---|---|---|
| . | Божиновски С. Апстрактни автомати, Математички Институт со Нумерички Центар, Скопје, 1968. Семинар за Кибернетика, организиран од професор Чупона во 1968 | Прв труд од областа на компјутерските науки во Македонија |
| | Bozinovski S. Uvod u psihokibernetiku. Revija za Psihologiju 5:115-128, Zagreb, 1975 | Прв труд од областа на копјутерските науки објавен во списание |
| | Зборник на трудови од Симпозумот Биомедицинска кибернетика, Скопје, 1978 | Прв симпозиум од областа на компјутерските науки организиран од Македонија |
| | Божиновски С. Каталог на електроничките и програмските реализации на Институтот за Електроника, Меѓународен Саем Современа Медицина, Скопје, 1980 | Прво јавно презентирање на реализации од областа на компјутерски науки во Македонија |
| | Bozinovski S. A self-learning system using secondary reinforcement in R. Trappl (Ed..) Cybernetics and Systems Research, North Holland, p.397-402, 1982 | Прв светски научен придонес од компјутерските науки во Македонија. Решавање на проблемот на учење со подоцнежен поттик |
| | Bozinovski S. A representation theorem for linear pattern classifier training. IEEE Transactions on Systems, Man, and Cybernetics 15(1): 159-161, 1985 | Прв труд од компјутерски науки во Македонија објавен во списание од највисок ранг |
| | Bozinovski S., Sestakov M., Bozinovska L. Using EEG alpha rhythm to control a mobile robot. In G. Harris, C. Walker (eds.) Proc IEEE Annual Conf of Engineering in Medicine and Biology Society, p. 1515-1516, New Orleans, 1988 | Прво во светот управување на физички објект со помош на енергија регистрирана од човечки мозок |

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | *Подготовка на нов предмет* | |
| | Електротехнички факултет: Апликативен софтвер, Системски софтвер, Микропроцесори и миникомпјутери, Основи на софтверот, Биокибернетика, Вештачка интелигенција, Роботика | 7 |
| | Математички факултет: Оперативни системи. | 1 |
| | Медицински факултет: Медицинска информатика, Биомедицинска кибернетика | 2 |
| | Технички факултет Битола: Компјутерски системи | 1 |
| | Стоматолошки факултет: Медицинска информатика | 1 |
| | Универзитет Американ Колеџ: C# programming | 1 |
| | Универзитетски постдипломски студии по Вештачка интелигенција, роботика, и флексибилни производни системи (2) и Компјутерски науки и генетско системско инженерство (2), | 4 |
| | South Carolina State University: Introduction to computer systems, Introduction to computability, languages, and automata Artificial Intelligence, Introduction to robotics, Biocomputing and bioinformatics, Neuroinformatics and brain-computer interface | 6 |
| | Одржување на предавања* (3x15x0,04)=1,8; 3x15x0,05= 2,25 ред (ОСВИ+СС+ВИ+РО+БК)(ЕТФ)+ОС(МатФ)+ОС(ТФБито) постдиплом (БК+БИ)(МедФ)+ (БК+БИ)(СтоматолФ) ½(7x1,8)=6,3 4x2,25=9 | 15,3 |
| | Одржување на вежби*(МедФ на ЕТФ) 30x0,03 | 0,9 |
| | Консултац со студенти (ЕТФ+МедФ+други) 100x0,002 | 0,2 |
| | ***Настава во школи и работилници*** | |
| | Математичка школа Охрид | 1,5 |
| | Припрема на студенти за натпревар по информатика на ACM | 1,5 |
| | Ментор на дипломска работа (20 дипломски) | 4,00 |
| | Член во комисија за одбрана на дипломска работа (10 дипломски) | 1 |
| | Член на комисија за оценка или одбрана на докторати (4 докторски дисертации) | 2,0 |
| | Член на комисија за оценка или одбрана на магистратури (8 магистерски работи) | 2,4 |
| | ***Автор на позитивно рецензиран универзитетски учебник*** | |
| | Божиновски С. Оперативни системи и системски софтвер: Монопроцесни оперативни системи. Гоцмар, 1994. | 8 |
| | Божиновски С. Вештачката Интелигенција, Гоцмар, 1994 | 8 |
| | Божиновски С. Оперативни системи и системски софтвер: Мултипроцесни оперативни системи, Гоцмар, 1988 | 8 |
| | Божиновски С. Роботика и интелигентни производни системи. Гоцмар, 1998. | 8 |
| | ***Интерна скрипта од предавања*** | |
| | Божиновски С. Биокибернетика, нерецензиран учебник,1999 | 4 |
| | Божиновски С. Медицинска информатика, 2000 | 4 |
| | **Вкупно** | **91,8** |

## НАУЧНОИСТРАЖВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Ментор на докторска дисертација (4) | 12 |
| | Ментор на магистерски работи (8) | 8 |
| | ***Раководител на национални научни проекти*** | |
| | Адаптивни индустриски роботи, Заедница за научни дејности на Македонија, 1984-1988 | 6 |
| | Адаптивни интелигентни индустриски роботи, Министерство за наука на македонија, 1988-1992 | 6 |
| | ***Национален координатор на меѓународен научен проект*** | |
| | EMG Net, EU Copernicus, 1996-2000 | 6 |
| | ***Учесник во меѓународен научен проект*** | |
| | Master's program, Genetics and Systems Science, EU Tempus, 1997-1999 | 5 |
| | ***Раководител на меѓународен научен проект*** | |
| | Neuroscience and brain-computer interface, PI, USA NSF | 9 |
| | ***Учесник во странски научни проекти*** | |
| | Master's program, Biorobotics and Biofabrication, Co-PI, USA NSF, 2009-2011 | 7 |
| | Electrophysiological evidence of the expectation process in human brain, Co-PI, USA NIH, 2004-2005 | 7 |
| | ***Монографии објавени во странство*** | |
| | Bozinovski S. Consequence Driven Systems Gocmar Press USA, Athol, Massachusetts, 1995 (Цитирана во Scholarpedia, од врвен научен работник во областа) | 12 |
| | Bozinovski S., Schoell P. Emotions and Hormones in Learning: A Biology Inspired Control Architecture for a Trainable Goalkeeper Robot GMD Report 73, German National Center for Information Technologies, Bonn, 1999 | 10 |
| | Bozinovski S. Mueller B., diPrimio F. Biomimetic Autonomous Factories: Autonomous Manufacturing Systems and Systems Software. GMD Report 115, German National Center for Information Technologies, Bonn, 2000 | 7 |
| | ***Поглавје од монографија објавена во странство*** | |
| | Bozinovski S.: *Artificial emotion and emotion learning: Emotions as value judgements.* In A. Paiva (Ed.) Affective Interactions, LNAI 1814, Springer Verlag, 2000 | 6 |
| | Bozinovski S., Jovancevski G., Bozinovska N.: Simulation of module-based digital networks using object oriented programming. Chapter 2 in J. Power, J. Waldron (eds.) Recent Advances in Java Technology. Computer Science Press, Trinity College, Dublin, p. 11-19, 2002 | 4 |
| | Bozinovski S.: Anticipation driven artificial personality: Building on Lewin and Loehlin. In M. Butz, O. Sigaud, P. Gerard (eds.) Anticipatory Behavior in Adaptive Learning Systems, p. 133-150, Springer Verlag, 2003 | 6 |
| | Ackovska N., Bozinovska L., Bozinovski S.: *Genetic engineering in a computer science curriculum.* In G. Nalik (ed.) Applied Biological Engineering, Intech Publishers, p. 589-606, 2011 | 4 |
| | ***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор*** | |
| | Bozinovski S., Bozinovska L.: *Self learning agents: A connectionist theory of emotion based on crossbar value judgement.* Journal of Cybernetics and Systems 32:637-669, 2001 | 5 |
| | Bozinovski S. Jovancevski G., Ackovska N.: *Distributed interactive robotics classroom.* Optoelectronics Information-Power Technologies 2(4): 5-9, 2002 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Ackovska N., Bozinovski S., Jovancevski G.: Real-time Systems – Biologically Inspired Future. Journal of Computers 3(3): 56-63, 2008 | 1 |
Третото поглавје се однесува на поврзаноста на РПВО со организациските перформанси. Се елаборираат традиционалните и современите концепти на мерење на перформансите, со посебен акцент на балансираната скоркарта на Каплан и Нортон, како современ пристап за мерење на перформансите. Во ова поглавје, посебно внимание се посветува на објаснување на меѓусебниот однос на РПВО и организациските перформанси, каде што се претставуваат клучните теориски основи на поставените тези во трудот и каде што се сублимираат одредени теориски сознанија и досегашни емпириски истражувања за поврзаноста на РПВО со објективните и субјективните мерила на перформансите. Презентирани се голем број релевантни студии, спроведени претежно во развиените земји, кои даваат емпириска потврда за поврзаноста на РПВО со организациските перформанси.

Четвртото поглавје се фокусира на актуелните состојби и прилики во компаниите во Р. Македонија по однос на степенот на примена на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси. Посебен акцент е ставен на утврдување на оние практики на ЧР кои се евидентирани во практиката на македонските компании, преку претставување на досегашните емпириски наоди и сознанија (а кои на авторот му се познати) за практиките на управување со работната сила и работните односи во Р. Македонија.

Во петтото поглавје прецизно се дефинира истражувањето и ги вклучува проблемот, предметот и целите на поставеното истражување, како и очекуваните резултати и корисници на истражувањето.

Шестото поглавје се фокусира на хипотетската рамка и методолошкиот приод во истражувањето, со тоа што се презентираат истражувачките хипотези и се дефинираат варијаблите, врз основа на што се прикажува одбраниот истражувачки дизајн со примерокот и инструментите употребени во истражувањето.

Содржината на седмото поглавје се состои од анализите на добиените резултати и нивната интерпретација. Поточно, се дава дескриптивна анализа на испитуваните варијабли, нивниот однос со контролните варијабли, како и статистичко тестирање и докажување на предложените хипотези. Во продолжение се претставуваат некои дополнителни наоди кои се надвор од поставените истражувачки цели, но се интересни наоди кои даваат сознанија за степенот на влијание на РПВО врз организациските перформанси.

Во делот за дискусија се прави детално елаборирање на добиените наоди, се обработуваат сите значајни аспекти на РПВО и нивната распространетост во компаниите во Р. Македонија. Истовремено се посочува на природата и карактерот на поврзаноста на РПВО со организациските перформанси, емпириски потврдени во македонски контекст, а во светло на наодите од претходни релевантни истражувања во други земји.

Во завршниот дел насловен како „Заклучоци, ограничувања и импликации на истражувањето", врз основа на наодите добиени по анализата на резултатите од истражувањето на односот на РПВО и организациските перформанси, се сублимираат основните сознанија и заклучоци кои се однесуваат на најголемите и најуспешни компании во Р. Македонија. Посебен дел е посветен на ограничувањата на истражувањето. Во продолжение се посочуваат можните идни правци на истражување, како и импликациите по менаџерската практика.

На крајот се определуваат придобивките и придонесот на овој докторски труд во теоријата и практиката на СМЧР во Р. Македонија.

## 3. Оцена и предлог

Имајќи ги предвид претходните согледувања, Комисијата е на мислење дека кандидатката *м-р Весна Забијакин Чатлеска*, фокусирајќи го својот истражувачки интерес на една така суптилна и комплексна проблематика како што е: *Односот меѓу работните практики на високи остварувања и организациските перформанси-универзалистички приод,* дава сериозен и значаен научен придонес во областа на организациските науки- менаџментот. Трудот претставува самостоен, оригинален и научно - високостручен труд од мултидисциплинарен карактер, изработен врз база на обемен научен материјал, со спроведување на комплексно истражување на терен, и има извонредно значаен придонес во областа на анализираната проблематика.

Од содржината, методологијата и начинот на изработка на дисертацијата, како и од прикажаните резултати од истражувањето, преку успешниот спој на области, се потенцира деталното познавање на предметот на истражување, студиозниот и темелен пристап и владеење со презентираната проблематика.

Докторантката добро владее со методологијата на научноистражувачката работа, како во конципирањето на појдовната теориско - методолошка рамка, така и во формулирањето на добиените резултати од истражувањето, што се темели врз доследна примена на основните епистемолошки начела: сеопфатност, систематичност, постепеност, аналитичност, објективност, логичност и способност за воопштување.

Во елаборацијата на трудот, кандидатката, низ осмислен интерактивен пристап, користи мошне егзактен јазик и стил на изразување, продлабочена анализа на содржината на секој поим, споредување, спротивставување и корелација на сите поими, со цел да се добијат сознанија кои се систематизирани според нивното потекло, генеза и значење.

Мноштвото податоци се логички подредени, прецизно формулирани и јасно прикажани, односно се темелат врз јасна структурна операционализација на предметот на истражување. Кандидатката покажува дека е способна да ги обедини теорискиот, истражувачкиот и апликативниот приод и да направи концепциски и емпириски солидно изработен самостоен труд.

Целта на истражувањето е успешно остварена преку развивање на оригинален модел за стратегиско менаџирање на човечките ресурси, применлив во организациите во Република Македонија, што има за цел зголемување на конкурентската способност на македонските деловни субјекти, а со тоа и на националната економија.

Комисијата цени дека тоа е научен труд, кој по својот пристап, начинот на изработка и добиените резултати во секој поглед ги задоволува формалните и суштинските услови кои се потребни за една докторска дисертација, од аспект на содржина, обем и постигнатото ниво на квалитет.

Покрај научно-теорискиот придонес за донесување одлуки од стратегиско значење, исклучителна важност има научно-апликативниот придонес на докторската дисертација. Преку креативноста, мултидисциплинарниот и научниот пристап е овозможено поврзување на целото истражување во една логичка целина, чија вредност е зголемена со можноста за примена во практиката.

Комисијата беше едногласна во констатацијата дека кандидатката во својата докторска дисертација целосно успеала да одговори на предизвиците што ги поставила при дефинирањето на предметот на истражување. Тезите што ги поставува мошне успешно ги развива со поткрепени и аргументирани ставови и заклучоци. Постигнатата научна егзактност и вредност на докторската дисертација се целосно прифатени и заслужуваат висока оцена.

Имајќи го предвид изнесеното мислење и оцена на докторската дисертација, нејзината актуелност и научен пристап, Комисијата му предлага на Научниот совет на ИСППИ:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација *Односот меѓу работните практики на високи остварувања и организациските перформанси- универзалистички приод,* и

2. на кандидатката *м-р Весна Забијакин Чатлеска*, да ѝ се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 5.3.2013 година

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација

1. Д-р Мирјана Борота Поповска с.р.

2. Д-р Емилија Симоска с.р.

3. Д-р Јорде Јакимовски с.р.

4. Д-р Марија Топузовска Латковиќ с.р.

5. Д-р Елеонора Серафимовска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА СТРУЧНАТА МОНОГРАФИЈА „КЛИНИЧКА АНАТОМИЈА НА УВОТО И ОРГАНОТ ЗА СЛУХ И РАМНОТЕЖА" од проф. д-р М. ПАПАЗОВА со соработниците: доц.д-р Јулија Живадиновиќ и м.сор д-р Јане Нетковски

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 20. 12. 2012 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за оцена на текстот на монографијата „Клиничка анатомија на увото и органот за слух и рамнотежа", од авторите проф. д-р Марија Папазова, доц. д-р Јулија Живадиновиќ и научен сор. д-р Јане Нетковски.

Рецензентската комисија во состав:

- проф. д-р Костандина Корнети-Пекевска и
- проф. д-р Ѓорѓи Оровчанец,

има чест и задоволство до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Предмет на оваа рецензија се содржината и структурата на монографијата насловена „Клиничка анатомија на увото и органот за слух и рамнотежа". Автори се проф. д-р Марија Папазова, доц. д-р Јулија Живадиновиќ и н. сор. д-р Јане Нетковски. Уредник на учебникот е проф. д-р Марија Папазова. Нејзиното долгогодишно едукативно, стручно и педагошко искуство од подрачјето, заедно со афирмираните коавтори доц. д-р Јулија Живадиновиќ и н. сор. д-р Јане Нетковски, овозможи создавање на современ концепт на стручно издание според зацртаната тематска содржина. Во содржината на приложениот материјал преовладува клинички ориентираната применета анатомија на увото и на органот за слух и рамнотежа во однос на клиничкиот дел. Сепак, придржувајќи се на зацртаниот концепт за планираното издание, авторите напишаа вредна интердисциплинарна стручна монографија.

Основни одлики на монографијата се:
-јасен преглед на компонентите на увото, нивната систематизација, топографски соодноси, васкуларизација и инервација од аспект на клиничката анатомија;
-интерпретација на низа патолошки, патофизиолошки и, пред сé, клинички феномени поврзани со овој комплексен сетилен орган;
-клиничките аспекти на неговата нарушена функција.
Содржината на текстот е прегледно презентирана на 98 страници и 64 слики. Содржината е систематизирана во два дела, како што следува.

Дел 1.

Првиот дел е насловен "Клинички ориентирана анатомија на увото и органот за слух и рамнотежа, опфаќа 67 страници и 37 слики, и според традиционалната анатомска поделба е подреден во три глави: "Надворешно уво"- на 5 страници со 1 слика; "Средно уво"- на 13 страници со 9 слики;

"Внатрешно уво"- на 43 страници и 26 илустрации. Во секоја глава одделно се прикажани следниве содржини:
Презентирани се компонентите на надворешното уво, аурикулата и надворешниот ушен канал, нивната морфологија, структура, васкуларизација и инервација. Потоа се прикажани компонентите на средното уво, со акцент на тапанската празнина, нејзините соодноси и содржина, како и нивната васкуларизација и клиничко значење.
Внатрешното уво е прикажано во три дела поради комплексноста и функционалната специфичност на структурите во него, како и неговата поврзаност со централниот нервен систем: прикажани се морфолошките карактеристики и микроструктурата на коскениот и мембранозниот лавиринт; компонентите на вестибуларниот систем, неговиот статички и динамички дел, како и периферниот, централните делови и кортикалните завршетоци на вестибуларниот пат, вестибулокортикалните врски и неговата координираност со позицијата на главата и телото во просторот; со акустичниот систем, составен од сензорниот дел на кохлеата, кохлеарниот нерв и централниот акустичен пат се опишани механизмот на спроведувањето на звукот и на функционалниот и аспект на глувоста.

Дел 2.

Заболувањата на органот за слух и рамнотежа - се прикажани на 28 страници со 27 илустрации. Поделен е во 3 глави, во кои се презентирани заболувањата на надворешното, средното и внатрешното уво.
Најчестите заболувања на надворешното уво се групирани како повреди, неинфламаторни и инфламаторни заболувања. Тие се прикажани на 13 страници и 17 слики. Во следната глава се изнесени повредите, неинфламаторните и инфламаторните заболувања на средното уво, на 10 страници со 9 илустрации. Во последната, шеста глава, презентирани се кохлеарните и вестибуларните нарушувања, на 5 страници и една слика.
На крајот од монографијата се наведени 67 релевантни библиографски единици од современата медицинска литература, кои се користени во пишувањето на монографијата.

Текстот е соодветно компониран, систематизиран и презентиран. Стилот и јазикот се воедначени, јасни, концизни и терминолошки коректни. Мултидисциплинарниот пристап нуди базични сознанија, кои претставуваат морфолошка основа за специјалистички постапки и за натамошни научни активности. Затоа, покрај доминантните факти за анатомските карактеристики на сложената структура на увото, во монографијата се наведени и голем број податоци за неговата микроструктура, функција, како и за најчестите заболувања на органот за слух и рамнотежа. Авторите се обидоа и успејаа сите релевантни податоци меѓусебно да ги поврзат и вклопат во единствена целина. Обемот на монографијата овозможува да се користи во современата едукација. Современите сознанија за комплексноста на морфолошката структура и функцијата на овој орган се изнесени во форма која секој консумент може да ја прифати, да ја научи и да ја примени.

Се очекува монографијата со презентираните анатомски информации во клиничката средина да наиде на интерес кај специјалистите и постдипломците од областа на оториноларингологијата, како и од неврологијата, логопедијата и дефектологијата. Таа, исто така, е од полза за збогатување на базичната едукација на студентите од додипломските и студиите за стручните профили на високите стручни школи, како и од сродните факултети.

## ЗАКЛУЧОК

Комисијата смета дека предложениот текст, според својата тематска концепција, содржинска подреденост и обем, одговара на замислата на авторите и на предложениот наслов „Клиничка анатомија на увото и органот за слух и рамнотежа". Автори се: проф. д-р Марија Папазова, доц. д-р Јулија Живадиновиќ и н. сор. д-р Јане Нетковски. Изготвениот труд соодветствува на зацртаната цел и е во форма на стручна монографија.
Таа е наменета за широк спектар на корисници, пишувана е да служи како основа за проширување и збогатување на знаењата на корисниците, како во применетите базични сознанија, така и во практичната примена на апликативната анатомија на увото и сетилниот орган за слух и рамнотежа. Има значаен придонес во едукацијата на студентите, поттикнувајќи активен пристап во изучувањето на одделни клинички ориентирани теми.
Во содржината на оваа медицинска стручна монографија, се промовира поврзаноста на современите сознанија за комплексноста на морфолошката структура и функционалната анатомија на увото и сетилниот орган за слух и рамнотежа со клиничките импликации кај одделни кохлеарни и вестибуларни нарушувања и заболувања на увото, кои се недоволно застапени. Во евентуалното следно издание, препорачуваме проширување.
Предложениот наслов „Клиничка анатомија на увото и органот за слух и рамнотежа", од авторите проф. д-р Марија Папазова, доц. д-р Јулија Живадиновиќ и н. сор. д-р Јане Нетковски, соодветствува на материјата опфатена во содржината на монографијата.
Комисијата го оценува приложениот труд за стручна монографија и има чест и задоволство да препорача печатење и издавање на приложениот напишан материјал.

Скопје
26. 02. 2013 г.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Костандина Корнети-Пекевска с.р.
2. Проф. д-р Ѓорѓи Оровчанец с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## „КАРАКТЕРИЗАЦИЈА И АГРОНОМСКА ЕВАЛУАЦИЈА НА НЕКОИ ЛИНИИ ПИПЕРКА (*CAPSICUM ANNUUM L.*) ДОБИЕНИ СО МЕТОДОТ НА АНДРОГЕНЕЗА", ИЗРАБОТЕНА ОД м-р ФИДАНКА ТРАЈКОВА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-296/3 на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, донесена на 48 седница, одржана на 7.2.2013 год., формирана е Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов „Карактеризација и агрономска евалуација на некои линии пиперка (*Capsicum annuum L.*) добиени со методот на андрогенеза", пријавена и изработена од м-р Фиданка Трајкова, асистент на Земјоделскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Комисијата во состав: д-р Данаил Јанкулоски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна, д-р Соња Ивановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна, д-р Лилјана Колева-Гудева, вонреден професор на Земјоделскиот факултет - Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје и д-р Рукие Агич, вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје, ја прегледа доставената докторска дисертација и има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов „Карактеризација и агрономска евалуација на некои линии пиперка (*Capsicum annuum L.*) добиени со методот на андрогенеза", изработена од м-р Фиданка Трајанова, е напишана на 131 стр. со вообичаен проред, во кои се вклучени 33 табели, 7 графикони и 21 оригинална слика. Дисертацијата содржи осум основни поглавја, и тоа: Вовед, Предмет и цел на истражувањата, Преглед на досегашните истражувања, Материјали и методи на работа, Климатски услови во регионот на истражување, Резултати од истражувањата со дискусија, Заклучоци, Литература, како и Прилог со слики.

Во **воведот** е истакнато значењето на пиперката во светот и кај нас. Во светот пиперката е застапена на 1878800 ha, со вкупно производство од 29421000 t (податоци од ФАО). Докторантката наведува дека во Македонија, во периодот 2000-2010 година, површините со пиперка се движат меѓу 8500 и 9000 ha, со среден принос од 15,9 t/ha. Имајќи го предвид значењето на пиперката, докторантката потенцира дека е неопходно да се збогати генофондот на оваа култура со примена на современите методи на растителна биотехнологија. Андрогенезата е еден од методите за добивање на андрогенетски растенија – линии кои пред да се вклучат во селекциските процеси треба да се карактеризираат и евалуираат во однос на многу агрономски својства.

Во поглавјето **Предмет и цел на истражувањето,** докторантката наведува дека генотиповите кои се добиваат со конвенционалниот начин на селекција најчесто имаат одредени аномалии. Тие можат да се надминат со воведување на нови биотехнолошки методи, како што е методот на

андрогенеза. Со користење на овој метод од две автохтони и една интродуцирана сорта пиперка добиени се фертилни андрогенетски линии кои се предмет на истражувањата во оваа дисертација. Цел на истражувањето е да се изврши опис и оцена на морфолошките, биолошките и продуктивните карактеристики на линиите во однос на изворните генотипови. Крајната цел е врз база на добиените резултати за потенцијалот на линиите да се даде препорака за нивно практично искористување и вклучување во селекциска програма за креирање нови сорти пиперки.

Во поглавјето **Преглед на досегашните истражувања** се изнесени податоци за бројни истражувања од областа на создавањето на нови генотипови/сорти пиперка како потенцијал за нивно директно користење во селекцискиот процес или за збогатување на генофондот на пиперката преку депонирање семе во националните ген-банки. Докторантката сеопфатно изнесува податоци од бројни, пред сè, странски автори за најсовремените методи и техники кои се користат за подобрување на пиперката. Поголемиот дел од нив се однесуваат на андрогенезата, како една од поновите биотехнологии која вклучува регенерација на хаплоидни ембриони добиени од машки гамети и добивање хаплоидни и дихаплоидни растенија од нив. Наведени се податоци дека до 2003 година се развиени протоколи за андрогенеза кај повеќе од 250 видови, како што се пченица, тутун, ориз, па дури и дрвенести видови. Кај голем дел од овие видови, андрогенетските растенија успешно се користат во процесот на селекција за создавање комерцијални сорти. Сепак, кај градинарските видови процентот на успешно регенерирани и фертилни андрогенетски растенија сè уште е мал. Затоа во литературните податоци има релативно мал број научни известувања поврзани со целосна регенерација на андрогенетски растенија на пиперка, нивна карактеризација и евалуација, како и за нивно директно учество во селекциските програми.

Во поглавјето **Материјал и методи,** најпрво накусо е објаснета постапката и методот за добивање на андрогенетските линии кои се користени како материјал за работа во истражувањата. Докторантката наведува дека линииите се добиени од сортите куртовска капија, пиран и фехерозон по методот на Dumas de Valux et al. (1981). Добиените ембриоиди потоа се регенерирани до цели растенија, а од фертилните андрогенетски растенија (линии) се добиени плодови и семе. Регенерираните растенија етапно се аклиматизирани во соодветни комори каде што биле засеани во стерилна средина, а потоа се пренесени во стакленик покриен со акрилно платно.

Во истражувањата се користени 7 линии пиперка добиени со андрогенеза, и тоа: линиите КК1 и КК2 добиени од сортата куртовска капија, линиите P3 и P4 добиени од сортата пиран и линиите F5, F6 и F7 добиени од сортата фехерозон. Испитуваните линии се споредувани со соодветните сорти од кои се добиени.

За да се изврши целосна карактеризација и евалуација на издвоените андрогенетски линии, испитувањата се вршени во опитниот стакленик на Наставниот центар во Струмица при Земјоделскиот факултет во Штип, во текот на четири години (2007-2010 година).

Опитот со андрогенетските линии и трите изворни сорти (куртовска капија, пиран и фехерозон) кои беа користени како контроли за споредба на резултатите од испитуваните линии бил поставен во 4 повторувања, распоредени по методот случаен блок систем, со 10 растенија во секое повторување или вкупно со 40 растенија од секој генотип (варијанта). Во текот

на вегетацијата биле применувани стандардни агротехнички мерки за одгледување на пиперка во заштитен простор. Наводнувањето и прихраната биле вршени преку фертиригација со системот „капка по капка“.

Во текот на истражувањата (за секоја година посебно и просечно за четиригодишниот период на испитување), докторантката ги анализирала следниве карактеристики:

- биолошки својства – број на денови до појава и траење на фенофазите: никнење, почетно цветање, масовно цветање и плодоносење до технолошка и до ботаничка зрелост;
- морфолошки својства - висина на растение во максимален пораст, висина на стебло до првото разгранување, дебелина на стебло, димензии и форма на листови, број на цветови и на оплодени цветови, како и својствата на плодовите во технолошка и во ботаничка зрелост: маса на плод, должина на плод, индекс (форма) на плод, дебелина на перикарп, број на комори, рандман на плодот, содржина на суви материи во свеж плод, маса на семе од плод и број на семки во плод;
- продуктивни својства - број на плодови на растение, принос од растение (g) и вкупен принос од единица површина (kg/m$^2$).

Добиените податоци од анализата на својствата, кандитатката статистички ги обработила преку анализа на варијансата со ONE-WAY ANOVA. За утврдување на значајноста на разликите помеѓу испитуваните генотипови и за нивно рангирање го користела Duncan-овиот многукратен тест на ниво на различност од 0,05 и 0,01.

Во поглавјето **Климатски услови,** м-р Фиданка Трајкова прави мал осврт пред сѐ на температурните услови во реонот на испитување – Струмица, кој е под влијание на медитеранската клима. Температурните услови во експерименталниот период (2007/2010) за одделните години се претставени на климадијаграми по Walter. Во четиригодишниот период со највисока средномесечна температура се одликуваат месеците јули и август. Докторантката наведува дека температурите и врнежите немаат директно влијание на растот и развитокот на пиперката одгледувана во заштитен простор, туку нивното влијание е индиректно. При тоа, таа констатира дека условите биле просечно поволни за одгледување на пиперка во заштитен простор.

Поглавјето **Резултати од истражувањето со дискусија** зазема најмногу простор во дисертацијата. За полесно следење и интерпретирање, ова поглавје е поделено на повеќе потпоглавја. Добиените резултати од истражувањата се прикажани во соодветни табели, графикони и слики.

**Појава на одделни фенофази**. Никнењето на сите анализирани генотипови во текот на целиот период на испитување настанало за 13-15 дена од сеидбата, при што разлики помеѓу варијантите не се регистрирани. Просечно за целиот период на испитување фенофазата почеток на цветање е утврдена по 77 и 78 дена од никнењето кај линиите КК1 и КК2, по 78 дена кај линијата Р3, по 70 дена кај линијата Р4, додека кај линиите F5, F6 и F7 цветањето се појавило по 68. – 71. ден.

Вегетацискиот период од никнење до технолошка зрелост кај линиите КК1 и КК2 изнесувал 131 и 132 дена, соодветно, а до ботаничка зрелост овој период изнесувал 154 и 152 дена соодветно. Споредено со контролата линијата КК2 е пораностасна за 3 дена. Линиите Р3 и Р4 во споредба со контролата

(Пиран) имале ист вегетациски период до технолошка и ботаничка зрелост. Кај линиите добиени од сортата фехерозон, вегетацискиот период до технолошка зрелост изнесувал 110 дена кај F5 и F6 и 109 дена кај линијата F7. Во споредба со контролата, линиите имале подолг вегетациски период до технолошка и до ботаничка зрелост за 6-7 дена. Врз база на добиените резултати за појавата и времетраењето на фенофазите, докторантката констатира дека линиите КК1 и КК2 спаѓаат во групата на доцнозрели сорти, а линиите P3, P4, F5, F6 и F7 спаѓаат во групата на среднозрели сорти.

Кандидатката наведува дека морфолошките карактеристики на видовите од фам. Solanaceae, на растенијата во целина, стеблото, листовите, цветовите и плодовите се значајни параметри со кои најчесто се врши детерминација, карактеризација и припадност на генотиповите кон одредени типови сорти.

Описот на растенијата од испитуваните линии е вршен во нивен максимален пораст. Средната височина на растенијата од линијата КК1 изнесува 115,0 cm, а од линијата КК2 94,98 cm и овие вредности сигнификантно се разликуваат од вредноста на контролата. Според добиените резултати, овие линии спаѓаат во групата на високи сорти пиперка. Височината до првото разгранување на линиите КК1 и КК2 се движи меѓу 42 и 44 cm и во однос на контролата постојат извесни разлики. Извршена е и анализа на дебелината на стеблото и должината на интернодиите. Андрогенетските линии P3 и P4 добиени од сортата „пиран" се одликуваат со средна височина на растението од 88,55 cm (P3) и 93,68 cm (P4) и во однос на контролата (87,61 cm) сигнификантно е повисоко стеблото на P4. Двете линии сигнификантно се разликуваат од контролата и за височината на растението до првото разгранување. Анализите за дебелината на стеблото и должината на интернодиите покажуваат дека меѓу линиите (P3 и P4) и контролата средните вредности статистички значајно се разликуваат.

Четиригодишните средни вредности за височината на растенијата кај линиите F5, F6 и F7 изнесуваат 42,17, 42,26 и 40,84 cm, редоследно, и статистички не се разликуваат значајно меѓу себе, ниту во однос на вредноста на контролата. Карактеристично е дека кај овие линии сигнификантни разлики меѓу средните вредности нема ниту за височината до првото разгранување, дебелината на стеблото и должината на интернодиите. Резултатите за сите овие својства јасно се претставени на графикони.

Димензиите (должина, широчина) и формата на листот кај сите испитувани линии и во споредба со нивните контроли според просечните средни вредности за целиот период на испитување генерално не се разликуваат. Статистички докажани разлики, споредено со контролата, се забележени кај линиите КК1 и КК2 за должината и формата на листот, кај линиите P3 и P4 за широчината и формата на листот и кај линиите F5, F6 и F7.

**Морфолошките карактеристики** на плодовите кај пиперката се одликуваат со висок степен на варирање како резултат на сортата (генотипот) и влијанието на надворешните фактори. Должината на плодот во технолошка зрелост кај андрогенетските линии КК1 и КК2 добиени од сортата куртовска капија во просек за експерименталниот период изнесува 10,05 cm (КК1) и 10,40 cm (КК2), при што сигнификантно се разликува вредноста на КК1 (10,05 cm) од вредноста на контролата (10,69 cm). Во ботаничка зрелост, должината на плодот се движи во рамките на должината на плодовите во технолошка зрелост и нема сигнификантна разлика меѓу линиите и контролата. Односот меѓу должината и широчината на плодот ја определува формата на плодот. Според добиените резултати, изразени како индекс на плодот, линиите КК1 и КК2

спаѓаат во долги двострани пиперки. Масата на плодот, просечно за експерименталниот период кај линиите КК1 и КК2 во технолошка зрелост изнесува 59,97 g (КК1) и 66,84 g (КК2), при што е утврдена сигнификантна разлика меѓу линиите и контролата. Во ботаничка зрелост, средната вредност за масата на плодот кај КК1 и КК2 изнесува 65,05 g и 71,20 g, соодветно, и таа сигнификантно се разликува од масата на плодот на контролата. Бројот на коморите во двете фази на зрелост во просек се движи меѓу 2,12 и 2,16, што укажува на тоа дека плодовите се типично двострани.

Андрогенетските линии P3 и P4 добиени од сортата пиран се одликуваат со просечна должина на плодот од 14,62 cm и 14,90 cm која во однос на должината на плодот на контролата сигнификантно не се разликува. Според добиените резултати за ова својство, испитуваните линии спаѓаат во типот долги пиперки. Широчината на плодот на линиите во двете фази на зрелост статистички се разликува на ниво од 0,05 во однос на широчината на плодот на контролата. Масата на плодот кај линиите P3 и P4 се движи меѓу 41,16 и 39,82 g во технолошка и меѓу 41,45 и 42,84 g во ботаничка зрелост. Во двете фази на зрелост, средните вредности на линиите се сигнификантно поголеми од вредноста на контролата. Во однос на бројот на коморите, докторантката не утврдила значајни разлики меѓу андрогенетските линии и контролата.

Андрогенетските линии F5, F6 и F7, добиени од сортата фехерозон, имаат сигнификантно различна четиригодишна просечна вредност за должината на плодот во технолошката и ботаничка зрелост во однос на контролата. Статистички значајни разлики меѓу средните вредности на линиите во однос на контролата се забележени и кај широчината на плодот во технолошка и ботаничка зрелост. Според индексот на плодот (односот меѓу должината и широчината), испитуваните линии спаѓаат во групата на куси широкоплодни сорти пиперка. Средните вредности на линиите за масата на плодот во технолошка зрелост се движат од 78,55 до 83,18 g и се во рамките на вредноста на контролата (80,38 g). Во ботаничка зрелост, масата на плодот на сите андрогенетски линии статистички значајно се разликува од масата на контролата (98,61 g). Бројот на комори во плодот во просек се движи од 3,05 до 3,24, наспроти 3,31 кај контролата. Согласно со наведените димензии на плодот, испитуваните линии спаѓаат во групата на пиперки со купаста форма на плодови.

Покрај дименизиите на плодот (должина, широчина, маса и број на комори), испитувани се и својствата рандман, дебелина на перикарпот, суви материи, маса на семе во плод и број на семки во плодот при што се добиени вредности кои во целост ги карактеризираат плодовите.

**Производните карактеристики** на испитуваните генотипови докторантката ги утврдила врз база на вредностите за бројот на плодови на растение и масата на плод, изразени како принос од растение и принос од единица површина.

Андрогенетските линии K1 и K2 добиени од сортата куртовска капија во просек формирале 6,22 плодови, наспроти 5,19 кај контролата. Најмногу плодови на растение во 4-годишниот период на испитување има линијата КК1 (8,35). Приносот од растение е најголем (481,5 g) кај линијата КК1 која воедно има највисок принос во сите години, но тој сигнификантно не се разликува од приносот на контролата. Аналогно на оваа појава, се движат и приносите од единица површина (kg/m$^2$).

Кај андрогенетските линии P3 и P4, добиени од сортата пиран, бројот на плодови на растение варира од 3,25 до 9,68. Сигнификантност на разликите

меѓу средните вредности е утврдена само во 2008 година, во споредба со контролата. Приносот на плодови од растение е најголем кај линијата Р4 во 2009 година (420,2 g). Повисоки приноси во оваа година се регистрирани и кај линијата Р3, како и кај контролата, меѓутоа во однос на контролата тие сигнификантно не се разликуваат.

Кај андрогенетските линии F5, F6 и F7, добиени од сортата фехерозон, просечниот број на плодови на растение за испитуваниот период изнесува 5,15 (F5), 5,25 (F6) и 4,91 (F7), додека контролата се одликува со 4,54 плодови на растение. При тестирањето на добиените резултати, кандидатката не утврдила сигнификантна разлика помеѓу средните вредности. Приносот на плодови од растение кај андрогенетските линии се движи меѓу 329,0 и 377,4 g и тој статистички на се разликува во однос на приносот на контролата (349 g). Соодветно на овие резултати, се движат и приносите од единица површина.

Постигнатите резултати за бројот на плодови на растение и приносот од растение и од единица површина во текот на експерименталниот период се релативно ниски бидејќи високите температури за време на цветањето и оплодувањето резултирале со висок степен на абортирање. Од друга страна, со цел да обезбеди потребна количина на семе за натамошната употреба, докторантката голем број од плодовите ги оставала целосно да дозреат, што директно влијае на приносот.

**Агрономски потенцијали и евалуација на андрогенетските линии**

Врз основа на добиените резултати од 4-годишните проучувања на голем број параметри, докторантката ги евалуирала андрогенетските линии пиперка и го утврдила нивниот агрономски потенцијал.

Андрогенетските линии КК1 и КК2 се карактеризираат со просечна височина на растенијата во максимален пораст од 94,9 до 115,5 cm и со 0,9 cm дебело стебло. Масата на плодот кај линијата КК1 се движи меѓу 56,9 и 65,0 g. Должината на вегетацискиот период до ботаничка зрелост изнесува 154 дена за линијата КК1 и 152 кај линијата КК2. Искористеноста на плодот (рандман) изнесува 77,8%. Во однос на контролата (куртовска капија), докторантката констатира дека линиите КК1 и КК2 се разликуваат за 7 својства (височина на растение, број на цветови, индекс на лист, индекс на плод, број на плодови и маса на плод).

Андрогенетските линии Р3 и Р4 во максимален пораст се одликуваат со височина на растенијата од 88,5 cm (Р3) и 93,6 cm (Р4) и со дебелината на стеблото од 0,94 cm (кај двете линии) и во однос на контролата статистички не се разликуваат значајно. Линиите Р3 и Р4 спаѓаат во групата на високи сорти пиперка. Масата на плодовите кај линиите изнесува 41,4 и 42,8 g. Двете вредности се разликуваат сигнификантно од масата на контролата. Рандманот на плодовите кај линијата Р3 изнесува 77,9%, а кај линијата Р4 78,5%. Должината на вегетацискиот период кај линиите изнесува 108 дена до технолошка и 129 до ботаничка зрелост. Според тоа, овие линии спаѓаат во средно ранозрели сорти. Во однос на контролата, андрогенетските линии Р3 и Р4 се разликуваат за седум поважни својства.

Андрогенетските линии F5, F6 и F7 имаат височина на растенијата во максимален пораст од 42,2 cm (F5 и F6) и 40,8 cm (F7). Масата на плодовите кај линијата F5 во просек изнесува 81,6 g во технолошка и 88,4 g во ботаничка зрелост. Кај линиите F6 и F7, масата на плодот изнесува 89,3 и 79,4 g, соодветно, и во однос на контролата статистички значајно се разликува.

Дебелината на перикарпот изнесува 0,45 до технолошка и 0,49 cm во ботаничка зрелост. Должината на вегетацискиот период до технолошка зрелост изнесува 109-110 дена, а до ботаничка - 131 ден. Според овие показатели, линиите спаѓаат во групата на среднозрели пиперки.

Во поглавјето **Заклучоци,** докторантката систематизирано изведува јасни и концизни заклучоци од добиените резултати, редоследно според содржината на истражувањата.

Во поглавјето **Литература** цитирани се 125 автори, од кои 33 домашни и 92 странски автори.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација со наслов „Карактеризација и агрономска евалуација на некои линии пиперка (*Capsicum annuum* L.) добиени со методот на андрогенеза", изработена од м-р Фиданка Трајкова, асистент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, според содржината, дефинираните цели, методологијата на истражување, добиените резултати и нивната интерпретација и заклучоците, претставува самостоен оригинален научен труд кој ги исполнува критериумите за докторска дисертација. Добиените резултати од истражувањата претставуваат значаен научен придонес во областа на градинарството.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, да ја прифати изработената докторска дисертација и да овозможи нејзина јавна одбрана.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Данаил Јанкуловски с.р.

2. Проф. д-р Соња Ивановска с.р.

3. Проф. д-р Лилјана Колева-Гудева с.р.

4. Проф. д-р Гордана Попсимонова с.р.

5. Проф. д-р Рукие Агич с.р.

***ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ***

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | ***Наслов на темата*** | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| 1. | Љиљана Трајаноска | "Измами и незаконити постапки во ревизијата" | д-р Татјана Петковска |
| 2. | Елена Прчковска | "Анализа на влијанието на финансиските кризи врз извозните можности на компаниите - студија на случај" | д-р Климентитна Попоска |
| 3. | Адриана Поповска | "Рани предупредувачки сигнали за банкарска криза" | д-р Климентитна Попоска |
| 4. | Маја Цветковска | "Влијанието на регрутацијата и селекцијата на човечките ресурси врз ефикасноста на претприемничките организации" | д-р Васил Поповски |
| 5. | Билјана Индова | "Значењето и влијанието на странските директни инвестиции во Република Македонија, со фокус на турските инвестиции" | д-р Дејан Пендев |
| 6. | Слаѓана Глигоровска Арсески | "Методи на плаќање во странство со посебен осврт на состојбите во Република Македонија" | д-р Биљана Ангелова |
| 7. | Бети Николовска | "Примена на меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување во Република Македонија" | д-р Биљана Ангелова |

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени магистерски програми и наслови на теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за музичка уметност во Скопје**

| Кандидат/ка | Магистерска програма/наслов на тема за изработка на магистерски труд | Комисија |
|---|---|---|
| Горан Диниќ | „Музички материјал во наставата по предметот музичка култура во прво одделение во основните училишта во Србија“ | Проф. д-р Викторија Коларовска – Гмирја<br>Проф. д-р Димитрије Бужаровски<br>Вонр. проф. м-р Снежана Димчевска |
| Розета Ѓоргиевска | „Наставата по хор и оркестар во основните училишта во Скопје“ | Проф. д-р Викторија Коларовска – Гмирја<br>Проф. д-р Димитрије Бужаровски<br>Вонр. проф. м-р Снежана Димчевска |
| Дешира Ахмети | Улогата на Лиу во операта „Турандот“ | Вонр. проф. м-р Весна Ѓиновска – Илкова<br>Проф. м-р Билјана Јакимовска<br>Проф. м-р Марија Наумовска |
| Неда Шуминоска | A. Stradella: Pieta Signore<br>G. Pergolesi: Stabat mater<br>-“Cujus animam gementem”<br>-“Vidit suum dulcem natum”<br>J. S. Bach: Pasija po Matej<br>-“Blute nur, du liebe Herz”<br>-“Ich will dir mein Herze schenken”<br>W. A. Mozart: Cosi fan tutte, arija na Despina (“In uomini, in soldati”)<br>W. A. Mozart: Don Giovani, arija na Zerlina (“Batti,batti o bel Masetto”)<br>V. Bellini: Norma, аријana Norma (“Casta diva”)<br>G. Verdi: La forza del destino, arija na Leonora (“La vergine degli angeli”)<br>A. Dvořák: Rusalka, arija na Rusalka<br>A. Dvořák: Ciganski melodii op.55<br>F. Schubert: Standchen “Leise flehen meine Lieder” | Доц. д-р Горан Начевски<br>Проф. м-р Билјана Јакимовска<br>Проф. м-р Марија Наумовска |

| | | |
|---|---|---|
| Стеван Томашевиќ | А. Дворжак: Библиски песни оп.99<br>П. И.Чајковски: „Молитва“<br>А. Бородин: Кнез Игор, арија на Кнез Игор<br>G. Verdi: Don Carlos, arija na Rodrigo (“Per me giunto”)<br>G.B.Pergolesi: “Nina”<br>G.Bononcini: Per la gloria d’adorarvi<br>G.Martini: Piacer d’amor<br>C.W. Gluck: O del mio dolce ardor<br>A. Scarlatti: Se florindo e fedele<br>F. Gasparini: Lasciar d’amarti<br>A. Scarlatti: Son tutta duolo<br>D. Cimarosa: Resta in pace<br>G. Carissimi: Vittoria, vittoria | Доц. м-р Славица Петровска-Галиќ<br>Проф. м-р Билјана Јакимовска<br>Проф. м-р Марија Наумовска |
| Аделина Паљоја | A.Catalani: La Vali, арија на Вали („Ebben! Ne andro lontana“)<br>S. Rachmaninoff:<br>- Uzh ty niva moya<br>- Polyubila ya na pechal svoyu<br>Son<br>-Zdes’ khorosho<br>-Davno’i moy drug<br>V.Bellini: La sonnambula, Recitative, aria , finale (Amina)<br>W. A. Mozart: Cosi fan tutte Recitative, aria Fiordiligi<br>L. Delibes: “Le filles de Cadis” (Chanson Espagnole)<br>C. Gounod: Romeo et Julia, Arija na Julija “Je veux vivre”<br>G. Donizzeti: Lucia di Lammermoor, arii na Lucia<br>-“Regnava nel silenzio”<br>-“Quando rapito in estasi”<br>J. Turina: Ciklus tri pesni “Homenaje a lope de vega”op.90 | Проф. м-р Билјана Јакимовска<br>Проф. м-р Марија Наумовска<br>Доц. д-р Горан Начевски |
| Благица Поп Томова | V. Bellini: Norma, arija na Norma (“Casta Diva”)<br>R. Leoncavallo: Pagliacci, arija na Neda (“Qual fiamma avea”)<br>W. A. Mozart: Don Giovanni, речитатив и арија на Donna Anna (“Non mi dir”) | Проф. м-р Билјана Јакимовска<br>Проф. м-р Марија Наумовска<br>Доц. д-р Горан Начевски |

| | | |
|---|---|---|
| | G. Puccini: La Boheme, arija na Mimi (“Si, mi chiamano Mimi”)<br>G. Verdi: Il Trovatore, arija na Leonora (“Tacea la notte”)<br>П. И. Чајковски: Пикова дама, арија на Лиза („Уж полночъ близится“)<br>G. Verdi: La Traviata, ulogata na Violetta Valery | |
| Тања Крстевска | А. Архангелски: Гласом мојим<br>П. Чеснаков: Да исправит сја молитва моја<br>А. Архангелски: Помишљају ден страшниј<br>П. И. Чајковски: „Вјерују “ и „Милост мира“-од литургија оп.41<br>L. Delibes: Messe breve<br>W. A. Mozart: Tantum ergo KV142 | Вонр.проф. м-р Сашо Татарчевски<br>Проф. м-р Саша Николовски<br>Доц. д-р Ивица Зориќ |
| Ана Ѓорѓиоска | Д. Скарлати: Соната Це-дур К159, Соната де-мол К9, Соната Е-дур К20, Соната де-мол<br>Л. В. Бетовен: Соната оп.31 бр.1 Ге-дур<br>Ј. Брамс: Шест пиеси оп.118<br>Л. В. Бетовен: Концерт за пијано и оркестар бр.3 во це-мол оп.37 | Проф. м-р Рита Поповиќ<br>Вонр. проф. м-р Зоран Пехчевски<br>Проф. м-р Катерина Костадиновска - Гелебешева |
| Жарко Паунов | С. Рахмањинов: Соната бр.2 оп.36<br>С. Рахмањинов: Елегија оп.3 бр.1, Прелудиум оп.3 бр.2, Мелодија оп.3 бр.3, Полишинел оп.3 бр.4, Серенада оп.3 бр.5<br>И. Стравински-Г.Агости: Свита „Жар птица“ (Danse infernale, Berceuse et Finale)<br>С. Прокофјев: Концерт за пијано и оркестар бр.2 во ге-мол, оп.16 | Проф. Борис Романов<br>Проф. Јован Каровски<br>Вонр. проф. м-р Зоран Пехчевски |
| Мартина Дуковска | Ч. В. Алкан: Концертна етида оп.39 бр.10<br>Ф. Пуланк: Свита за пијано „Наполи“<br>М. Равел: „Благородни и сентиментални валцери“<br>К. Дебиси: „Остров на радоста“<br>К.Сен-Санс: Концерт за пијано и оркестар бр.2 во ге-мол, оп.22 | Проф. Борис Романов<br>Проф. м-р Рита Поповиќ<br>Вонр. проф. м-р Зоран Пехчевски |

| | | |
|---|---|---|
| Благојче Ристов | В. А. Моцарт: Соната за пијано и виолина А-дур, KV 305<br>Ж. Ибо: Соната за труба и пијано<br>Е. Абрамјан: Концертно скерцо<br>Последната роза на летото – традиционална ирска ( арр. Доналд Хансбергер)<br>V. Bellini: La Sonnambula, arija na Rodolfo(“Vi ravviso, o luoghi ameni”)<br>G. Verdi: Don Carlos, arija na Filip (“Ella giammai m’amo”)<br>C. W. Gluck: O del mio dolce ardor<br>A. Scarlatti: Le Violette (Canzone)<br>G. Rossini: La Calunnia (The Barber of Seville)<br>W. A. Mozart: O isis und Osiris<br>M. Ponce: Concerto del sur<br>К. Сен-Санс: Соната за кларинет и пијано Ес-дур оп.167<br>A. Messager: Solo de concours<br>C. Saint-Saens: Allegro Appassionato op.43 | Проф. м-р Рита Поповиќ<br>Проф. м-р Катерина Костадиновска-Гелебешева<br>Доц. м-р Татјана Огнаноска |
| Симона Симуноска | Концерт за кларинет и оркестар | Доц. м-р Сони Петровски<br>Проф. Живојин Глишиќ<br>Проф. м-р Јана Андреевска - Димитровска |
| Михајло Штерјов | Симфониско дело за голем симфониски состав (а 3) | Проф. д-р Томе Манчев<br>Проф. Живојин Глишиќ<br>Доц. д-р Горан Начевски |
| Вангел Мажевски | Специфики на хармонскиот јазик на Сергеј Прокофјев врз примерот на третиот став од петтата симфонија | Проф. Живојин Глишиќ<br>Проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја<br>Доц. м-р Дарија Андовска |
| Пецо Христоски | Ефектите од дополнителната настава по солфеж во музичкото образование кај учениците од петто до осмо одделение | Вонр. проф. м-р Снежана Димчевска<br>Проф. д-р Димитрије Бужаровски<br>Проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја |
| Арта Исмаили | Полифонијата во делата за мелодиски инструменти од Ј. С. Бах | Доц. м-р Сони Петровски<br>Проф. м-р Јана Андреевска - Димитровска<br>Доц. д-р Горан Начевски |
| Антонија Пољуха | Застапеност на музичките активности во градинките во | Доц. д-р Владимир Талевски |

| | | |
|---|---|---|
| | централното градско подрачје во Скопје | Проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја<br>Проф. д-р Томе Манчев |
| Ирина Димовска | Меѓународното претставување во музичко-сценската уметност во културната политика на Р.Македонија во периодот 2006-2011 година | Вонр.проф. С.Лешкова-Зеленковска<br>Проф. Ж.Глишиќ<br>Проф. Г.Јосифова-Неделковска |
| Сандра Ивковиќ | Д. Скарлати: Соната е-мол L325<br>Ј. С.Б ах: Кантата BWV 147<br>Н. В. Бенцон: Свита „Во зоолошка градина"<br>Н. Мејул: Соната<br>Ф. Ангелис: „Романса"<br>И. Албениз: „Астурија"<br>П. И. Чајковски: „Мај"<br>Е. Дербенко: „Танго комадоре"<br>Ј. Ганцер: „Фантазија 84"<br>В. Тројан: „Бајки" - за хармоника и симфониски оркестар | Проф. м-р Зорица Каракутовска<br>Проф. Јован Каровски<br>Доц. м-р Златко Мадевски |
| Емилија Обрадова | Ј. С. Бах: Прелудиум и фуга Е-дур (ДТК 1)<br>Д. Скарлати: Соната Де-дур<br>Т. Лундгвист: „Ботаничка градина"<br>В. Золотарјов: „Камерна свита"<br>Ф. Гурбиндо: Фантазија<br>А. Фиала: „Афоризми"<br>А. Журбин: Токата<br>В. Тројан: „Бајки" – за хармоника и оркестар | Доц. м-р Златко Мадевски<br>Проф. Јован Каровски<br>Проф. м-р Зорица Каракутовска |
| Милена Ѓуровиќ | Е. Григ: Соната е-мол, оп.7<br>Е. Григ: Лирски пиеси оп.54 бр.3 и 4<br>Ј. С. Бах-Ф.Бузони: Токата и фуга во де-мол, BWV 565<br>М. Тајчевиќ: „Балкански игри"<br>Е. Григ: Концерт за пијано и оркестар во а-мол, оп.16 | Проф. м-р Тодор Светиев<br>Проф. Јован Каровски<br>Вонр.проф. м-р Зоран Пехчевски |
| Невена Вељковиќ | Е. Григ: „Холберг" свита, оп.7<br>Е. Григ: Лирски пиеси оп.54 бр.2 и 6<br>Ј. С. Бах: Италијански концерт<br>Василије Мокрањац: „6 Игри"<br>В. А. Моцарт: Концерт за пијано и оркестар во де-мол, KV | Проф. м-р Тодор Светиев<br>Проф. м-р Катерина Костадиновска-Гелебешева<br>Вонр. проф. м-р Зоран Пехчевски |

| | | |
|---|---|---|
| | 466 | |
| Александра Трајкова | В. А. Моцарт: Соната Де-дур, К 576<br>К. Сен-Санс: Албум за пијано, оп.72<br>М. Балакирјев: Токата цис-мол<br>Л. В. Бетовен: Концерт за пијано и оркестар бр.2 во Бе-дур | Проф. м-р РитаПоповиќ<br>Проф. Јован Каровски<br>Вонр. проф. д-р Марија Ѓошевска |
| Саранда Адеми | G. Caccini: "Amarilli"<br>Ch. W. Gluck: "O del mio dolce ardor"<br>R. Schumann: "Frauenliebe und leben" бр. 1, 2, 3 и 4<br>В. А. Моцарт: Арија на Керубин "Voi che sapete"<br>Г. Ф. Хендл: Арија од операта Роделинда, "Dove sei"<br>A. Stradella: Pieta, signore<br>H.P ursell: Арија на Дидона од операта „Дидона и Енеј"<br>Ж. Масне: Арија од операта „Вертер"<br>Џ.Верди: Циклус (6 романси) | Проф. м-р Марија Наумовска<br>Проф. м-р Билјана Јакимовска<br>Доц. д-р Горан Начевски |
| Васиќ Љиљана | Сонатата во творештвото на современите српски композитори Душан Радиќ, Петар Озгијан и Љубица Мариќ | Проф. Живоин Глишиќ<br>Проф. д -р Викторија Коларовска-Гмирја<br>Доц. д-р Горан Начевски |
| Ана Дурловски | G. F. Handel:<br>"Combatti da Forte" (од операта Риналдо)<br>"Tornami a vagheggiar" (од операта Алчина)<br>"Ritorna o caro" (од операта Роделинда)<br>"Non disperar" (од операта Ј.Цезар)<br>"Let the bright Seraphim" (од ораториумот Самсон)<br>"Io t'abbracio" (од операта Роделинда)<br>G.B.Pergolesi: Stabat Mater | Проф. м-р Билјана Јакимовска<br>Проф. м-р Марија Наумовска<br>Доц. д-р Горан Начевски |
| Игор Дурловски | G. F. Handel:<br>"Belle dee" (од операта Ј.Цезар)<br>"Verdi prati" (од операта Алчина)<br>"Si spietata" (од операта Ј.Цезар)<br>"Ombra mai fu" (од операта Серс)<br>"Figlia mia" (од операта Тамерлано)<br>"Io t'abbracio" (од операта Роделинда)<br>G.B.Pergolesi: Stabat Mater | Проф. м-р Билјана Јакимовска<br>Проф. м-р Марија Наумовска<br>Доц. д-р Горан Начевски |

| | | |
|---|---|---|
| Виолета Вучкова | Т. Скаловски: „Ленка“ и „Молитва“<br>С. Голабовски: „Крај езеро“<br>А. Џамбазов: „Насмевка пред зорите“<br>Б. Цанев: „Цветови“<br>Т. Зографски: „Марике мома убава“<br>Т. Прокопиев: „Галебе мој“<br>F. Schubert:<br>“Nacht und Traume”, “Serenade”<br>R.Schumann: “Die Wetterfahne”, “In der Fremde”, “Der Nussbaum”<br>J.Brahms: “Er, der Herrlichste”, “Regenlied”, “Liebestreu”, “Meine Liebe ist grun” | Вонр. проф. м-р Славица Петровска-Галиќ<br>Проф. м-р Билјана Јакимовска<br>Проф. м-р Марија Наумовска |
| Сашка Панева | J. Хајдн: Соната е-мол Hob XVI/34<br>В. А. Моцарт: Соната це-мол К 457<br>Л. В. Бетовен: Соната оп.31 бр.2 де-мол<br>Ф. Пуланк: „Три пиеси“<br>Е. Григ: Концерт за пијано и оркестар во а-мол оп.16 | Проф. м-р Стела Слејанска<br>Проф. Јован Каровски<br>Вонр. проф. д-р Ана Гацева |
| Фотини Георгијадис | Наставната тема „Музичка писменост“ по предметот музичко образование во деветгодишното основно образование. | Проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја<br>Проф. д-р Димитрије Бужаровски<br>Проф. м-р Снежана Димчевска |
| Сања Здравковиќ | А. Корели: Соната за виолина и пијано бр.8 е-мол<br>Л. В. Бетовен: Соната за виолина и пијано бр.1 Де-дур<br>П.С арасате: Цигански напеви оп.20<br>Г. Ф. Хендл: „Риналдо“<br>Р. Шуман: “Die Lotos Blume”<br>Т. Прокопиев: „Вардаре“<br>G. Paisiello: “Nel cor piu”<br>A. Stradella: “Pieta, Signore”<br>G. Pergolesi: “Nina”<br>W. A. Mozart: Aria “Porgi Amor”<br>L. Arditi: “Il bacio”<br>A. Piazzola: “Muerte del Angel”, “Milonga del Angel”, | Проф. м-р Јасминка Чакар<br>Проф. м-р Рита Поповиќ<br>Доц. м-р Тања Огнаноска |

| | | |
|---|---|---|
| | "Invierno porteno" | |
| Алма Леши | Francois Devienne: Concerto No. 7, за флејта и пијано<br>Joseph Haydn: Sonata in G-dur, за флејта и пијано<br>Francois Doppler: Airs Valaques – Fantasie, за флејта и пијано<br>Guilo Bariccialdi: Carnival of Venice, op. 78, за флејта и пијано | Проф. Никола Атанасов<br>Проф. м-р Васо Ристов<br>Вонр.проф. м-р Страшо Темков |
| Едита Хаџи-Хамза | Ф. Шуберт – 4 Импромптуа D 899,<br>Р. Шуман/Ј.Брамс – Варијации, оп. 9,<br>С. Прокофјев – Соната бр. 3, оп.28,<br>Д. Кабалевски – Концерт за пијано и оркестар, бр. 3, п.50 | Вонр. проф. м-р Симон Трпчески<br>Проф. Јован Каровски<br>Проф. Тодор Светиев |
| Србољуб Диниќ | Rodion Shchedrin: Symphoniche Fanfaren, Festouverture fur Orchester<br>Peter Iljitsch Tshaikowsky: Symhonie N 4 f-moll, op. 36<br>Modest Mussorgky: Lieder und Tatuze des Todes fur Bass und Orchester (orchestriert von D. Schostakowitsch) | Проф. м-р Саша Николовски<br>Проф. м-р Борјан Цанев<br>Вонр. проф. м-р Саша Татарчевски |
| Зана Имери | Ц.Франк – Симфониски варијации за пијано и оркестар<br>Р. Шуман – Abegg варијации<br>Р. Шуман – Соната бр. 2, оп. 22, Ге – мол<br>С. Рахмањинов – Музички моменти, бр. 1, 2, 3 и 4, оп. 16 | Проф. м-р Тодор Светиев<br>Проф. Јован Каровски<br>Вонр. проф. м-р Зоран Пехчевски |
| Марија Јакимовска | Cesar Franck – Sonata<br>Henri Dutilleux – Sonatine<br>Paul Taffanel – Fantasie sur Le Freyschutz<br>Гоце Коларовски – Езгија | Вонр. проф. м-р Страшо Темков<br>Проф. м-р Гордана Јосифова – Неделковска<br>Проф. м-р Васо Ристов |
| Кирил Јосифов | Samuel Barber – Sonata for Violoncelo and Piano, op. 6<br>Sergeri Rachmaninov - Sonata for Violoncelo and Piano, op. 19<br>Dmitri Schostakovich – Concert for Violncelo and Orchestra, op. 107, No. 1 | Проф. м-р Живко Фирфов<br>Проф. м-р Михаило Куфојанакис<br>Проф. Велко Тодевски |
| Албина Тарифи | V. A. Mozart – Concerto No. 15, B flat, K. 450<br>J. Haydn – Andante and Variation, F minor<br>F. Schubert – Sonata in A minor, op. 164<br>C. Debussy – Suite bergamasque | Проф. м-р Тодор Светиев<br>Проф. м-р Катерина Костадиновска – Гелебешева<br>Проф. Јован Каровски |

| | | |
|---|---|---|
| Ана Арангелова | К. Дебиси – „Estampes”<br>С. Рахмањинов – Варијации на тема на Корели<br>А. Гинастера – 3 аргентински танци<br>Л. В. Бетовен – Концерт за пијано и оркестар, бр. 5, Es-dur | Проф. м-р Симон Трпчески<br>Проф. м-р Тодор Светиев<br>Вонр. проф. м-р Марија Ѓошевска |

ПРЕГЛЕД
на одобрени програми и наслови за изработка на докторска дисертација
на Факултетот за музичка уметност во Скопје

| *Кандидат* | *Ментори* | *Програма за изработка на докторска дисертација/наслов на тема за изработка на научен труд* | *Комисија* |
|---|---|---|---|
| М-р Томислав Таневски | Проф. д-р Томе Манчев | „Потреба од индивидуализиран музикотерапевтски профил во образовниот процес за педагошко - психолошка проценка на личноста на надареното дете“ | Проф. д-р Бојан Ортаков<br>Проф. д-р Милка Здравковска – Јанкуловска<br>Проф. д-р Никола Петров |
| Доц. м-р Кристина Светиева | Проф. Жени Захариева<br>Проф. д-р Димитрије Бужаровски | *Програма:*<br>Клод Дебиси:„Дванаесет прелудиуми од првата тетратка“<br>Франц Лист: „Фантазија – Соната „По читање на Данте“<br>Сергеј Прокофјев: „Етида оп. 52, бр. 3<br>Фредерик Шопен: „Концерт за пијано и оркестар оп. 11, бр. 1 во e-moll“<br>*Наслов на тема за изработка на научен труд:*<br>„Совладувањето на техничките проблеми во Концертот за пијано и оркестар оп. 11 бр. 1 во e-moll од Фредерик Шопен, преку поставување на формули“ | Проф. д-р Димитрије Бужаровски<br>Проф. Жени Захариева<br>Проф. м-р Евушка Елезовиќ |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ УПРАВНО ВЕТЕРИНАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, со одлука бр. 0201-3747/5, донесена на седницата одржана на 7.XII 2012 година, во врска со објавениот конкурс во весниците "Нова Македонија" од 31.X 2012 и "Коха", од 31.X 2012 година, формира Рецензентска комисија за избор во соработничко звање на еден *асистент* во научната област управно ветеринарство, во состав:

1. проф. д-р Ристо Проданов, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, претседател;
2. проф. д-р Павле Секуловски, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина член, и
3. проф. д-р Зехра Хајрулаи, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, член.

На распишаниот конкурс за избор на асистент се пријави само кандидатот м-р Слободен Чокревски, помлад асистент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. По разгледувањето на поднесените документи и приложените трудови, Рецензентската комисија на Наставно - научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје му го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

1. Биографски податоци за кандидатот и неговата научно-стручна и апликативна дејност

Кандидатот м-р Слободен Чокревски е роден на 1.IV 1967 година во Скопје, Република Македонија. Основното и средното образование го завршил во Скопје со одличен успех. Во 1986 се запишал на Ветеринарниот факултет во Белград, каде што дипломирал во 1992 година со просечна оценка 8,42.

Од март 1993 се вработил во Ветеринарниот институт во Скопје, како асистент - истражувач на Одделението за овчарство и козарство, каде што работел на патологијата и дијагностиката на болестите кај овците и козите.

Во јануари 1994 бил избран за помлад асистент на Ветеринарниот факултет во Скопје, на *Катедрата за внатрешни болести на преживните животни*. Истата година бил вклучен во наставата на предметите: *внатрешни болести на непреживните животни* и *амбулаторна клиника*.

Во учебната 1995/96 се запишал на постдипломски студии на Ветеринарниот факултет во Скопје, на групата за епизоотиологија. Испитите ги положил со просечна оценка 9,37.

Во периодот од 1994 до 2002 година, како стипендист на USAID, Британскиот совет и Европската комисија, повеќепати престојувал на повеќе специјалистички курсеви во повеќе универзитети и референтни дијагностички лаборатории во САД, Велика Британија и Италија.

Бил член на *Републичкиот штаб за отстранување на лигавката и шапот во Македонија* за време на појавата и отстранувањето на болеста во 1996 година.

Во 2002 (до 2006) година бил именуван за директор на Управата за ветеринарство во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. За тоа време бил претседавач на *Работната група за земјоделство и рибарство* во рамките на *Советот за соработка помеѓу Република Македонија и ЕУ* и *Поткомитетот за земјоделство и рибарство* во *Комитетот за стабилизација и асоцијација*. Кандидатот м-р Слободен Чокревски бил национален координатор за

Поглавјето 12 - *Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика.* Учествувал во изготвувањето на Националната програма за апроксимација на македонското законодавство со законодавството на ЕУ, Акциониот план на РМ за европско партнерство, Националната програма за имплементација на *Acquis Communitaire,* бил изготвувач на *Програмата за хармонизација на македонското ветеринарно здравство со законодавството на ЕУ* и бил учесник во изготвувањето 7 закони од областа на ветеринарството, како и повеќе правилници. Бил национален координатор на повеќе меѓународни проекти со ЕУ, DFID, SIDA, TIKA, USAID (Зајакнување на ветеринарната служба, Набавка на опрема за ветеринарната инспекција, Воспоставување на националниот систем за идентификација и регистрација на животните во РМ Фаза I и II, Структурни и правни реформи на МЗШВ, Интегрирано гранично управување и др.).

Бил координатор на Работната група за анимално производство во рамките на изготвувањето на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој на Република Македонија за периодот од 2006 до 2010 година.

Од 2005 до 2006 година бил претседател на државната комисија за следење и заштита од авијарната инфлуенца во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во 2002 бил избран за член на Претседателството на Европската комисија за лигавка и шап во ФАО - Рим, а во 2004 година бил избран за нејзин потпретседател.

Бил делегат во *Светската организација за здравје на животните* - OIE во Париз од 2002 до 2006 година.

Во март 2004 година го завршил високиот курс „*EU Negotiations in practice*" на College of Europe во Бриж, Белгија.

Од 2007 година е сертифициран PVS - експерт на OIE, и оттогаш учествува во експертски мисии за евалуација на ветеринарните служби во Украина, Узбекистан, Азербеџан, Таџикистан и Босна и Херцеговина. Во 2007 и 2008 година бил ангажиран како експерт на Светската банка во Судан, Африка, на *FAO/WHO/OIE/WB - Заедничка мисија за превенција на авијарната инфлуенца и изготвување интегриран национален акциски план.*

На 23.IV 2009 година успешно го одбранил магистерскиот труд со наслов *Заразна агалакција кај малите преживни животни во Македонија.*

На 4.IX 2009 година, на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје ја пријавил докторската дисертација под работен наслов *Организационо-правни и институционални активности и проблеми во областа на ветеринарната служба во Република Македонија во претпристапниот период за членство во Европската унија.* Таа е прифатена од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот на 7.XII 2009 година.

Во 2010 година бил модул - модератор на „*EconWelfare истражувачкиот проект за благосостојба на фармските животни*" (EC Grant Agreement no KBBE-1-213095is) и бил ангажиран како ветеринарен експерт на Европската унија на проектот *Подготовка на контролата и искоренувањето на Беснилото во Република Македонија* (Contract NO° 2010/236572 the framework of IPA TAIB 2008 Programme in Macedonia), додека во 2011 година исто така како ветеринарен експерт на Европската унија работел на проектите *Кампања за програмата за орална вакцинација на лисици против беснило во Хрватска* (EuropeAid/127054/C/SER/multi) и на проектот *Контрола и/или искоренување на болести кај животните во Косово* EU DCE (EUROPEAID/127852/D /SER/KOS).

За време на целиот период откако е избран за помлад асистент по предметот *внатрешни болести на преживните животни,* успешно ја вршел практичната настава, колоквиумите и консултациите со студентите. Од учебната 2006/2007 година до денес ја врши и наставата по предметот *управно ветеринарство* и е назначен во дел од наставата по предметот *судска ветеринарна медицина.* Во февруари 2013 година е назначен за раководител на приемното одделение во Институтот за храна на ФВМС.

2. Научни и стручни трудови

Во својата досегашна научноистражувачка работа, кандидатот м-р Слободен Чокревски има објавено дваесет и девет труда, од кои три се рецензирани во рефератот на Комисијата за избор за помлад асистент по предметот внатрешни болести на преживните животни на Ветеринарниот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 701 од 13.II 1998 година, а други се рецензирани во рефератот на Комисијата за преизбор за помлад асистент по предметот внатрешни болести на преживните животни на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 788 од 1.XI 2001 година. Во рефератот на Рецензентската комисија за избор на еден асистент во научната област управно ветеринарство објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 983 од 1.IV 2010 година се рецензирани уште четири труда. За овој избор, кандидатот за рецензија ги има пријавено следниве трудови:

1. S. Čokrevski, B. Plavšić, S. Ralčev, MEĐUNARODNI STANDARDI OIE, PVS METODOLOGIJA I ZNAČAJ EVALUACIJE VETERINARSKIH SLUŽBI OD STRANE OIE, 23 Savjetovanje veterinara Srbije 13-16.09.2012 Zlatibor Srbija

Според авторите на овој труд, модерните цели на OIE - Светската организација за здравје на животните се однесуваат за обезбедување транспарентност во здравствениот статус на домашните и дивите животни, собирање, анализа и дисеминација на научни информации од областа на ветеринарната медицина, оцена на ветеринарните служби, стимулација на меѓународната солидарност во контролата на заразните болести, обезбедување на меѓународната трговија со објавување на здравствени стандарди за трговијата со животни и производи од животински потекло, како и промовирање на безбедноста на храната и благосостојбата на животните на глобално ниво. Според авторите, во последниве години, OIE има направено голем исчекор во промоцијата и спроведувањето на оценувањето на ветеринарните служби на земјите - членки преку OIE PVS - методологијата. Таа е глобална програма која вклучува: 1) OIE PVS - оцена на перформансите на ветеринарните служби преку квалитативна дијагноза на усогласеност со стандардите за квалитет; 2) квантитативна OIE PVS - анализа на недостатоците, која вклучува утврдување на стратешките приоритети на ветеринарните служби и активности за градење на капацитетите, програми и проекти; 3) OIE PVS - програма за поддршка на ветеринарното законодавство преку која се оценува националното ветеринарно законодавство и се прави проценка на потребите за подобрување и усогласеност со меѓународните стандарди. Авторите на овој труд дискутираат дека развојот на модерното ветеринарно законодавство е важен предуслов кој им овозможува на ветеринарните служби ефикасно да ги извршуваат своите клучните функции, вклучувајќи го епидемиолошкиот надзор, раното откривање и известување за болестите, брзото реагирање, превенцијата и контролата на итните случаи, безбедноста на храната од животинско потекло, благосостојбата на животните и сертификацијата на живите животни и нивните производи за извоз. Тие заклучуваат дека дерегулацијата и недостатокот од ресурси во ветеринарните служби може да биде извор на биолошки катастрофи, додека неуспехот на ветеринарните служби на една земја може да претставува закана за соседните земји, регионот, цел континент и потенцијално, за целата планета.

2. R. Velev, N.Krleska Veleva, D. Damjanovska & S. Cokrevski QUALITY AND PRACTICAL USE OF THE LIST OF REGISTERED VMPs IN REPUBLIC OF MACEDONIA Journal of Veterinary Pharmacology and Therapeutics 2012 35(Suppl. 3)2-77

Овој труд ја оценува листата регистрирани ветеринарно медицински препарати (ВМП) по азбучен ред со соодветни ATC-vet кодови и дава детална анализа на бројот регистрирани ВМП - класифицирани по системи на органи и квалитет на специфични

групи. Во Македонија, во периодот од 1.I 2007 година до 31.XII 2011 година се регистрирани или пререгистрирани 348 ВМП. Сите регистрирани ВМП се од увоз, главно од 37 производители, од кои 17 се од Европа (Србија 18,6%, Холандија 18,3%, Хрватска 13,7%, Словенија 6,8%). Најголем број препарати се од QJ групата – антибактериски препарати за системска употреба. Тетрациклините, пеницилините и сулфонамидите се првите три антимикробни класи кои се застапени со дури 80% од вкупната продажба. Од друга страна, нема регистрирани ВМП со основен терапевтски ефект врз кардиоваскуларниот систем (група КК), за третман на неоплазми (група QL - антинеопластични и имуномодулирачки препарати), како и за лекување на болести на очите и ушите (група QS - сетилни органи). Некои од анатомските групи како на пример, групите QB - крв и хематопоезни органи, групата QM - мускулно-скелетен систем, групата QN - нервен систем и групата QR - респираторен систем се застапени во незначителен број. Релативно малиот пазар за специфични ВМП во Македонија резултира со недостаток од интерес на производителите да регистрираат ВМП со ниска или без комерцијална вредност, што претставува сериозен проблем за ветеринарните лекари. Авторите заклучуваат дека прекумерната и неконтролирана употреба на антимикробни агенси во Македонија се главни фактори на ризик за развој на антимикробната резистенција. Податоците за употреба на антимикробни агенси, особено кај животните за производство на храна, се од суштинско значење за идентификација и квантифицирање на овој ризик во синџирот на храна. ATC-vet класификацијата дава детален преглед на реалниот квалитет на листата на регистрирани ВМП. Тоа е практична алатка за идентификација на различни групи ВМП за ветеринарните лекари, како и сите субјекти кои се вклучени во нивното производство, трговија и дистрибуција. Анализираните податоци се наменети и за проценка на вкупните потрошувачки трендови.

3. Goran Nikolovski, Elena Atanaskova Petrov, Sloboden Cokrevski, Elena Arsevska, Greta Nikolovska BOVINE TUBERCULOSIS IN CATTLE DURING THE IMPLEMENTATION OF OFFICIAL CONTROL MEASURES IN REPUBLIC OF MACEDONIA FOR THE PERIOD 2007-2009 Slovenian Veterinary Research 2012, 49(2): 79-87

Туберкулозата кај говедата во Република Македонија е предмет на различни програми за контрола и сузбивање уште од крајот на 40-тите години на минатиот век. Последната *Повеќегодишна национална програма за искоренување на туберкулозата кај говедата во Република Македонија* е донесена и започната да се имплементира во 2007 година. Овој труд е евалуација на резултатите од имплементацијата на оваа програма. Авторите спровеле ретроспектива и описна студија на резултатите од имплементацијата на програмата, оценувајќи ги демографските и епидемиолошките карактеристики на туберкулозата кај говедата. Просечно со оваа програма биле опфатени 160 784 (61,96%) грла од вкупната популација говеда. Единечниот туберкулински тест (ETT) бил позитивен кај 1 021 (0,63%) од испитаните животни. Само 952 (93,21%) животни кои реагирале позитивно на единечниот туберкулински тест, биле подложени на компаративно туберкулинско тестирање, а просечно 390 (40,95%) од нив биле декларирани како позитивни. Во 2007 година 43 573 домаќинства (фарми) биле тестирани на туберкулоза кај говедата, каде што 173 биле дијагностицирани како позитивни. Во 2008 година од вкупно 43 753 тестирани говеда, 253 биле позитивни, додека во 2009 година од 42 714 тестирани, 265 грла биле позитивни. Сите животни дијагностицирани како позитивни на говедска туберкулоза биле заклани во санитарни кланица, а млекото било прогласено за непогодно за човечка исхрана. Во врска со туберкулозата кај говедата, Република Македонија се смета за земја со ниска преваленца со просечна распространетост од 0,002% за периодот 2007-2009 година. Северозападниот, југозападениот и источниот регион на земјата се поинтензивно зафатени со оваа болест. Авторите заклучуваат дека за да се подобри ефикасноста на контролата треба да се зголеми бројот на тестирани говеда, проследен со зголемување на санитарните мерки и епидемиолошките истражувања.

4. S. Cokrevski "THE IMPACT OF GLOBALISATION AND INTERNATIONAL TRADE ON VETERINARY PROFESSION" Teslić – BiH 17 Savjetovanje veterinara Republike Srpske 27- 30.06.2012

Овој труд ги анализира влијанијата на глобализацијата и меѓународната трговија на поставеноста и организацијата на ветеринарните служби во светот. Авторот констатира дека денешната ера на глобализација се карактеризира со зголемени движења на стоки и луѓе, а патогените се транспортираат низ светот побрзо од просечната инкубација на повеќето епизоотии. Климатските промени и човековото однесување овозможуваат колонизација на нови територии од страна на нови вектори и патогени (на пример, син јазик во Европа). Зоонотскиот потенцијал на животински патогени е огромен, бидејќи 60% од човечките патогени се зоонозни, 75% од новите болести се зоонозни и 80% од агенсите кои можат да се користат за биотероризам се зоонозни патогени. Поради очекуваниот премин на 1 милијарда луѓе од сиромаштија до средна класа, побарувачката за животински протеини ќе се зголемува и до 2030 година се очекува да порасне до 50%, особено во земјите во развој. Здравјето на животните е клучна компонента на безбедноста на храната и здравјето на луѓето. Влијанието на болестите кај животните на загубите на сточарско производство во светот надминува 20%. Согласно со анализите, авторот дискутира дека ветеринарните служби, особено во земјите во развој, треба да бидат подготвени за овие предизвици за да одговорат соодветно. Невозможно е ветеринарните служби да реагираат на предизвиците на глобализацијата и на светската трговија без усогласување на стандардите и побарувањата на ОИЕ и СПС - договорот на Светската трговска организација. Тие треба да продолжат да ги унапредуваат дијагностичките технологии за брза и точна дијагноза, да развиваат нови вакцини и антибиотици, да спроведуваат координирани програми на надзор и да бидат спремни за одговор при појава на ургентни ситуации. Тие имаат мандат да развиваат планови и стратегии и да спроведуваат симулации и тест - вежби, поврзувајќи го јавниот и приватниот сектор. На крај, тој заклучува дека со цел да одговори ефективно на глобализацијата и на барањата од светската трговија, целата ветеринарната професија треба да ги следи глобалните трендови и да се адаптира на промените со соодветни системи и структури.

5. Goran Nikolovski, Sloboden Cokrevski, Greta Nikolovska INITIAL ASSESSMENT OF THE MULTY-ANNUAL PROGRAMME FOR ERADICATION OF BOVINE TUBERCULOSIS IN CATTLE IN REPUBLIC OF MACEDONIA FOR THE PERIOD 2007-2010, PROCEEDINGS 2nd International Epizootiology Days 18-21.04.20102 Belgrade Serbia

Целта на овој труд е да ја анализира епизоотиолошката состојба со туберкулозата кај говедата во Република Македонија за периодот од 1 јануари 2007 до 31 декември 2010 година и да се проценат ефективноста и ефикасноста на најновата *Повеќегодишна национална програма за искоренување на туберкулозата кај говедата во Република Македонија.* Територијата на земјата е поделена на 84 епидемиолошки единици кои одговараат на административната и територијалната поделба на државата. Во Македонија, за време на евалуациониот период се регистрирани голем број на мали фарми (одгледувалишта) со просек од 6,09 грла по фарма. Сите говеда постари од 6 недели биле предмет на тестирање со единечен туберкулински тест (ЕТТ), спроведен од 42 ветеринарни станици овластени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ). Врз основа на нивните извештаи, потоа позитивните реактори на ЕТТ биле тестирани со компаративен туберкулински тест (КТТ), спроведен од страна на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Сите говеда позитивни на КТТ биле отстранети од стадото и заклани во санитарна кланица најдоцна во рок од еден месец. Сите фармери, чиј добиток бил одземен, се компензирани од АХВ по пазарна цена. Од сите говеда во сите 84 епидемиолошки единици, ЕТТ бил изведен на 60,9% во 2007 година, 69,4% во 2008 година, 55,5% во 2009 и 70,1% во 2010 година. Просечно за периодот од 2007 до 2010 година ЕТТ бил спроведен на 63,99% од говедата. ЕТТ бил позитивен кај 0,50%, 0,70%, 0,71% и 0,58% од сите испитани говеда

испитани со ЕТТ во годините на 2007, 2008, 2009 и 2010, последователно. Просечно 89,42% од сите пријавени животни за КТТ биле предмет на повторно тестирање (90,51% во 2007 година, 95,37% во 2008 година, 92,67% во 2009 година и 79,13% во 2010 година). Просечно 42,47% од КТТ испитаните говеда биле позитивни, или 44%, 37,96%, 42,31% и 45,64% на сите КТТ испитани во 2007, 2008, 2009 и 2010 година последователно. За време на периодот на истражување, позитивни говеда на туберкулоза се детектирани во 40 епидемиолошки единици (47,61% од сите единици) и болеста била потврдена постојано во 16 (19,04%) единици во северо-западниот, северниот и југо-западниот дел на земјата. Просечната преваленца на туберкулоза кај говедата на испитуваните животни е 0.002% (0,0020% во 2007 година, 0,0025% во 2008 година, 0,0027% во 2009 година и 0,0020% во 2010). Од спроведувањето на програмата за првите четири години, вкупниот број тестирани животни се зголемил, што обезбедило подобри информации за преваленцата на туберкулозата кај говедата во земјата. Таа е присутна главно во мали фарми, групирани во традиционалните области на 16 епидемиолошки единици. Авторите истакнуваат дека програмата за искоренување треба да се прошири и на дивите животни на целата територија на земјата, особено по должината на границата со Албанија, Косово (според Резолуцијата 1244) и Србија. Во програмата треба да се вклучат и други дијагностички методи на тубекулинска дијагностика. Молекуларно-биолошките тестови како PCR, како и бактериологијата треба да ги надополнат ЕТТ и КТТ. Владата треба да обезбеди стабилно финансирање, особено за навремена компензација на фармерите и брзо отстранување на позитивните реактори од одгледувалиштата.

6. S. Cokrevski INTERNATIONAL STANDARDS AND METODOLOGY FOR EVALUATION OF VETERINARY SERVISCES – THE OIE PVS PATHWAY Proceedings Days of Veterinary Medicine 8-10.9.2011 Ohrid, Macedonia.

Авторот ги анализира најновите активности на Светската организација за здравје на животните OIE, кои се однесуваат на промовирање на здравјето на животните и јавното здравство, меѓународната трговија со животни и производи од животинско потекло, издавањето усогласени санитарни стандарди за меѓународната трговија и контрола на болестите, особено подобрувањето на ресурсите и правната рамка на ветеринарните служби, како и преку помагање на земјите членки - да дејствуваат во согласност со стандардите, упатствата и препораките на OIE, а во согласност со СПС - договорот на Светската трговска организација (СТО). Активностите на ветеринарните служби се *меѓународно јавно добро* и како резултат на тоа имаат право на соодветна национална, регионална или меѓународна финансиска поддршка. OIE има развиено посебна методологија – OIE PVS - алатка за оценување на перформансите на ветеринарните служби ("т.н. алатка за дијагноза"), како основа за оценување на перформансите во однос на меѓународните стандарди објавени во кодексот на OIE. OIE PVS алатката за анализа на недостатоците (OIE PVS Gap Analysis Tool "т.н. рецепт алатка") е квалитативна оценка на потребите на земјата и приоритетите врз основа на исходот од независна надворешна евалуација на ветеринарната служба. Клучната цел на оваа алатка е да се дефинира петгодишна програма за одржливо зајакнување на националната ветеринарна служба во согласност со OIE стандардите за квалитет, а соодветно приспособени на националните ограничувања и приоритети. Одржливо унапредување на националните ветеринарни служби во согласност со стандардите на OIE е предуслов за подобрување на здравјето на животните и јавното здравство, како на национално, така и на меѓународно ниво. Со развојот на OIE PVS - алатката за оцена на перформансите на ветеринарните служби (OIE PVS Tool), се овозможува секоја земја да го утврди нивото на развој и усогласеност во однос на повеќе од 40 различни критични надлежности групирани во четири основни компоненти. Употребата на OIE PVS - алатката со тоа обезбедува начин на мерење, во апсолутна смисла, на напредокот што го прават земјите во унапредувањето на нивната усогласеност со OIE - стандардите за квалитет утврдени во OIE кодексот. Авторот заклучува дека доброто управување со системите на здравствена заштита на животните, базирано на блиско јавно/приватно партнерство е одговорност на сите

влади. Онаа земја која не успева да го оствари ова, може да ги загрози соседните земји, регионот и, потенцијално, целата планета.

## 3. Заклучок и предлог

Откако ги проучи кратката биографија и приложените трудови за избор во соработничко звање, а согласно со критериумите и посебните услови предвидени со Законот за научноистражувачка дејност, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и актите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Рецензентската комисија оцени дека кандидатот м-р Слободен Чокревски ги исполнува условите од Законот за високото образование на Република Македонија и Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и поседува квалитети за избор во звањето асистент. Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје да го избере за асистент во научната област управно ветеринарство.

Комисија

1. Проф. д-р Ристо Проданов с.р.

2. Проф. д-р Павле Секуловски с.р.

3. Проф. д-р Зехра Хајрулаи с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОРАБОТНИК И ПРИМАЊЕ ВО РАБОТЕН ОДНОС ЗА РАБОТНОТО МЕСТО ИСТРАЖУВАЧ НА ФОЛКЛОРОТ И ЕТНОЛОГИЈАТА НА ТУРСКИОТ НАРОД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ" ВО СКОПЈЕ

По објавениот конкурс во весникот „Нова Македонија" на ден 9. 1. 2013 год. (за вработување на научни и соработнички кадри во ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков"), се утврди дека за работното место под број 1 (научен соработник-истражувач на фолклорот и етнологијата на турскиот народ) на конкурсот се пријавил еден кандидат - д-р Актан Аго. Врз основа на распишаниот конкурс, Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје, на седницата одржана на 20. 2. 2013 год., и со одлука бр. 02-81 нè определи за членови на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Севим Пиличкова, проф. д-р Октај Ахмед и проф. д-р Изаим Муртезани. По прегледот на доставената документација: 1. пријава со кратка биографија; 2. диплома за завршен Филолошки факултет во Скопје, група: турски јазик и книжевност: 3. диплома за завршени постдипломски студии; 4. диплома за стекнување со научната титула доктор на филолошки науки; 5. список на објавени трудови и други постигнати резултати, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

<u>БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ДВИЖЕЊЕ ВО СЛУЖБАТА:</u>

Д-р Актан Аго е роден на 10. 4. 1976 година во Скопје. Во родното место завршил основно, средно и факултетско образование, дипломирајќи на групата за турски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, со општ успех 8,7. Во учебната 1999/2000 година се запишал на постдипломски студии на истата Катедра кои ги завршил со просечен успех 8,5 и во 2004 година, на Катедрата за турски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет во Скопје, кандидатот ја одбрани својата магистерска теза под наслов „Турцизмите во јазикот на Марко Цепенков", а во 2010 година и докторската дисертација под наслов „Турските јазични елементи во драмските творби од 20 век" на Катедрата за македонски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет.

Во 1999 година, Актан Аго се вработил како наставник по турски јазик и книжевност во Основното училиште „Јане Сандански“ во Скопје, а од учебната 2000/2001 година се вработил како професор по турски јазик и литература во СУГС Гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Скопје. Во учебната 2011/2012 година е ангажиран како надворешен соработник за изведување на вежби по наставните предмети синтакса и морфологија на турскиот јазик на Катедрата за турски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Од основањето на Институтот за турски јазик во Македонија, д-р Актан Аго е член на редакцискиот одбор на списанието "Journal of Turkish Linguistics" и секретар на Институтот.

СТРУЧНО – НАУЧНА ДЕЈНОСТ:

Во текот на посочениот период, д-р Актан Аго пројавил научно-истражувачка и собирачко-публицистичка активност за која што сведочат неговите трудови:

**Книги:**

1. *Турските јазични елементи во јазикот на Марко Цепенков*, Логос А, 2006 год.
2. *Турските јазични елементи во македонските драмски творби од 20 от век, (ракопис подготвен за печат).*
3. Стручен труд: *Прирачник за наставата по турски јазик за III одделение во деветгодишното образование*, БРО, Скопје, 2008 година.
4. Стручен труд: *Прирачник за наставата по турски јазик за IV одделение во деветгодишното образование*, БРО, Скопје, 2009 година.
5. Стручен труд: *Прирачник за наставата по турски јазик за V одделение во деветгодишното образование*, БРО, Скопје, 2010 година.
6. Стручен труд: *Учебник по предметот Турски јазик за V одделение, 2011 година.*
7. Стручен труд: *Прирачник за наставата по турски јазик за VI одделение во деветгодишното образование*, БРО, Скопје, 2011 година.
8. Учебник по предметот Турски јазик за V одделение, за деветгодишно основно образование, Министерство за образование и наука, 2011.

Трудот *Турските јазични елементи во јазикот на Марко Цепенков* претставува стручно-научна анализа на турските јазични елементи кои се присутни во собраните и објавените творби од Марко Цепенков. Како резултат на своите анализи, авторот на книгата истакнува дека во јазикот на Марко Цепенков се присутни над 1800 турцизми, од кои 42% се зборови од арапско, 12% од персиско, а 46% од турско потекло, како и тоа дека овие зборови претежно се однесуваат на разни области од духовната и материјалната култура. Според матодологијата на истражувањата и направените анализи, книгата „Турцизмите во јазикот

на Марко Цепенков“ ги содржи сите неопходни компоненти потребни за стекнување соодветни сознанија и заклучоци по односната проблематика, направените анализи соодветствуваат на современите методи што се применуваат во науката и претставуваат солиден прилог кон вакви проучувања.

Во ракописот на докторската дисертација *Турските јазични елементи во драмските творби од 20 век*, д-р Актан Аго својот интерес го насочува и концентрира кон творештвото на над 30 драмски писатели (Чернодрински, Иљоски, Панов, Чашуле, Чинго, Момировски, Арсовски, Стефановски, Вангелов, Андоновски, Дуковски, Манџуков...), обработувајќи 101 драмски текст од 20 век. Поаѓајќи од податокот дека турските лексички елементи во македонскиот јазик се одраз на историско-економските услови во кој живее македонскиот народ од 15 до 19 век, Актан Аго констатира дека тие претставуваат составен дел од македонската културна историја од соодветниот период. Овие согледувања авторот ги илустрира со соодветни примери, при што посебно внимание им посветува на фонетските особености на турските јазични елементи, односно на нивната фонетска адаптација во македонскиот јазик. Нагласувајќи ја разликата на македонската и турската фонетика, проследена е адаптацијата на карактеристичните турски гласови, особено во обласата на вокализмот во македонските драмски текстови. При тоа, од морфолошката адаптација на турските јазични елементи, особено внимание им е посветено на граматичките обележја за род, број, определеност, време, лице, начин, свршеност, степенување кај именките и зборообразувачки модели од турскиот јазик, кои во македонскиот јазик се наложиле како изразито продуктивни. Во оваа докторска дисертација, авторот Актан Аго ги потврдува и ги прецизира местото, статусот и улогата на турцизмите во македонските драмски текстови, како и причината за нивната бројност и застапеност во нив. Регистарот на турските јазични елементи во македонските драмски текстови од 20 век претставува стожер на дисертацијата, кој, според азбучен ред, ги опфаќа сите турски јазични елементи употребени во разгледуваните текстови драмски творби. Како резултат на направената анализа, презентирани се повеќе од 1500 турски јазични елементи, употребени во 101 македонска драма од 20 век. При анализата на текстовите, суптилно и прецизно е применета теоријата и методологијата во обработката на јазикот од уметничко-литературните дела. Со оглед на тоа дека оваа докторска дисертација е солидно изработен, самостоен и оригинален научен труд и претставува опсежен прилог во проучувањето на турските јазични елементи во македонските драмски творби, таа претставува значаен придонес за историјата на македонскиот литературен јазик, за македонската лексикологија, лексикографија и контакна лингвистика, како и за други пошироки стручно-научни

проучувања. Докторската дисертација *Турските јазични елементи во македонските драмски творби од 20 век* предизвика голем интерес кај научно-културната јавност, вреднувана од истражувачот и писател Авни Енгули и новинарот Лејла Халим во *Јени Балкан* и *Заман*.

**Статии и реферати:**

Во изминатиот период кандидатот со свои прилози учествувал и на повеќе меѓународни научни собири (конгреси, симпозиуми, конференции, дискусии и сл.). Научните и стручни трудови на д-р Актан Аго, презентирани на меѓународни конгреси и симпозиуми одржани во земјата и надвор од неа и објавени во разни научни списанија, го претставуваат неговиот интерес кон стручно-научни истражувања: на турскиот јазик и литература во различните региони во Македонија; проучување на турските јазични елементи присутни во објавените литературни творби на македонски јазик од повеќе македонски автори; интерес кон истражување на турските говори во Македонија и нивно презентирање во елаборатите за валоризација на турските говори во Република Македонија.

1. *Турските јазични елементи во македонските приказни и умотворби,* Македонски фолклор, година XXXVI, бр. 65, 2006 год.
2. *„Турските јазични елементи во објавуваните дела на Марко Цепенков (Marko Çepenkov'un Eserlerinde Türk Dili Unsurları)“*, „Јени Балкан“ 8.6.2008 год., 13.
3. *Турските јазични елементи во делата на Марко Цепенков*, IV меѓународен симпозиум по туркологија во Југозападна Европа, Загреб, 2007.
4. *Makedon Dilinde Kullanılan Türkçe Kelime ve Ekleri / Употребата на турски зборови и наставки во македонскиот јазик*, II. Uluslararası Büyük Türk Dili Kongresi / II меѓународен конгрес за турски јазик/, Бишкек, Киргистан, Анкара, 2007 година, 88-92.

5. *Фолклорни елементи кај турските писатели од Република Македонија,* XVII меѓународен симпозиум за балкански фолклор „Фолклорот и заедничките културни вредности на Балканот“ (Охрид, окромври 2008), „Македонски фолклор“, Скопје, 2008, 217-224.

6. *Функцијата на турските наставки во македонските зборови,* I меѓународен симпозиум „Влијанието на турскиот јазик врз балканските јазици”, Скопје, 2009 година.
7. *Јазичните елементи во македонската драма*. II. меѓународен конгрес за турската култура, Скопје, 2010 година.
8. *Особеностите на турцизмите во делата на првата генерација драмски писатели во Р. Македонија*, 16. меѓународен фестивал на пролетни веселби, 2010 година.
9. *Културните споменици во Охридскиот санџак во Патописите на Евлија Челебија*, IV меѓународен конгрес на исламската цивилизација на Балканот (МАНУ), 2010 година.

10. *Makedonca Kelimelerde Türkçe Eklerin Fonksiyonu/ Функцијата на турските наставки во зборовите од македонско потекло,* Uluslararası Türkçenin Balkan Dilleri Üzere Etkisi / Меѓународен симпозиум за влијанието на турскиот јазик врз балканските јазици), Билтен на симпозиумот, 118-122.

11. *Makedonya'da Türk Halkının Ortaeğitim Sorunları ve Çözüm Yolları / Наставните проблеми во средните училишта на турски јазик,* Меѓународен симпозиум за образование, мај 2011, Скопје.

12. *Makedon Dram Eserlerinde Türkçe Kelimelerin Anlam Kayması / Турските јазични елементи во македонските драмски творби од 20 век* / II. Uluslararası BAL-TAM Kurultayı / II меѓународен конгрес БАЛ-ТАМ, Загреб, 2010 год.

*13. Marko Cepenkov'un Eserlerinde Türkçe Kelimeler /Турските јазични елементи во објавените трудови на Марко Цепенков, Yeni Balkan,* 08.06.2009, Скопје.

14. Актан Аго, *Makedon Atasözlerinde ve Deyimlerde Türk Kelimeleri / Турски зборови во македонските пословици и поговорки,* Zaman / Заман, 2009 (во трудот се посочени бројни македонски пословици и поговорки кои се адаптирани текстови со турско потекло, како на пример: *Во аван вода не се бие (Havanda su dövülmez); Акот си најт стопанот (Hak yerini bulsun); Борџот ет полош од волкот; Виното го прави човекот ем везир ем резил; Дај вересија ама на мраз пиши ја; Ергенлик - везирлик; Инаетот вади око* и други.

**Учесник со теми и елаборати во работата на Институтот за фолклор и Институтот за македонски јазик во Скопје:**

1. Институтот за фолклор „Марко Цепенков": како надворешен соработник со тема во научноистражувачкиот проект: *Споредбени фолклористички истражувања* (главен истражувач: проф. д-р Боне Величковски), 2011.
2. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" - Скопје: како изготвувач на елаборатите:
- Говорот на Турците од Охридско (2008 година);
- Говорот на Турците од Струшко (2008 година);
- Говорот на Турците од Радовишко (2008 година);
- Говорот на Турците од Штипско (2008 година)
- Говорот на Турците од Битолско (2008 година);
- Говорот на Турците од Ресенско (2009);
- Говорот на Турците од Скопско (2009);
- Говорот на Турците од Тетовско (2009);
- Говорот на Турците од Гостиварско (2009);
- Говорот на Турците од Кумановско (2009);
- Говорот на Турците од Дебарско-жупа (2009);

- Говорот на Турците од Прилепско (2009).

*Надворешен соработник во следниве институции*

1. Филолошки факултет „Блаже Конески" Скопје, 2011 година: Надворешен стручен соработник за реализирање на вежбите по наставните предмети морфологија и синтакса на турскиот јазик.
2. МАНУ, 2006 година: Автор на одредници за двотомната *Македонска енциклопедија*.
3. Министерство за образование и наука, од 2008 година: *Претседател на испитната комисија за полагање на стручен испит во јавните средни училишта.*
4. Од Советот на Главната редакција на Македонската енциклопедија при МАНУ ангажиран како соработник за составување одредници од следниве научни области: историјата на турската литература; одредници и за објавените литературни творби: Исхак Челеби-Скопјанец, Евлија Челебија патописец, Јахја Ќемал Бејатли, Фазли Хусни Дагларџа - добитник на наградата на струшките вечери на поезијата (14-та по ред), Шукри Рамо, Неџати Зекерија, Илхами Емин и др.; одредници за истакнати наставно-научни работници кои се познати како доктори на науки од областа на туркологијата, редовни професори при државниот Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје: проф. д-р Ариф Аго, проф. д-р Хамди Хасан, проф.д-р Октај Ахмед и др.; одредници за издавачката дејност на турски јазик-редакција на весникот „Бирлик" и за литературно-научното и уметничко списание „Сеслер", како и други одредници за културно-уметничките дејци од редовите на турската националност во Р.Македонија.

**Стручни трудови и активности во образованието**

Како професор по турски јазик и книжевност, д-р Актан Аго има објавено стручни книги и прирачници за наставата по турски јазик, застапен како наставен предмет во основното и средното образование. Објавените прирачници претставуваат упатство како да се користи наставното градиво и начинот на неговата примена:

- автор на наставните програми по турски јазик за IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение во деветгодишното основно образование (2007-2008);
- член на Државната матурска предметна комисија по турски јазик (од 2002 година);
- изготвувач на испитни задачи за државна матура;
- обучувач на надворешни оценувачи;
- модерација на Упатството за оценување и негово презентирање пред надворешните оценувачи (2008-2010);
- стручно усовршување поврзано со матурскиот испит на наставниот кадар и другите стручни соработници (2008-2010);
- изготвувач на извештај за работа на Државната матурска предметна комисија кој се доставува до Државниот матурски одбор (2008-2010);

- член на стручен тим за подготовка на прашања за екстерното оценување по турски јазик за средно гимназиско и стручните училишта (2008-2009);
- главен оценувач за проверка и оценување на екстерниот испит по турски јазик (2007-2010);
- изготвувач на образовни стандарди за проверување на постигањата на учениците по одделни предмети за гимназиско образование за наставниот предмет-турски јазик (2008);
- ревизор на курикулумот за средно образование при проектот „Воведување на содржини за програма за животни вештини и училиште по мерка на детето и усогласување на наставните програми со концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование" (2009);
- обучувач на наставниците за употреба на наставните методи во основните и средните училишта кои беа опфатени со проектот за *„Модернизација на образованието"*, финансиран и реализиран од страна на Светската банка и Министерството за образование и наука (2007-2008);
- обучувач на наставниците во средните стручни училишта во областите *Наставни програми, водење и реализација, методологии, оценување*, ГОПА, трета фаза, 2005;
- обучувач на наставници во средните училишта кои беа опфатени со проектот *Интеграција на информатичката комуникациска технологија во наставата*, УСАИД и Министерство за образование, (2005-2006);
- тренер – обучувач во проектот *Промоција на хумани вредности*, Меѓународен комитет за Црвен крст, 2003-2005;
- лектор и преведувач на литература за I – V одд за проектите *Основи на демократија* и *Граѓанско образование*, ЦРС-Католичики служби за помош, Скопје, 2003 – 2005;
- лектор и преведувач на прирачниците за наставници во одделенската настава на турски јазик за I, II, III, IV одделение, Биро за развој на образованието, Скопје, 2008-2009.

**Компјутерски вештини:**

Одлично познавање на Word, Excel, Access and Power Point, Front Page и MS Publisher.

**Заклучок и предлог**

Оценувајќи ја стручно-научната работа во изминатиот период на кандидатот д-р Актан Аго, и имајќи го предвид сознанието дека науката сè повеќе се занимава, од една страна, со прашања што се однесуваат на потеклото, животот и особеностите на одредена популација, како и тоа дека во Македонија сè уште недостасуваат доволно трудови кои третираат проблеми и прашања како во магистерскиот труд и докторската дисертација од д-р Актан Аго, а и во другите негови стручно-научни трудови, заклучуваме дека кандидатот покажал способности и квалитети за сродни научни истражувања, а преку својата стручно-

научноистражувачка и публикативна дејност се потврдил како научен работник во областа за која конкурира. Оттука, сметаме дека неговите докажани стручно-апликативни активности и научноистражувачки интереси се посебно значајни за проучување на фолклорното богатство на балканските народи, односно за заедничкото живеење и развојот на меѓусебните материјални и духовно-културни влијанија при што посебно се издвојува усното народно творештво. Имајќи го предвид сето тоа, заклучуваме дека истражувањата и резултатите што ги постигнал кандидатот се од значење не само за проучување на народната култура на Турците во Македонија, туку и пошироко. Токму затоа, Рецензентската комисија, согласно со Законот за научни дејности во Република Македонија, има чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, д-р Актан Аго да биде избран во звањето научен соработник и да биде примен во работен однос за работното место истражувач на фолклорот и етнологијата на турскиот народ во Република Македонија.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Севим Пиличкова с.р.

2. Проф. д-р Октај Ахмед с.р.

3. Проф. д-р Изаим Муртезани с.р.

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Актан Ариф Аго

Институција: Институт за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје

Научна област: научен соработник од областа на фолклорот и етнологијата

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Надворешен соработник во научноистражувачкиот проект „Споредбени фолклористички истражувања" при Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје | 3 |
| 2. | Книга од стручна област: „Турските јазични елементи во јазикот на Марко Цепенков", Логос А, 2006 година | 8 |
| 3. | Надворешен соработник во проектот „Македонска енциклопедија" при МАНУ | 3 |
| 4. | Турските јазични елементи во македонските приказни и умотворби, Македонски фолклор, година XXXVI, бр. 65, 2006 год. | 2 |
| 5. | "Marko Çepenkov'un Eserlerinde Türk Dili Unsurları", Yeni Balkan, 8.6.2008 год. | 2 |
| 6. | "Турските јазични елементи во објавуваните дела на Марко Цепенков", IV меѓународен симпозиум по туркологија во Југозападна Европа, Загреб, 2007. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | "Makedon Dilinde Kullanılan Türkçe Kelime ve Ekler", II. Uluslararası Büyük Türk Dili Kurultayı, (25-30 Eylül 2007) Bildiri Kitabı, Kırgızistan-Türkiye Manas Üniversitesi, Kırgızistan, 2007, s. 88-92 | 2 |
| 8. | "Фолклорни елементи кај турските писатели од Република Македонија", XVII меѓународен симпозиум за балкански фолклор „Фолклорот и заедничките културни вредности на Балканот" (Охрид, октомври 2008), „Македонски фолклор", Скопје, 2008, стр. 217-224. | 2 |
| 9. | "Функцијата на турските наставки во македонските зборови", I меѓународен симпозиум „Влијанието на турскиот јазик врз балканските јазици„ Скопје, 2009 година, стр. 118-122. | 2 |
| 10. | „Makedon Dram Eserlerinde Türk Dili Unsurları, II. Uluslararası Türk Dünyası Kültür Kongresi (19-25 Nisan 2010), Ege Üniversitesi Türk Dünyası Araştırmaları Enstitüsü, Çeşme-İzmir. | 2 |
| 11. | "Makedonya'da Türk Halkının Orta Eğitim Sorunları ve Çözüm Yolları", IV. Uluslararası Türkçe Eğitim Günü Sempozyumu, Üsküp, 2010, Bildiri Kitabı s. 113-117. | 2 |
| 12. | "Evliya Çelebi Seyahatnamesinde Ohri Sancağı", XVI. Uluslararası Türk Kültürü Sempozyumu, Üsküp 2011, Bildiri Kitabı s. 21-24. | 2 |
| 13. | Изготвувач на валоризациите:<br><br>- За говорот на Турците од Охридско (2008 година); од Струшко (2008 година); од Радовишко (2008 година); од Штипско (2008 година); од Битолско (2008 година); од Ресенско (2009); од Скопско (2009); од Тетовско (2009); од Гостиварско (2009); од кумановско (2009); од Дебарско - Жупа (2009); од Прилепско (2009); Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" - Скопје<br><br>12 * 1 поен = вкупно 12 поени | 12 |
| | **Вкупно** | 44 |

СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Коавтор на учебник за основно образование по турски јазик за 5 одд. | 6 |
| 2. | Коавтор на стручен труд: Прирачник за наставата по турски јазик за III одделение во деветгодишното образование, БРО, Скопје, 2008 година. | 6 |
| 3. | Коавтор на стручен труд: Прирачник за наставата по турски јазик за IV одделение во деветгодишното образование, БРО, Скопје, 2009 година. | 6 |
| 4. | Коавтор на стручен труд: Прирачник за наставата по турски јазик за V одделение во деветгодишното образование, БРО, Скопје, 2010 година. | 6 |
| 5. | Коавтор на стручен труд: Прирачник за наставата по турски јазик за VI одделение во деветгодишното образование, БРО, Скопје, 2011 година. | 6 |
| 6. | Авторство за одредници во еднотомната Македонска енциклопедија, МАНУ, 2006 година | 0,85 |
| 7. | Соработник во ревизија и подготовка на наставни програми по турски јазик за деветгодишното основното образование (IV, V, VI, VII, VIII, IX) 6 * 0,5 = вкупно 3 поени | 3 |
| 8. | Член на редакциски одбор и секретар на меѓународното списание “Jurnal of Turkish Linguistics” | 1 |
| 9. | Претседател на испитна комисија за полагање на стручен испит по предметот турски јазик и литература во јавните средни училишта (МОН) 2009, 2010, 2011, 2012 година. | 4 |
| 10. | Член на стручен тим за изработка на образовни стандарди за проверување на постигањата на учениците по одделни предмети за гимназиско образование – турски јазик, БРО, 2008. | 1 |
| 11. | Член на државна матурска предметна комисија по предметот | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | турски јазик и литература при МОН (2005-2012) | |
| | **Вкупно** | **46,85** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **44** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **46,85** |
| **Вкупно** | **90,05** |

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Севим Пиличкова с.р.

______________________________

2. Проф. д-р Октај Ахмед с.р

______________________________

3. Проф. д-р Изаим Муртезани с.р.

______________________________

# П Р Е Г Л Е Д

На прифатена тема за изработка на магистерски труд во Институтот за фолклор "Марко Цепенков" – Скопје во студиската програма по фолклористика

| кандидат | тема | ментор |
|---|---|---|
| Рини Усеини | Албанските народни носии во Струшко | проф. д-р Изаим Муртезани |

# П Р Е Г Л Е Д

На пријавена и прифатена тема за изработка на магистерски труд на УКИМ-Шумарски факултет во Скопје

| Ред.бр. | Кандидат | Наслов на тема за изработка на магистерски труд | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Дипл.инж.Павлина Петрова | „Утврдување на оптимални мерки за одгледување на вештачки подигнатите насади од иглолисни видови дрвја на подрачјето Караслари-Чајбаш, Велешко" | Вонр.проф.д-р Николчо Велковски |
| | | | |

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**„АНТОЦИЈАНСКИ ПРОФИЛ НА МАКЕДОНСКИТЕ ЦРВЕНИ ВИНА“** ОД КАНДИДАТКАТА М-Р МАЈА ДИМИТРОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет, донесена на XXI редовна седница од 27. 12 .2012 година, именувани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација **„Антоцијански профил на македонските црвени вина“** на кандидатката м-р Маја Димитровска.

По прегледот на доставениот материјал го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов ***„Антоцијански профил на македонските црвени вина“*** е концепирана според стандардниот протокол за стекнување на научниот степен доктор на науки и е изложена на 180 страници во седум глави, секоја со повеќе поглавја, содржи 41 дијаграм и слики, 41 табела и 185 цитирани референци. Докторската дисертација започнува со краток вовед и изложување на целите на истражувањето (Глава 1). Глава 2 (Литературен преглед) се однесува на хемизмот на антоцијаните, нивното присуство кај грозјето и виното и сознанијата дека тие би можеле да бидат маркери за автентичноста на грозјето и виното. Виното е разгледувано како комплексен матрикс врз чиј квалитет влијаат голем број соединенија кои во текот на винификацијата минуваат од грозјето во виното и дополнително претрпуваат промени во текот на чувањето, познато како стареење на виното. Посебен осврт е даден на антиоксидативниот потенцијал на вината, насловен како француски парадокс, и согласно со тоа, на антиоксидативните својства на антоцијаните. Од аспект на квалитетот и безбедноста на вината, разгледувана е и содржината на макро- и микроелементите во нив, како и сознанијата дека врз база на нивната содржина може да се врши хемиско диференцирање на вината и идентификација на нивното географско потекло. Во експерименталниот дел (Глава 3), детално се прикажани применетите методологии за определување на одделните антоцијански соединенија во сортите грозје (вранец, каберне совињон, мерло и пино ноар) и соодветните вина добиени со различни постапки на винификација и со различна старост, методологиите за

карактеризација на вината преку содржината на мономерни, копигментирани и полимерни антоцијани, содржината на вкупни феноли и антиоксидативната активност на вината, постапките за утврдување на карактеристиките на бојата на вината и содржината на метали, како и користените статистички методи за обработка на добиените резултати. Резултатите од истражувањата во оваа дисертација групирани во посебни поглавја и прикажани со графици, слики и табели и нивната дискусија се претставени во Глава 4. Заклучоците изведени од истражувањата се изнесени во Глава 5, списокот на користената литература даден е во Глава 6, додека во Глава 7 приложени се соодветни прилози. Дисертацијата содржи и листа на кратенки и симболи.

Истражувањата за оваа докторска дисертација се спроведени во следниве лаборатории:

1. Институтот за јавно здравје на Р. Македонија, Скопје;
2. Institute for Food Chemistry and Technology, Graz University, Austria.

## Предмет и цели на истражувањето

Виното е храна за уживање која има посебно место на трпезата секаде во светот, а за нашата земја во текот на последните години претставува значаен извозен производ. Во неговиот состав влегуваат голем број разновидни соединенија меѓу кои и антоцијаните. Антоцијаните претставуваат полифеноли од флавоноидната група кои се најодговорни за бојата на црвените вина и нивните сензорски карактеристики. За време на зреењето тие се акумулираат во лушпата од грозјето, а во текот на прозводството на вино се екстрахираат од лушпите и преминуваат во младото вино давајќи му црвено-виолетова боја. Во младите вина се јавува феноменот на копигментација, односно здружување на антоцијаните со други вообичаено непигментни органски молекули во копигментирани комплекси. Тие манифестираат за 30-50% поинтензивна црвена боја од слободните антоцијани и придонесуваат за поизразената јасно црвена боја на младите вина. Меѓутоа, при чувањето, односно со стареењето на вината, копигментираните комплекси се разградуваат, а ослободените антоцијани се вклучуваат во реакции на кондензација и полимеризација со другите состојки на виното. Со тоа, но и поради преципитацијата во колоидниот талог, при чување на виното во шише или буре се намалува уделот на т.н. слободни или мономерни антоцијани, а се зголемува уделот на создадените полимери. Новоформираните полимерни пигменти во текот на стареењето на вината ги менуваат карактеристиките на виното така што неговата боја од црвено-виолетова минува во црвено-кафена и се намалува трпкавоста.

Бојата, содржината на алкохол и фитохемиски соединенија кај вината зависат од видот на грозјето и применетата винификација. За антоцијаните во грозјето се смета дека можат да претставуваат хемиски маркери за диференцирање на различни сорти грозје и вина направени од нив, поради што анализата на антоцијани претставува корисна

методологија за проверка на автентичноста на вината. Потеклото и автентичноста на вината претставува важен податок за винскиот пазар заради обидите за нивно фалсификување, особено на вината кои се сметаат како луксузни производи на кои стои ознака за географско потекло. Во услови кога пазарот е заситен со вина произведени од исти сорти грозје, потенцијалот на Македонија се гледа во автохтоните сорти грозје поради што и Законот за вино на Р. Македонија предвидува формирање на Регистар за заштита на географското потекло на вината. Согласно со целокупните сознанија, цели на докторската дисертација се:

1. да се одредат антоцијанските профили на црвените сорти грозје (вранец, каберне совињон, мерло и пино ноар) кои се одгледуваат на поднебјето на Македонија и да се споредат со литературни податоци за истите сорти одгледувани во други региони;
2. да се проучи динамиката на екстракција на антоцијаните во текот на винификацијата и да се утврди нејзиното влијание врз антоцијанскиот профил на младото вино и вино складирано 6 месеци;
3. да се изврши карактеризација на црвените вина произведени во Р. Македонија во различни реколти, односно да се утврдат нивните хемиски параметри (содржина на поединечни антоцијани, карактеристики на боја, вкупни феноли, антиоксидативна активност и макро- и микроелементи;
4. да се испита можноста за класификација и групирање на вината според сортата и годината на производство (староста) врз основа на одредени хемиски параметри;
5. со целокупните сознанија, да се даде придонес кон создавање на база на податоци за винската карта на Македонија.

## Резултати од истражувањето

Резултатите од истражувањата се прикажани во Глава 4, во шест посебни поглавја. Во првото поглавје дадени се резултатите од развојот на постапката за екстракција на антоцијаните од лушпите на грозјето и нејзината прецизност. Идентификацијата и квантификацијата на антоцијаните во лушпите од грозје и вина од сортите вранец, мерло, каберне совињон и пино ноар прикажани се во второто поглавје. Според релативната содржина на идентификуваните антоцијани се утврдени антоцијанските профили на испитуваните сорти грозје и меѓусебно се споредувани во однос на ацилираноста и дистрибуцијата на антоцијанидините. Утврдено е дека доминантно антоцијанско соединение кај сите испитувани сорти грозје е малвидин-3-глукозидот. Главна карактеристика на автохтоната сорта грозје вранец е високиот удел на кумароил деривати и пеонидини, додека помеѓу испитуваните сорти грозје, најголема разлика е утврдена во уделот на ацетатните деривати. Кај сортата вранец, соодносот меѓу кумаратите и ацетатите е значително повисок отколку во сортите каберне совињон и мерло, поради што тој е погоден маркер за нивна диференцирање. Највисока, статистички значајна разлика помеѓу сортите грозје е утврдена за соодносот помеѓу делфинидините и пеонидините и тој овозможува јасна дискриминација помеѓу нив.

Утврдена е динамиката на екстракција на индивидуалните мономерни антоцијани во текот на винификцијата на грозјето при примена на различни енолошки постапки, за секоја од испитуваните сорти грозје. Прикажано е влијанието на применетата технолошка постапка за добивање вино врз составот на антоцијаните во вината на крајот од бурната ферментација (младото вино) и по 6 месеци зреење и утврдените антоцијански профили се споредени со антоцијанските отпечатоци на соодветното грозје. Согледано е дека со примена на различни технолошки постапки на иста суровина грозје се добиваат млади вина со слични антоцијански отпечатоци, но сличните карактеристики се губат со староењето на вината.

Од утврдениот антоцијански и хроматскиот профил, вкупните феноли, антиоксидативниот капацитет и содржината на макро и микроелементи во вина од сортите вранец, каберне совињон и мерло, произведени од различни винарии и со старост од 1 до 3 години, со соодветни статистички анализи (анализа на варијансата - ANOVA и анализа на главни компоненти - PCA) е утврдено дека вината вранец имаат дистинктивни карактеристики во однос на вината мерло и каберне совињон. Како можни маркери за диференцирање на вината вранец од вината каберне совињон и мерло се утврдени високата содржина на антоцијани, највисоките вредности на интензитет на боја, сјајност и % црвена боја, содржината на петунидин-3-глукозидот, пеонидин-3-глукозидот и антоцијанските ацетати. Сепак, согледано е дека ниту еден од испитуваните параметри не би можел да се користи за диференцирање на вината каберне совињон од вината мерло. Констатирано е дека староста на вината е ограничувачки фактор за успешна класификација на вината од различни сорти според антоцијаните, но и додека според хроматските параметри успешно може да се раздвојуваат старите од младите вина вранец. Покажано е и дека елементарниот состав ги диференцира домашните вина од вината произведени во други региони во светот.

## Верификација на докторската дисертација

Дел од резултатите од истражувањата прикажани во дисертацијата на м-р Маја Димитровска се презентирани во трудови печатени во меѓународно списание со фактор на влијание (1), трудови прифатени за печатење во меѓународно списание со фактор на влијание (1), објавен труд во списание со меѓународен уредувачки одбор (1), поднесен труд за печатење (1), како и реферирани на меѓународни научни собири (5) , а еден дел од резултатите е поместен во трудови кои се подготовка.

*Трудови во меѓународни списанија со фактор на влијание*

1. Dimitrovska M., Bocevska M., Dimitrovski D., Murkovic M. (2011) Anthocyanin composition of Vranec, Cabernet Sauvignon, Merlot and Pinot Noir grapes as indicator of their varietal differentiation, *European Food Research and Technology*, **232**:591-600, **DOI**: 10.1007/s00217-011-1425-9.

2. Dimitrovska M., Tomovska E., Bocevska M. Characterisation of Vranec, Cabernet Sauvignon and Merlot wines based on their chromatic and anthocyanin profile, *Journal of the Serbian Chemical Society*, (2013) DOI: 10.2298/JSC130101026D.

3. Dimitrovska M., Bocevska M., Doneva-Sapceska D. Evolution of anthocyanins in Merlot and Pinot Noir wines during vinification and after 6 months storage, *Food Science and Technology Research*, FSTR-D-12-00259 (Во фаза на рецензирање).

*Труд печатен во списание со меѓународен издавачки одбор*

1. Димитровска М., Боцевска М., Донева-Шапческа Д., Антоцијани во грозје и вино-хемиска структура, својства, изолација и идентификација (2010), *Архиви на јавното здравје*, 1: 89-96.

*Трудови презентирани на меѓународни конгреси:*

1. Dimitrovska M., Bocevska M., Doneva-Sapceska D. Anthocyanin Pattern of Several Grape Varieties Grown in Macedonia, Third International Congress on Food and Nutrition, 22-25 April 2009 Antalya, Turkey, Book of Abstracts, p. 134

2. Dimitrovska M., Bocevska M., Tasev I. Changes of the anthocyanin profile during fermentation of grape to wine, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 23-26 September 2010, Ohrid, Macedonia, Book of Abstracts, p. 135

3. Dimitrovska M., Bocevska M., Spiroski I. Enhanced health benefits of Macedonian red wines associated to color characteristics, anthocyanins and total polyphenols, Fifth Congress of Farmacy of Macedonia, 21-28 September 2011, Ohrid, Macedonia, Book of Abstracts, p. 15

4. Dimitrovska M., Bocevska M., Doneva-Sapceska D. Anthocyanins, phenolic composition and color characteristics of red wines in relation to their antiradical activity, ILSI's International Symposium on Health Benefits of Foods – From Emerging Science to Innovative Products, 5-7 October 2011, Prague, Czech Republic, Book of Abstracts, p. 71

5. Dimitrovska M., Bocevska M., Dimitrovski D., Doneva-Sapceska D., Tasev I. Antioxidant potential of Macedonian red wines in relation to their colour characteristics, anthocyanins and total phenols, 6th Central European Congress on Food (CEFood 2012), 23-26 May 2012, Novi Sad, Serbia, Book of Abstracts, p. 136

Исто така, во текот на изработката на тезата, кандидатката учествува и во релизацијата на билатералниот македонско-хрватски проект „Effect of medicinal plant phenolic extracts on the stability of grape anthocyanin" (public.mzos.hr/fgs.axd?id=18903).

**Научен придонес на дисертацијата**

Главните придонеси од докторската дисертација можат да се групираат во неколку целини:

1. Карактеризацијата на антоцијанските профили на грозјето вранец, каберне совињон, мерло и пино ноар и согледаните можности тие да се разграничуваат врз основа на одделни антојанидини, деривати или нивни соодноси.
2. Согледувањата дека динамиката на екстракција на антоцијаните од грозјето во текот на винификацијата е во релација со хемиската структура на соединенијата, односно зависи од ацилираноста и од типот на агликонот кој влегува во состав на антоцијанскиот молекул.
3. Сознанијата за релациите помеѓу антоцијанскиот профил на младите вина и вината со старост 6 месеци со антоцијанскиот профил на грозјето од кое се произведени и дека староста на виното е ограничувачки фактор во проценката на автентичноста на виното преку споредба на антоцијанскиот отпечаток.
4. Согледаните антоцијански профили и карактеристики на бојата на вината вранец, каберне совињон, мерло и пино ноар со различна старост (од 1 до 3 години) и нивниот потенцијал за диференцирање на вината според сортата и староста.
5. Сознанијата дека содржината на вкупни феноли не варира значајно помеѓу различните сорти црвени вина иако малку повисока содржина е утврдена кај вината од сортата вранец, дека постои висок степен на корелација помеѓу содржината на вкупните полифеноли и антиоксидативната моќ на вината, како и дека вината од различни сорти имаат сличен антиоксидативен потенцијал кој не е во корелација со староста на вината.
6. Согледаната можност да се групираат и класифицираат македонските црвени вина според хроматскиот и антоцијнскиот профил применувајќи го методот анализа на главните компоненти (PCA) .
7. Утврдениот потенцијал на елементарниот состав за разликување на македонските црвени вина од истите произведени во други делови на светот според регионот на потеклото.
8. Утврдените карактеристики на црвените вина се значаен придонес кон создавање база на податоци за винската карта на Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека во докторската дисертација **„Антоцијански профил на македонските црвени вина“** на кандидатката м-р Маја Димитровска е даден значаен научен придонес во областа на хемијата и технологијата на црвените вина, со посебна нагласка на можностите за диференцијација на македонските сорти црвени вина помеѓу себе и според староста врз основа на нивниот антоцијански профил и карактеристиките на бојата, како и можноста за диференцирање на вината на база на нивниот елементарен состав според регионот на

потеклото. Поголемиот дел од резултатите од истражувањата се веќе верификувани од поширoката научна јавност со нивното објавување во научни трудови и презентирање на научни собири.

Врз основа на извршената анализа, Комисијата за оцена смета дека оваа докторска дисертација ги задоволува условите пропишани со Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје и согласно со тоа, со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет да ја прифати рецензијата на докторската дисертација со наслов **„Антоцијански профил на македонските црвени вина"** од кандидатката м-р Маја Димитровска и да ја проследи за јавна одбрана.

Скопје, 4. 03. 2013

Рецензентска комисија

1. Д-р Мирјана Боцевска, ред. проф., ментор, с.р.
2. Д-р Михаил Петков, ред. проф., с.р.
3. Д-р Слободанка Кузманова, ред. проф., с.р.
4. Д-р Донка Донева Шапческа, вонр. проф., с.р.
5. Д-р Александра Бужаровска, вонр. проф., с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ МЕДИЦИНА НА ТРУДОТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 20.12.2012 г., врз основа на чл. 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11 и 51/11), во врска со распишаниот конкурс за избор на 1 наставник во сите звања, објавен на 24.11.2012 год. во дневниот весник: „Утрински весник", а по предлог на Кадровскиот одбор, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања по предметот медицина на трудот, во состав:

1. проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска
2. проф д-р Елисавета Стикова
3. проф. д-р Анѓелко Ѓорчев
4. проф. д-р Моме Спасовски
5. проф. д-р Михаил Кочубовски.

На конкурсот за избор на еден наставник во сите звања по предметот медицина на трудот се пријави еден кандидат доц. д-р Јордан Минов. Врз основа на приложената документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### а) Едукација и стручни квалификации

Доц. д-р Минов (1960, Скопје) е специјалист по интерна медицина и медицина на трудот и супспецијалист по пулмологија и алергологија. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје дипломирал во 1984 год. На истиот Факултет во 2002 год. ја завршил специјализацијата по интерна медицина, во 2006 год. специјализацијата по медицина на трудот и во 2012 год. супспецијализацијата по пулмологија и алергологија.

На Медицинскиот факултет во Скопје во 2001 ги завршил постдипломските студии и се стекнал со звањето магистер на медицински науки, а во 2006 год. ја одбранил докторската дисертација со наслов „Влијание на специфичната професионална експозиција врз настанокот на бронхијалната астма кај работници од фармацевтската индустрија" и се стекнал со звањето доктор по медицински науки.

Доц. д-р Минов во 2006 год. го стекна сертификатот за едукатор во рамките на Проектот за управување со здравствениот сектор по завршувањето на Акредитираната програма на Министерството за здравство на Р. Македонија и Лекарската комора на Република Македонија за обука на клучни тренери: едукатори, испитувачи и ментори за модернизирање на процесот на лиценцирање на лекарите, стоматолозите и фармацевтите на Република Македонија.

### б) Вработувања и стручен ангажман

Доц. д-р Минов е редовно вработен во Институтот за медицина на трудот на Р. Македонија, Скопје – Колаборативен центар на СЗО и Колаборативен центар на GA²LEN и на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во периодот 1986-2002 год. работел како доктор во Здравствениот дом на Скопје. Во периодот 2002-2009 год. работел како доктор-специјалист на Отсекот за функционална дијагностика на кардиореспираторниот систем при Институтот за медицина на трудот. Од 2009 год. е раководител на Одделот за физиологија на трудот при Институтот за медицина на трудот на Р. Македонија, Скопје – Колаборативен центар на

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**
**ПО ПРЕДМЕТОТ МЕДИЦИНА НА ТРУДОТ**
**НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 20.12.2012 г., врз основа на чл. 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11 и 51/11), во врска со распишаниот конкурс за избор на 1 наставник во сите звања, објавен на 24.11.2012 год. во дневниот весник: „Утрински весник", а по предлог на Кадровскиот одбор, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања по предметот медицина на трудот, во состав:

1. проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска
2. проф д-р Елисавета Стикова
3. проф. д-р Анѓелко Ѓорчев
4. проф. д-р Моме Спасовски
5. проф. д-р Михаил Кочубовски.

На конкурсот за избор на еден наставник во сите звања по предметот медицина на трудот се пријави еден кандидат доц. д-р Јордан Минов. Врз основа на приложената документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**а) Едукација и стручни квалификации**

Доц. д-р Минов (1960, Скопје) е специјалист по интерна медицина и медицина на трудот и супспецијалист по пулмологија и алергологија. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје дипломирал во 1984 год. На истиот Факултет во 2002 год. ја завршил специјализацијата по интерна медицина, во 2006 год. специјализацијата по медицина на трудот и во 2012 год. супспецијализацијата по пулмологија и алергологија.

На Медицинскиот факултет во Скопје во 2001 ги завршил постдипломските студии и се стекнал со звањето магистер на медицински науки, а во 2006 год. ја одбранил докторската дисертација со наслов „Влијание на специфичната професионална експозиција врз настанокот на бронхијалната астма кај работници од фармацевтската индустрија" и се стекнал со звањето доктор по медицински науки.

Доц. д-р Минов во 2006 год. го стекна сертификатот за едукатор во рамките на Проектот за управување со здравствениот сектор по завршувањето на Акредитираната програма на Министерството за здравство на Р. Македонија и Лекарската комора на Република Македонија за обука на клучни тренери: едукатори, испитувачи и ментори за модернизирање на процесот на лиценцирање на лекарите, стоматолозите и фармацевтите на Република Македонија.

**б) Вработувања и стручен ангажман**

Доц. д-р Минов е редовно вработен во Институтот за медицина на трудот на Р. Македонија, Скопје – Колаборативен центар на СЗО и Колаборативен центар на GA²LEN и на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во периодот 1986-2002 год. работел како доктор во Здравствениот дом на Скопје. Во периодот 2002-2009 год. работел како доктор-специјалист на Отсекот за функционална дијагностика на кардиореспираторниот систем при Институтот за медицина на трудот. Од 2009 год. е раководител на Одделот за физиологија на трудот при Институтот за медицина на трудот на Р. Македонија, Скопје – Колаборативен центар на

СЗО и Колаборативен центар на GA²LEN. Во периодот 2009-2010 год. бил член на Управниот одбор на Институтот.

Во рамките на својата стручна дејност во Институтот, доц. д-р Минов е ангажиран во следењето и проучувањето на одделни актуелни проблеми во областа на медицината на трудот, со фокус на професионалната пулмологија и алергологија. Неговиот професионален интерес е поврзан со функционалната дијагностика на респираторниот систем, со посебен акцент на оцената на работната способност, како и со епидемиологијата, имуно-алерголошките аспекти, дијагностиката, третманот и превенцијата на професионалните белодробни болести и белодробните болести во врска со работата (астма, хронична опструктивна белодробна болест, пневмокониози и др.). Посебни теми во неговиот професионален ангажман се следењето на поврзаноста помеѓу специфичната професионална експозиција и респираторните ефекти кај изложените работници. Во рамките на неговиот професионален ангажман значајно место заземаат медицинските и легислативните аспекти на професионалните болести со непосредно учество во тимот на Институтот за нивна дијагностика и верификација.

Од 2010 год. доц. д-р Минов обезбедува супспецијалистичко-консултативна дејност во Центарот за астма и ХОББ при ЈЗУ Општа болница – Гостивар, односно го следи и го усовршува работењето на Центарот пренесувајќи ги современите сознанија од областа на пулмологијата.

## в) Членство во професионални асоцијации

Доц. д-р Минов е член на неколку национални здруженија, како што се: Здружението на докторите специјалисти по медицина на трудот, Македонското респираторно здружение и Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија. Тој е член на Управниот одбор на Здружението на доктори по медицина на трудот, како и претседател на секцијата по професионална патологија на Македонското респираторно здружение. Од меѓународните здруженија, доц. д-р Минов е долгогодишен член на European Respiratory Society (ERS), European Academy of Allergy and Clinical Immunology (EAACI) и World Allergy Organization (WAO).

Доц. д-р Минов е член на Издавачкиот совет на American Journal of Immunology (AJI), како и нивен рецензент на трудови од областа на професионалната и непрофесионалната пулмологија и алергологија. Како член на Издавачкиот совет на ова списание, доц. д-р Минов има обврска за селектирање и препорачување трудови од оваа област од автори од земјите во регионот. Во изминативе години бил поканет рецензент на повеќе реномирани медицински списанија, како што се: Archives of Industrial Hygiene and Toxicology, Environmental Monitoring and Assessment, Journal of Occupational Medicine and Toxicology, International Journal of Medicine and Medical Sciences и др., како и на Macedonian Journal of Medical Sciences и Македонски медицински преглед.

Доц. д-р Минов е член на Лекарската комора на Република Македонија од нејзиното основање во 1992 год. Во периодот 1992-1996 бил потпреседател, а во периодот 1996-2000 претседател на ОО на ЛКМ Кисела Вода, Скопје. Во 2012 год. е избран за член на ОО на ЛКМ Чаир, Скопје. Во два мандата (2000-2004 и 2004-2008) бил член на Комисијата за економски и социјални прашања на ЛКМ.

Доц. д-р Минов, исто така, е долгогодишен член на Македонското лекарско друштво. За неговиот придонес и ангажирање во работата на ова Здружение, во 2009 год. му е доделена Диплома од Македонското лекарско друштво.

## г) Едукативни активности

Доц. д-р Минов е доцент на Катедрата за медицина на трудот при Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од 2008 год. Тој е член на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет од Катедрата за медицина на трудот, како и член на Кадровскиот одбор на Медицинскиот факултет.

Како наставник на Катедрата за медицина на трудот, доц. д-р Минов учествува во изведувањето на наставата од првиот и вториот циклус студии. Во рамките на првиот циклус студии учествува во изведувањето на наставата за студентите по општа медицина по задолжителниот предмет медицина на трудот и по изборниот предмет „професионални болести и болести во врска со работата: каде е границата?", како и во менторската настава за здравствена клиничка практика по предметот јавно здравство-клиничка практикаа. Во рамките на првиот циклус студии учествува во изведувањето на наставата и за студентите од тригодишните студии за физиотерапевти (редовни и

вонредни), дипломирани медицински сестри/медицински техничари (редовни и вонредни) и логопеди (редовни и вонредни).

Во рамките на вториот циклус студии, доц. д-р Минов учествува во изведувањето на наставата за специјализантите по медицина на трудот, како и за постдипломците по јавно здравство. Исто така, учествува во едукативните активности на специјализантите по епидемиологија, хигиена и социјална медицина, како и на супспецијализантите по пулмологија и алергологија во рамките на нивните турнуси на Институтот за медицина на трудот на Р. Македонија, Скопје.

Во последниве години доц. д-р Минов учествувал како предавач во повеќе работилници и школи во земјава и во странство од областите на професионалната патологија и пулмоалергологијата.

Од 2005 год. доц. д-р Минов е акредитиран испитувач на Лекарската комора на Република Македонија за спроведување на стручниот испит на здравствените работници со високо образование.

## д) Научноистражувачки активности и проекти

Доц. д-р Минов учествувал во изведувањето на повеќе меѓународни и национални проекти, како и на повеќе меѓународни и национални конгреси, семинари и конференции. Најголемиот дел од неговите научноистражувачки активности се однесува на професионалните белодробни болести и болестите на белите дробови во врска со работата, односно на нивните епидемиолошки, етиопатогенетски, клинички, дијагностички, тераписки и јавноздравствени аспекти.

GA2LEN Survey и Survey Follow up study се две големи интернационални студии во рамките на Framework Programme 6 Network of Excellence no. 506378 entitled “Global Allergy and Asthma European Network” (“GA2LEN”), поддржана од од Европската комисија (European Commission - EC) (Contract no. FOOD-CT-2004-506378). Координатор во реализацијата на наведените студии е Imperial College од Лондон, а нивниот истражувачки дел е изведен во периодот 2007-2010 год. Институтот за медицина на трудот на Р. Македонија е Колаборативен центар на GA2LEN од 2006 год., а неговиот истражувачки тим во кој е вклучен доц. д-р Минов активно учествува во некои од неговите многубројни активности.

GA2LEN Survey е скрининг - истражување за епидемиологијата на астмата и другите алергиски болести, во кое се вклучени триесетина градови од Европа. Студијата е изведувана на рандомизиран примерок од популацијата на возраст од 15 до 75 години (во истражувањето од скопскиот центар вклучени се околу 3.000 испитаници), а се темели на пополнување врз стандардизиран и унифициран прашалник. Survey Follow up study е меѓународен проект во кој се вклучени десетина од градовите во кои била изведувана првата студија, вклучително и Скопје. Истражувањето е изведувано на рандомизиран примерок од испитаниците вклучени во првата студија (во истражувањето од скопскиот центар вклучени се околу 120 испитаници), а се темели врз пополнување на три стандардизирани и унифицирани прашалници, како и врз клинички испитувања (функционални белодробни тестови, алерголошки тестови и др.). Во последниве две години резултатите од двете студии се во фаза на обработка и анализа, а се очекува од нив да се добие појасна слика за состојбата со астмата и другите алергиски болести, односно за нивните епидемиолошки, патогенетски, дијагностички и клинички аспекти, што ќе овозможи насочување кон идни истражувања на овој сериозен јавноздравствен проблем во Европа и во светот.

Голем дел од научноистражувачките активности на доц. д-р Минов се однесува на ефектите на специфичната професионална експозиција врз настанувањето на хроничните опструктивни болести на белите дробови (астма и ХОББ) или на нивните специфични феномени (на пр. реверзибилната опструкција на дишните патишта, бронхијалната хиперреактивност и бронхоконстрикцијата предизвикана од физички напор кај астмата). Резултатите од овие истражувања се публикувани во реномирани медицински списанија во Европа и во светот и се презентирани на повеќе национални и интернационални конгреси и симпозиуми. Резултатите од некои од овие истражувања се цитирани или користени во метаанализите на меѓународни експерти во оваа област (на пр. резултатите од тестот на експозиција и елиминација со сериско мерење на врвниот експираторен проток во дијагностиката на професионалната астма во трудот „A Systematic Review of Serial Peak Expiratory Flow Measurements in the Diagnosis of Occupational Asthma” на V. C. Moore, M. S. Jaakkola и P. Sherwood Burge, објавен во списанието Annals of Respiratory Medicine во 2009 год.).

Од 2011 год., како претставник на Министерството за здравство на Р. Македонија назначен од министерот за здравство, доц. д-р Минов активно учествува во активностите на Регионалната канцеларија на СЗО за Европа во Бон, Германија, за елиминирање на болестите поврзани со експозиција на азбест. Со реферати има учествувано на состаноците на Регионалната канцеларија на СЗО за Европа во 2011 год. („National programmes to eliminate asbestos-related diseases: review and assessment") и во 2012 год. („The Human and Financial Burden of the Asbestos in the WHO European Region"). Натамошните чекори во овој домен вклучуваат изработка на национален профил за експозиција на азбест и преземање на активности насочени кон елиминирање на болестите предизвикани од експозиција на азбест во европските земји.

**ѓ) Публицирани трудови**

Доц. д-р Минов е автор на поглавја во учебници, монографии, извештаи и други публикации, како и на бројни стручни и научни трудови објавени во домашни и меѓународни списанија.

Доц. д-р Минов е еден од авторите на учебникот "Медицина на трудот" (ур. Ј. Караџинска-Бислимовска), одобрен од Медицинскиот факултет во Скопје. Тој е автор на монографиите "Болести на белите дробови и плеврата поврзани со професионалната експозиција" (2009) и „Спирометрија" (2010). Доц. д-р Минов е еден од членовите на Редакцискиот одбор и еден од авторите на монографијата „Алергиските болести во Р. Македонија" (ур. В. Цветанов)(2006).

Доц. д-р Минов е еден од авторите на тематското поглавје во прирачникот за професори од областа на јавното здравство "Occupational health services – key tool in the development of workers' health as a public health approach" во A Handbook for Teachers, Researchers and Health Professionals "Management in Health Care Practice" (2008), како и на тематското поглавје "Occupational Lung Diseases as a Public Health Problem" во A Handbook for Teachers, Researchers and Health Professionals "Health Determinants in the Scope of New Public Health" (2005).

Доц. д-р Минов досега има публицирано околу 140 стручни и научни трудови во домашни и меѓународни списанија. Во досегашните избори, тој има рецензирано 102 труда во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 937 од 29.2.2008 год.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР
## ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

**Кандидат: Јордан Богољуб Минов**

**Институција: Медицински факултет, Скопје**

**Научна област: медицина на трудот**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава**<br><br>**Прв циклус студии (1 час = 0,04 поени)**<br>Медицински факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје<br>Медицина (медицина на трудот)<br>2008-2009; 2009-2010; 2010-2011; 2011-2012<br>10 + 13 + 13 + 15 = 51 час<br>51 x 0,04 = 2,04<br>Медицина – изборен предмет (професионални болести и болести во врска со работата: каде е границата?)<br>2010-2011; 2011-2012<br>15 + 15 = 30 часови<br>30 x 0,04 = 1,2<br>Физиотерапевти (редовни и вонредни)<br>2009-2010; 2010-2011; 2011-2012 | **11,33** |

| | | |
|---|---|---|
| | 9 + 9 + 9 = 27 часови<br>27 x 0,04 = 1,08<br>Дипломирани мед. сестри/мед. техничари<br>(редовни и вонредни)<br>2008-2009; 2009-2010; 2010-2011; 2011-2012<br>5 + 6 + 5 + 5 = 21 час<br>21 x 0,04 = 0,84<br>Логопеди (редовни и вонредни)<br>2009-2010; 2010-2011; 2011-2012<br>9 + 8 + 11 = 28 часови<br>28 x 0,04 = 1,13<br><br>Прв циклус студии – вкупно 157 часови<br>157 x 0,04 = 6,28<br><br>**Втор циклус студии (1 час = 0,05 поени)**<br>Специјализанти по медицина на трудот<br>2009-2010; 2010-2011; 2011-2012<br>27 + 27 + 27 = 81 час<br>81 x 0,05 = 4,05<br>Постдипломци по јавно здравство<br>2008-2009; 2009-2010; 2010-2011; 2012-2013<br>5 + 5 + 5 + 5 = 20 часови<br>20 x 0,05 = 1<br><br>Втор циклус студии – вкупно 101 час<br>101 x 0,05 = 5,05 | |
| 2 | **Настава во работилници**<br><br>**Раководител (1,5 поени)**<br>1. PEF-метрија, октомври 2010<br>1 x 1,5 = 1,5<br><br>**Учесник (1 поен)**<br>1. Функционални белодробни тестови; 2009<br>2. Chemical Pollution in the Natural and Working Environments; 2009<br>3. Дали ринитот води кон астма? Улога на матичниот лекар; 2009<br>4. Современи алерголошки предизвици: алергија на медикаменти, храна и инсекти; 2010<br>5. World Forum for Hospital Sterile Supply 1st level corse for reprocessing of medical devices; 25.05-03.06.2012<br>6. World Forum for Hospital Sterile Supply 1st level corse for reprocessing of medical devices; 19-28.09.2012<br>7. Туберкулозата како професионална болест, критериуми за привремена спреченост за работа и инвалидност при туберкулоза; 2012<br>8. European Respiratory Network of Excellence Educational Meeting: COPD and asthma overlap: would understanding neutrophilic infiltration make a difference to treatment? What else might/would?; 2012<br>8 x 1 = 8 | **9,5** |
| 3 | **Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд) (0,03 поени)**<br>Ментор на семинарски трудови – 5<br>5 x 0,03 = 0,15 | **0,15** |
| 4 | **Одржување на менторска настава за здравствена клиничка практика (0,06 поени)**<br>2009-2010; 2010-2011; 2011-2012 | **5,76** |

| | | |
|---|---|---|
| | 3 x 32 часови x 0,06 = 1,92 | |
| 5 | **Консултации со студенти (0,002 поени)**<br>2008-2009; 2009-2010; 2010-2011; 2011-2012<br>50 студенти x 4 x 0,002 = 0,4 | 0,4 |
| 6 | **Консултации со студенти во рамките на здравствената клиничка практика (0,2 поени)**<br>2009-2010; 2010-2011; 2011-2012<br>3 x 10 студенти x 0,2 =6 | 6 |
| 7 | **Ментор на дипломска работа (0,2 поени)**<br>1 x 0,2 = 0,2 | 0,2 |
| 8 | **Ментор на специјалистичка работа (1 поен)**<br>1 x 1 = 1 | 1 |
| 9. | **Член на Комисија за оцена или одбрана на магистратура (0,3 поени)**<br>5 x 0,3 = 1,5 | 1,5 |
| 10. | **Член на Комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа (0,2 поени)**<br>3 x 0,2 = 0,6 | 0,6 |
| 11. | **Член на Комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (0,1)**<br>2 x 0,1 = 0,2 | 0,2 |
| 12. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник**<br>**Автор (8 поени)**<br>1. Ј. Караџинска-Бислимовска, Ј. Минов, С. Ристеска-Куч, Д. Мијакоски, С. Столески. Медицина на трудот. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Медицински факултет, 2012; 1-635. (рецензиран во Билтенот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" бр.991 од 1.9.2010)<br>1 x 8 = 8 | 8 |
| 13. | **Научно - популарна книга**<br>**Автор (6 поени)**<br>1. Ј. Караџинска-Бислимовска, В. Кендровски, Ј. Минов, С. Милковска, М. Кишман, М. Спасеновска. Влијание на климатските промени на поленската микрофлора и на зачестеноста на респираторните алергиски болести кај возрасната популација на подрачјето на Скопје. Скопје: Министерство за здравство на Република Македонија, 2011; 1-17.<br>1 x 6 = 6 | 6 |
| | **Вкупно** | **52,64** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Ментор на магистерска работа (1 поен)**<br>2 x 1 = 2 | 2 |
| 2 | **Учесник во меѓународен научен проект (5 поени)**<br>1. GA²LEN Survey и Survey Follow up Study<br>(FP 6/FOOD-CT-2004-506378)<br>1 x 5 = 5 | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (6 поени + и.ф.)**<br>1. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, K. Vasilevska, Z. Nelovska, S. Risteska-Kuc, S. Stoleski, D. Mijakoski. Smoking among Macedonian workers five years after the anti-smoking campaign. Arh Hig Rada Toksikol 2012; 63: 207-213.<br>(6 x 60%) + 1,048 = 4,648<br>2. J. Karadzinska-Bislimovska, J. Minov, V. Kendrovski, .S. Milkovska, S. Stoleski, D. Mijakoski. Prevalence of the respiratory allergies among adult population in the city of Skopje in relation to climatic change and change in pollen micro flora. JEP 2012; 3: 1364-1372.<br>(6 x 60%) + 0,44 = 4,04<br>3. D. Jarvis, R. Newson, J. Lotvall, D. Hastan, P. Tomassen, T. Keil, M. Gjomarkaj, B. Forsberg, M. Gunnbjornsdottir, J. Minov, G. Brozek, S.E. Dahlen, E. Toskala, M.L. Kowalski, H. Olze, P. Howarth, U. Kramer, J. Baelium, C. Loureiro, L. Kasper, P.J. Bousquet, J. Bousquet, C. Bachert, W. Fokkens, P. Burney. Asthma in adults and its association with chronic rhinosinusitis: The GA²LEN survey in Europe. Allergy 2012; 67: 91-98.<br>(6 x 60%) + 6,271 = 9,871<br>4. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, K. Vasilevska, L. Trajceva, S. Risteska-Kuc, S. Stoleski, D. Mijakoski. Respiratory and nasal symptoms, immunological changes and lung function among petroleum refinery workers. Med Lav 2010; 101 (5): 364-374.<br>(6 x 60%) + 0,321 = 3,921<br>5. J. Karadzinska-Bislimovska, J. Minov, S. Stoleski, D. Mijakoski, S. Risteska-Kuc. Environmental and occupational health risks among agricultural workers living in a rural community near petroleum refinery and motorway in Skopje region. Arh Hig Rada Toksikol 2010; 61: 415-424.<br>(6 x 60%) + 0,826 = 4,426<br>6. J. Karadzinska-Bislimovska, J. Minov, S. Risteska-Kuc, S. Stoleski, D. Mijakoski, S. Todorov, V. Basarovska, M. Kisman-Hristovska. National survey on identifying vulnerable workers and availability of occupational health services in the Republic of Macedonia. Med Lav 2010; 101 (4): 262-275.<br>(6 x 60%) + 0,321 = 3,921<br><br>7. S. Stoleski, J. Karadzinska-Bislimovska, E. Stikova, S. Risteska-Kuc, D. Mijakoski, J. Minov. Adverse effects in workers exposed to inorganic lead. Arh Hig Rada Toksikol 2008; 59: 19-29.<br>8. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, T. Petrova, K. Vasilevska, S. Risteska-Kuc, S. Stoleski, D. Mijakoski. Efficacy and tolerability of various antimicrobial regimens in the treatment of exacerbations of chronic bronchitis and chronic obstructive airways disease. Maced J Med Sci 2009; 2 (2): 115-120.<br>9. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, T. Petrova, K. Vasilevska, S. Risteska-Kuc, S. Stoleski, D. Mijakoski. Asthma Control Test™ in assessment of clinical asthma control. Maced J Med Sci 2009; 2 (4): 341-346.<br>10. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, K. Vasilevska, S. Risteska-Kuc, S. Stoleski. Effects of passive smokig at work on respiratory symptoms, lung function, and bronchial hyperresponisiveness in never smoking office cleaning women, Arh Hig Rada Toksikol 2009; 60: 327-334.<br>11. J. Karadzinska-Bislimovska, J. Minov, D. Mijakoski, S. Stoleski, S. Todorov. Brucellosis as an occupational disease in the Republic of Macedonia. Maced J Med Sci 2010; 3 (3): 251-256.<br>12. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, K. Vasilevska, S. Risteska-Kuc, S. Stoleski, D. Mijakoski. Exercise-induced bronchoconstriction and exercise-induced respiratory symptoms in nurses. J Allergy: 267542 | 64,427 |

| | | |
|---|---|---|
| | Epub 2011.<br>13. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, K. Vasilevska, S. Risteska-Kuc, S. Stoleski, D. Mijakoski. The impact of Helicobacter pylori infection on lung function and severity of bronchial hyperresponsiveness in subjects with allergic asthma. Am J Immunol 2012; 7 (4): 62-67.<br>14. V. Kendrovski, S. Milkovska, J. Karadzinska-Bislimovska, J. Minov, M. Spasenovska, M. kisman-Hristovska. The impacts of maximum temperature and climate change to current and future pollen distribution in Skopje, Republic of Macedonia. TAF Prev Med Bull 2012; 11 (1): 35-40.<br>8 x 6 x 60% = 28,8<br><br>15. D. Mijakoski, J. Minov, S. Stoleski. Respiratory and nasal symptoms, immunological changes, and lung function in industrial bakers. Maced J Med Sci doi.org/10.3889/MJMS.<br>1 x 6 x 80% = 4,8 | |
| 4 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание (2 поена)**<br>Моксифлоксацин во амбулантското лекување на акутните егзацербации на хроничниот бронхитис и хроничната опструктивна белодробна болест. Vox Medici 2011; 71: 147-151. | **1,2** |
| 5 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (3 поени)**<br>1. J. Karadzinska-Bislimovska, J. Minov, V. Basarovska, T. Agai-Demjaha, D. Mijakoski, S. Stoleski. How to maintain the health and work ability of the unemployed – Experience from The Former Yugoslav Republic of Macedonia. Proceedings from the OH&S Forum 2011, pp. 168-170.<br>2. S. Stoleski, J. Karadzinska-Bislimovska, J. Minov, D. Mijakoski. Current needs and future development in Macedonian rural health policy. Proceedings from the OH&S Forum 2011, pp. 171-173.<br>2 x 3 x 60% = 3,6 | **3,6** |
| 6 | **Секциски предавања на научен/стручен собир (1 поен)**<br>1. Ј. Минов. Астма во врска со работата. Стручен симпозиум на Македонско респираторно здружение на тема „Светски ден на астма – реалност и перспективи", 2011.<br>2. Ј. Минов. Болести на белите дробови и плеврата поврзани со професионална експозиција на азбест. Стручен состанок на Македонското респираторно здружение „Професионални болести на белите дробови", 2011.<br>3. Ј. Минов. Ургентни состојби кај респираторните алергиски заболувања. Симпозиум на Здружението за прехоспитална медицина „Анафилакса и анафилактоидни реакции – Дијагностички и тераписки протоколи", 2011.<br>4. Ј. Минов. Фармаколошки третман на стабилна ХОББ: GOLD 2010 – GOLD 2011. Стручен состанок на Здружението на доктори специјалисти по медицина на трудот „Актуелни новини во класификација, дијагностика и третман на ХОББ", 2012.<br>4 x 1 = 4 | **4** |
| 7 | **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество (3 поени)**<br>1. Ј. Минов. Професионалната експозиција во етиопатогенезата на астмата и хроничната опструктивна белодробна болест. Втор конгрес на Здружението на пневмофтизиолози на Република Македонија со меѓународно учество, Скопје 3-5 ноември 2011.<br>2. Ј. Минов. Професионални инфективни болести на белите | **6** |

| | | |
|---|---|---|
| | дробови. 5. Конгрес на Македонското респираторно здружение со меѓународно учество, 26-29.9.2012, Охрид, Р. Македонија.<br>2 x 3 = 6 | |
| 8 | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество (2 поени)**<br>1. J. Minov. Chair of Occupational Medicine, Medical Faculty, University "Sts Cyril and Methodius" Skopje, R. Macedonia<br>1 x 2 = 2 | 2 |
| 9 | **Учество на научен/стручен собир со реферат**<br>**- усна презентација (1 поен)**<br>1. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska. Work-related asthma. Second Congress of Bulgarian Respiratory Society, October 30-November 2, 2008, Plovdiv, Bulgaria.<br>2. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, L. Trajceva, S. Risteska-Kuc, S. Stoleski, D. Mijakoski. Asthma and allergies among petroleum refinery workers and office workers. XXVIII Congress of the European Academy of Allergy and Clinical Immunology in Warszawa, Poland, 6-10 June 2009.<br>3. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, S. Risteska-Kuc, S. Stoleski. Bronchial hyperresponsiveness among domestic and office female cleaners. XXIX Congress of the European Academy of Allergy and Clinical Immunology in London, United Kingdom, 5-9 June 2010.<br>4. J. Minov. National programme for elimination of asbestos-related diseases – report from R. Macedonia. WHO Meeting "National programmes to eliminate asbestos-related diseases: review and assessment", Bonn, Germany, 7-8 June 2011.<br>5. J. Minov. Preparation of the National Asbestos Profile of R. Macedonia. WHO Meeting "The human and finacial burden of asbestos in the WHO European Region", Bonn, Germany, 5-6 November 2012.<br>5 x 1 = 5<br><br>**- постер (0,5 поени)**<br>1. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, K. Vasilevska, S. Stoleski, D. Mijakoski. Adverse respiratory and immunological effects in bakery: industrial vs. traditional bakers. European Academy of Allergy and Clinical Immunology Congress 2012 16-20 June, Geneva, Switzerland.<br>1 x 0,5 = 0,5 | 5,5 |
| 10 | **Апстракти објавени во зборник на конференција**<br>**- меѓународна (1 поен)**<br>1. Stoleski S, Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Mijakoski D, Risteska-Kuc S, Ezova N, Marsenic M, Milkovska S. Self-reported insect sting allergy among adults in R. Macedonia. Abstracts of the XXVIII Congress of the European Academy of Allergy and Clinical Immunology in Warszawa, Poland, 6-10 June 2009.<br>2. Mijakoski D, Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Stoleski S, Marsenic M, Risteska-Kuc S. Atopic dermatitis in a random children population in R. Macedonia. Abstracts of the XXIX Congress of the European Academy of Allergy and Clinical Immunology in London, United Kingdom, 5-9 June 2010.<br>3. Stoleski S, Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Mijakoski D, Risteska-Kuc S, Marsenic M, Milkovska S. Self-reported drug hypersensitivity among adults in the Republic of Macedonia. Abstracts of the XXIX Congress of the European Academy of Allergy and Clinical Immunology in London, United Kingdom, 5-9 June 2010.<br>4. Ivanov S, Minov J, Stojanovski Z. Angiothensin-converting enzyme inhibitors-induced cough in asthmatic and non-asthmatic subjects. Abstracts of the European Respiratory Society Annual Congress, Barcelona, Spain, September 18-22, 2010.<br>5. Mijakoski D, Karadzinska-Bislimovska J, Stoleski S, Minov J, | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Marsenic M, Atanasovska A. Respiratory symptoms, lung function impairment, and sensitization to metals in construction workers exposed to ashes, cement, and ash-cement mixtures. Abstracts of the European Respiratory Society Annual Congress in Amsterdam, The Netherlands, 24-28 Sptember 2011.<br>6. Stoleski S, Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Mijakoski D, Risteska-Kuc S, Trajceva L. Respiratory symptoms, lung function tests, and bronchial hyperresponsiveness among workers in petroleum industry. Abstracts of the European Respiratory Society Annual Congress in Amsterdam, The Netherlands, 24-28 Sptember 2011.<br>7. Mijakoski D, Karadzinska-Bislimovska J, Stoleski S, Minov J, Marsenic M. Nasal symptoms, lung function changes, and sensitization to work-related allergens in hairdressers. Abstracts of the European Respiratory Society Annual Congress in Vienna, Austria, 1-5 September 2012.<br>8. Stoleski S, Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Mijakoski D, Risteska-Kuc S. Prealence of chronic respiratory symptoms, ventilatory capacity, and bronchial responsiveness in welders. Abstracts of the European Respiratory Society Annual Congress in Vienna, Austria, 1-5 September 2012.<br>8 x 1 = 8<br><br>**- национална (0,5 поени)**<br>1. С. Столески, Ј. Минов, Ј. Караџинска-Бислимовска, Д. Мијакоски, С. Ристеска-Куч, М. Марсениќ, Л. Трајчева. Зачестеност на хроничните респираторни симптоми, функционален белодробен мониторинг и бронхијална хиперреактивност кај работниците во градежништвото. Апстракти на 5ти Конгрес на Македонското респираторно здружение со меѓународно учество 26-29.09.2012, Охрид, Р. Македонија.<br>2. Д. Мијакоски, Ј. Караџинска-Бислимовска, С. Столески, Ј. Минов, М. Марсениќ. Поврзаност помеѓу назалните и респираторните симптоми кај текстилни работници – релација со атопијата, бронхијалната хиперреактивност и експозицискиот стаж. Апстракти на 5ти Конгрес на Македонското респираторно здружение со меѓународно учество 26-29.09.2012, Охрид, Р. Македонија.<br>2 x 0,5 = 1 | |
| | **Вкупно** | **102,727** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Стручна монографија (8 поени)**<br>1. Ј. Минов. Болести на белите дробови и плеврата поврзани со професионалната експозиција. Скопје: Пристоп МК & Институт за медицина на трудот на Р. Македонија, 2009; стр. 1-247.<br>2. Ј. Минов. Спирометрија. Скопје: Пристоп МК & Институт за медицина на трудот на Р. Македонија, 2010; стр. 1-341.<br>2 x 8 = 16 | **16** |
| 2 | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија (1 поен)**<br>1 x 1= 1 | 1 |
| 3 | **Превод**<br>**Книга (учебник) (3 поени)**<br>Medicine од авторите Mark Fishman, Andrew Hoffman, Richard | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Klausner, Malcolm Thaler<br>1 x 3 = 3 | |
| 4 | **Завршена супспецијализација во областа на медицинските науки и здравството (1 поен)**<br>1 x 1 = 1 | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание (1 поен)**<br>American Journal of Immunology<br>1 x 1 = 1 | 1 |
| 2 | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен-стручен собир (1 поен)**<br>1 x 1 = 1 | 1 |
| 3 | **Раководител на внатрешна организациона единица (3 поени)**<br>Раководител на Одделот за физиологија на трудот во Институтот за медицина на трудот на Р. Македонија<br>1 x 3 = 3 | 3 |
| 4 | **Член на комисија за избор во звања (0,2 поени)**<br>2 x 0,2 = 0,4 | 0,4 |
| | **Вкупно** | **26,4** |

| | | |
|---|---|---|
| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | | **Поени** |
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | | **52,64** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | | **102,727** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | | **26,4** |
| | **Вкупно** | **181,767** |

## МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ

По увидот во севкупната стручна и научноистражувачка ангажираност на доц. д-р Јордан Минов, Рецензентската комисија утврди дека кандидатот ги задоволува формалните и суштинските барања за избор во научно-наставни звања.

Се работи за активен и плоден стручњак, научник со бројни стручни и научни трудови од потесната и пошироката област на дејствување, со особено значаен придонес во унапредувањето на научноистражувачката работа во медицината на трудот и респираторната медицина, како и со работа во повеќе важни проекти и истражувања чии резултати ги прошируваат досегашните познавања во овие области на медицината.

Имајќи го сето ова предвид, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет да го избере доц. д-р Јордан Минов во звањето вонреден професор.

Рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска, с.р.
2. Проф. д-р Елисавета Стикова, с.р.
3. Проф. д-р Анѓелко Ѓорчев, с.р.
4. Проф. д-р Моме Спасовски, с.р.
5. Проф. д-р Михаил Кочубовски , с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО МАТЕМАТИКА, ЗА ГРУПАТА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА, НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК И МЕТОДИКА, НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО МАТЕМАТИКА, ЗА ГРУПАТА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, со одлука бр. 02-217/4 од 11.3.2013 год., а во врска со конкурсот објавен во весниците „Дневник“ од 19.2.2013 и „Лајм“ од 19.2.2013 год. **за избор на еден извршител во сите наставно-научни звања од областа: методики на наставно-научните области по предметите: методика на наставата по математика, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик и методика на воспитно-образовната работа по математика, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, формира**

Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Ристо Малчески, претседател,
2. проф. д-р Весна Макашевска, член,
3. проф. д-р Емил Сулејмани, член.

На конкурсот се пријави само кандидатот д-р Методи Главче, асистент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

По разгледувањето на приложената документација од страна на кандидатот д-р Методи Главче, како и врз основа на непосредното познавање на неговиот досегашен ангажман како помлад асистент и како асистент, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс во весниците „Дневник“ и „Лајм“ за избор во наставно-научно звање по предметите: методика на наставата по математика, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик и методика на воспитно-

образовната работа по математика, за групата предучилишно воспитание на албански наставен јазик, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, се пријави кандидатот д-р Методи Главче.

**1. Биографски податоци**

Д-р Методи Главче е роден 1968 г. во с. Долна Горица-Корча, Република Албанија. Основно и средно образование завршил со одличен успех. Дипломирал на Природно-математичкиот факултет во Тирана, насока: математика, во 1991 год.

Кандидатот д-р Методи Главче постдипломските студии ги продолжил на Природно-математичкиот факултет во Скопје, каде што магистрирал во 2005 год., на тема: ***Различни пристапи за изградба на основните системи броеви,*** и се стекнал со научното звање ***магистер на математички науки.***

Во јануари 2013 година, кандидатот д-р Методи Главче на Педагошкиот факултет во Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, ја одбрани својата докторска дисертација под наслов: ***Откривање и корегирање на пропустите во знаењата по математика во почетното образование,*** и се стекна со научното звање ***доктор на педагошки науки од областа на методиките.***

**2. Наставна и стручна дејност**

Кандидатот д-р Методи Главче бил вработен како наставник по математика во гимназијата во градот Корча, Република Албанија, од 1994 до 1997г. Од септември 1998 до 2003 г. бил вработен како помлад асистент по предметите методика на наставата по математика, за групата одделенска настава, методика на воспитно-образовната работа по математика, за групата предучилишно воспитание, математика 1 и математика 2 за групата одделенска настава и математика, за групата предучилишно воспитание на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Фан С. Ноли" во Корча, Република Албанија. Од 2007 до 2009 г. бил вработен како асистент по предметите математичка анализа I, математичка анализа II и линеарна алгебра на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и математика на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев"во Штип. Во јуни 2010 г. бил избран како асистент по предметите математика 1 и математика 2 за групата одделенска настава и математика за групата предучилишно воспитание на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

Член е на Сојузот на математичарите на Македонија, во чии рамки учествувал во организирањето и изведувањето на математички натпревари за учениците од основното и средното образование. Исто така е член на уредувачкиот одбор на популарното математичко списание „НУМЕРУС".

По изборот за асистент, учествувал во работата на 7 факултетски комисии и работни групи на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

***Научноистражувачка дејност и активности:***

- учество во научен проект: „Education Across Bordes“, организиран од Ректоратот на Универзитетот „Фан С. Ноли“, Корча, 2002 год.;

- учество во национален научен проект: „The teaching strategies“, Тирана, 2002 г.;

- учество во меѓународен научен проект: „Programs for mathematics in elementary school, in the neighboring countries, their similarities and differences“, Корча, 2003 г.;

- учество на меѓународен научен собир: „Балканска конференција на математичари“, Струга, 2005 год.;

- учество на научен собир со меѓународно учество: „Образование за хумано учество“, Охрид, 2011 год.;

- учество на научен собир со меѓународно учество: „Quality of Education through Innovative Use of Digital Technologies“, Софија, Бугарија, 2011 год.;

- учество на научен собир со меѓународно учество: „The use of the university networks“, Тирана, 2001 год.;

- учество на научен собир со меѓународно учество: „Microsoft Vizija 07“, Скопје, 2008 год.;

- учество во национален проект: „Инклузивно образование“, Скопје, 2011 год.;

- учество во национален научен проект: „Градење на капацитетите за јазичка и математичка писменост за унапредување на резултатите од учењето кај учениците“, Охрид, 2011 год.;

- учество во национален научен проект: „Изготвување на ревидирана комплетна математичка преметна програма“, УНИЦЕФ, 2012 год.

***Објавени научни и стручни трудови:***

1. „Ushtrime Matematike për studentët e Fakultetit të mësusisë për degën e ciklit të ulëtdhe parashkollor“ D. I. J. A. – Poradeci 2003 – Универзитет „Фан Стилјан Ноли“ Корча, Албанија;
2. „Ushtrime dhe problema matematike“ D. I. J. A. - Poradeci 2005 –Универзитет „Фан Стилјан Ноли“ Корча, Албанија;
3. „Деякі компоненти активізації розвитку творчих задатків і здібностей студентів при вивченні математичних дисциплін“. *Прийнято до друку в збірник «Наукові праці МАУП» №1(32), 2011;*

4. „Удосконалення технологій навчання при викладенні математичних дисциплін“, *«Ціннісні пріоритети освіти у XXI столітті: формування міжкультурної комунікації», що відбулася в МАУП 24 травня 2011*;
5. „Propusti u matematičkom znanju učenika u početnom obrazovanju“, Međunarodna konferencija „Education in the Modern European Environment“ Опатија 2012;
6. „Determining the causes for occurance of omissions in the mathematical knowledge in primary education“, MENON: Journal of Educational Research Florina;
7. „Магични квадрати и магична коцка“, Нумерус XXXVIII, 2012;
8. „Природата на грешките на знаењата по математика кои ги прават учениците во почетното образование“, Педагошка ревија, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје (во печат);
9. „Detection and correction of errors made by second grade students of mathematics“, MENON: Journal of Educational Research (electronic).

Докторската дисертација на д-р Методи Главче претставува научно релевантен труд од висока научна и педагошка важност. Докторскиот труд обработува проблематика од областа на методиката по математика преку анализа на грешките кои ги прават учениците од второ до петто одделение, но истовремено дава и конкретни насоки како да се пристапи кон нивно решавање и отстранување од методски аспект. Дисертацијата претставува оригинално стручно-научно истражување во однос на избраната тема и нејзината разработка. Оригиналноста произлегува не само од начинот на кој е изведено истражувањето, туку и поради фактот што оваа докторска дисертација е единствено вакво истражување, во рамките на својата област, во Република Македонија, а и во поширокиот регион. Во првиот дел *Теориски разгледувања* е дадена детална разработка на повеќе теориски поими кои се однесуваат на методиката на математиката како научна област. Во вториот дел, *Истражување*, се поставени една главна и три помошни хипотези. Користејќи соодветни методи, направена е извонредна анализа на откривање на пропустите во знаењата по математика во почетното образование, а исто така се посочени и конкретни методи за нивно коригирање. На крајот од дисертацијата се изнесени заклучоците и се формулирани соодветни препораки.

### *Заклучок и предлог*

Врз основа на извештајот, како членови на Рецензентската комисија, кои непосредно ја имаат следено активноста на д-р Методи Главче, позитивно ја оценуваме досегашната негова севкупна активност и цениме дека д-р Методи Главче се развива во врвен наставно-научен работник.

Затоа сметаме дека се исполнети сите критериуми д-р Методи Главче да биде избран во звањето доцент. Со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет да го избере д-р Методи Главче во наставно-научното звање доцент по предметите: методика на наставата по математика, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик и методика на воспитно-образовната работа по математика, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Ристо Малчески, претседател, с.р.

   ______________________________

2. Проф. д-р Весна Макашевска, член, с.р

   ______________________________

3. Проф. д-р Емил Сулејмани, член, с.р

   ______________________________

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: д-р Методи Главче**

**Институција: Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје**

**Научна област: методика по математика и математички науки**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава 1. циклус студии: математика 1 за одделенска настава (3+2) (3 семестри, 3 часа неделно, 15 недели) | 5,40 |
| 2. | Настава 1. циклус студии: математика 2 за одделенска настава (3+2) (3 семестри, 3 часа неделно, 15 недели) | 5,40 |
| 3. | Настава 1. циклус студии: математика за предучилишно воспитание (3+3) (3 семестри 3 часа неделно, 15 недели) | 5,40 |
| 4. | Настава 1. циклус студии: комбинаторика со елементи на веројатност за одделенска настава (2+2) (2 семестра, 2 часа неделно, 15 недели) | 2,40 |
| 5. | Вежби 1. циклус студии: математика 1 за одделенска настава (3+2) (3 семестри, 2 часа неделно (две групи), 15 недели) | 5,40 |
| 6. | Вежби 1. циклус студии: математика 2 за одделенска настава (3+2) (3 семестри, 2 часа неделно (две групи), 15 недели) | 5,40 |
| 7. | Вежби 1. циклус студии: математика за предучилишно воспитание (3+3) (3 семестри, 3 часа неделно, 15 недели) | 4,05 |
| 8. | Вежби 1. циклус студии: комбинаторика со елементи на веројатност за одделенска настава (2+2) (2 семестра, 2 часа неделно, 15 недели) | 1,80 |
| 9. | Консултации со студенти | 1,80 |
| 10. | Вежби 1. циклус студии: математика 1 ФИ во Штип (3+3) (2 семестра, 3 часа неделно (3 групи), 15 недели) | 8,10 |
| 11. | Вежби 1. циклус студии: математика 2 ФИ во Штип (3+3) (2 семестра, 3 часа неделно (3 групи), 15 недели) | 8,10 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Вежби 1. циклус студии: линеарна алгебра 1 ФИ во Штип (2+2) (2 семестра, 2 часа неделно (3 групи), 15 недели) | 5,40 |
| 13. | Вежби 1. циклус студии: математика ЕФ во Штип (3+3) (2 семестра, 3 часа неделно (3 групи), 15 недели) | 8,10 |
| 14. | Консултации со студенти | 2,48 |
| | **Вкупно** | 69,15 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска теза: „Откривање и коригирање на пропустите во знаењата по математика во почетното образование", Педагошки факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски", Битола, 2013. | 8 |
| 2. | Одбранета магистерска теза: „Разни пристапи за изградба на основни системи броеви", Институт за математика, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2005. | 4 |
| 3. | Учесник во меѓународен научен проект: „Education Across Bordes", Корча, 2002. | 3 |
| 4. | Учесник во национален научен проект: „The teaching strategies", Тирана, 2002. | 3 |
| 5. | Учесник во меѓународен научен проект: „Programs for mathematics in elementary school, in the neighboring countries, their similarities and differences", Корча, 2003. | 5 |
| 6. | Учесник во научен собир со меѓународно учество: „Балканска конференција на математичари", Струга, 2005 . | 1 |
| 7. | Учесник во научен собир со меѓународно учество: „Образование за хумано учество", Охрид, 2011. | 1 |
| 8. | Учесник во научен собир со меѓународно учество: „Quality of Education through Innovative Use of Digital Technologies", Софија, Бугарија, 2011. | 1 |
| 9. | Учесник во научен собир со меѓународно учество: „The use of the university networks", Тирана 2001. | 1 |
| 10. | Учесник во научен собир со меѓународно учество: „Microsoft Vizija 07", Скопје, 2008. | 1 |
| 11. | Учесник во национален проект: „Инклузивно образование", Скопје, 2011. | 1 |
| 12. | Учесник во национален научен проект: „Градење на капацитетите за јазичка и математичка писменост за унапредување на резултатите од учењето кај учениците", Охрид 2011. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | Учесник во национален научен проект: „Изготвување на ревидирана комплетна математичка преметна програма", УНИЦЕФ, 2012. | 3 |
| 14. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание: „Деякі компоненти активізації розвитку творчих задатків і здібностей студентів при вивченні математичних дисциплін", *Прийнято до друку в збірник «Наукові праці МАУП» №1(32), 2011.* | 4 |
| 15. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание: „Удосконалення технологій навчання при викладенні математичних дисциплін", *«Ціннісні пріоритети освіти у XXI столітті: формування міжкультурної комунікації», що відбулася в МАУП 24 травня 2011 р.* | 4 |
| 16. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во списание: „Propusti u matematičkom znanju učenika u početnom obrazovanju", Međunarodna konferencija „Education in the Modern European Environment", Опатија 2012. | 2 |
| 17. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен карактер и учество: „ Determining the causes for occurance of omissions in the mathematical knowledge in primary education", MENON: Journal of Educational Research Florina. | 3 |
| 18. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во популарно математичко списание за учениците од основното образование: „Магични квадрати и магична коцка", Нумерус XXXVIII, 2012. | 2 |
| 19. | Труд со оригинални научни резултати: „Природата на грешките на знаењата по математика кои ги прават учениците во почетното образование", Педагошка ревија, Педагошки факултет - Скопје (во печат). | 3 |
| 20. | Труд со оригинални научни резултати: „Detection and correction of errors made by second grade students of mathematics" MENON: Journal of Educational Research (electronic). | 3 |
| | **Вкупно** | 56 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Коавтор на книга од стручна област: Fundo, A., Gllavçe, M., Konopulli, A. Ushtrime Matematike për studentët e Fakultetit të mësusisë për degën e ciklit të ulët dhe parashkollor" D. I. J. A. – Poradeci, 2003 – Универзитет „Фан Стилјан Ноли", Корча, | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | Албанија. | |
| 2. | Коавтор на книга од стручна област: Adili, A., Konopulli, A., Gllavçe, M., Beta, Dh. Ushtrime dhe problema matematike“ D. I. J. A. – Poradeci, 2005 – Универзитет „Фан Стилјан Ноли“ Корча, Албанија. | 7 |
| 3. | Член на Комисија за спроведување на републички натпревар по математика за основно образование. | 1 |
| 4. | Член на Комисија за спроведување на републички натпревар по математика за средно образование. | 1 |
| 5. | Обучувач за реализација на Програмата за подготвување и полагање на испит за директор на основно училиште - Државен испитен центар, во текот на 2011. | 1 |
| 6. | Обучувач за реализација на Програмата за подготвување и полагање на испит за директор на средно училиште - Државен испитен центар, во текот на 2011. | 1 |
| 7. | Обучувач за реализација на Програмата ЕДУБУНТУ за наставниците од основните училишта во текот на 2010. | 1 |
| | **Вкупно** | 19 |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Член на Комисија за спроведување на упис на Факултетот за информатика на УГД-Штип. | 0,5 |
| 2. | Член на Комисија за спроведување на упис на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” во Скопје. | 0,5 |
| 3. | Член на Комисија за учество и презентирање на Педагошкиот факултет на Саемот за образование 2011. | 0,5 |
| 4. | Член на Комисија за јавни набавки на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. | 0,5 |
| 5. | Член на Комисија за располагање со недвижни и движни ствари на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. | 0,5 |
| 6. | Член на Комисија за сублимирање на резултатите од спроведената SWAT-анализа на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Член на Комисија за дисциплинска постапка на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. | 0,5 |
| 8. | Уредник на методско стручно-научно популарно математичко списание „Нумерус“. | 0,5 |
| 9. | Уредник на методско стручно-научно популарно математичко списание „Сигма“. | 0,5 |
| | **Вкупно** | 4,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 69,15 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 56 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 19 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 4,5 |
| **Вкупно** | 148,65 |

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Ристо Малчески, претседател, с.р.

_______________________

2. Проф. д-р Весна Макашевска, член, с.р

_______________________

3. Проф. д-р Емил Сулејмани, член, с.р

_______________________

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНГЛИЗМИТЕ ВО МАКЕДОНСКАТА ТЕРМИНОЛОГИЈА ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА И ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ“ ОД М-Р ВЕСНА ТРАЈКОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ**

На својата триесет и четврта редовна седница одржана на 6.2. 2013 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје избра Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: ***Англизмите во македонската терминологија од областа на безбедноста и внатрешните работи***, изработена од м-р Весна Трајковска во состав:

- д-р Зозе Мургоски, редовен професор
- д-р Елени Бужаровска, редовен професор
- д-р Димитар Пандев, редовен професор
- д-р Снежана Никодиновска-Стефановска, редовен професор
- д-р Владимир Ортаковски, редовен професор.

Се заблагодаруваме за укажаната доверба и го доставуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација ***Англизмите во македонската терминологија од областа на безбедноста и внатрешните работи***, од м-р Весна Трајковска, содржи 556 страници компјутерски напишан текст. Се состои од вовед, пет тематски целини и заклучок, а на крајот од трудот во форма на анекс приложен е корпусот со анализираните термини, ексцерпираните извори и библиографија.

Во воведниот дел од трудот, кандидатката В. Трајковска ги изнесува мотивите за работа врз докторската дисертација во која ќе го анализира англиското лексичко влијание во текстови од областа на безбедноста и внатрешните работи. Како главен поттик за истражување на оваа појава, кандидатката В. Трајковска го издвојува секојдневниот наплив на лексички заемки од англискиот јазик во бројни домени на употреба на различни нивоа на комуницирање. Имајќи ги предвид различните начини на кои се остварува интеракцијата помеѓу македонскиот и англискиот јазик, кандидатката В. Трајковска се ограничува на преводот како посредник при пренесувањето, односно наметнувањето лексички влијанија од англиски на македонски јазик. Таа конкретно се сосредоточува врз преводот на правните акти на Европската унија чиешто вградување во македонското законодавство претставува еден од предусловите за остварување полноправно членство на Република Македонија во Унијата. Преводот на ваквиот вид документи, според кандидатката В. Трајковска, претставува плодна почва за внесување лексички елементи од англискиот јазик кои значително ќе придонесат во дефинирањето на лексичкиот корпус, кој ќе послужи како основа за текстуално обликување на македонското законодавство. Интересот за проучување на оваа појава во областа на безбедноста и на внатрешните работи кандидатката В. Трајковска го наоѓа во присуството на англизмите во документите што веќе се преведени на македонски јазик и станале дел од законите од посочените области, но и во бројни текстови изворно сочинети на македонски јазик во кои е очигледно англиското лексичко влијание.

Во согласност со елаборацијата на инспирацијата за пишување на докторската дисертација, во воведните забелешки кандидатката В. Трајковска го издвојува предметот на

истражувањето кој се однесува на утврдувањето на лексичкото влијание во македонскиот јазик, кое се пренесува преку навлегувањето на англизмите при преводот на документи и текстови од англиски јазик на македонски јазик, како и неговото присуство во текстови изворно напишани на македонски јазик. Како главни извори од кои е ексцерпиран проучуваниот корпус се јавуваат директивите, регулативите, препораките, одлуките и други акти на Европската унија и нивните преводи на македонски јазик, за чија координација е одговорен Секторот за европски прашања при Владата на Република Македонија. Покрај посочените документи, како предмет на обработка се јавуваат и одговорите на Прашалникот на Европската комисија за подготовка на мислење за барањето на Република Македонија за членство во Европската унија во поглавјето 24, насловено *Правда и внатрешни работи*. Предметот на истражување опфаќа и одбрани статии од дневни весници во кои е забележана употребата на англизми, кои служат за утврдување на нивното присуство во секојдневната комуникација на македонските говорители и степенот на нивната прифатеност како дел од лексичкиот корпус на современиот македонски јазик на различни нивоа на вербално општење. Покрај основната научна цел на трудот насочена кон определувањето на англиското лексичко влијание преку употребата на англизми во безбедносната терминологија, општествената цел на трудот се однесува на подигнувањето на свеста како на македонските говорители, така и на релевантните општествени чинители во поглед на зачувувањето и негувањето на лексичките особености на македонскиот јазик, преку развивање и водење на соодветна јазична политика насочена кон оневозможување на непотребна и неконтролирана „наезда" на англиски лексички единици во македонскиот лексички корпус.

Во воведниот дел од дисертацијата е содржана и главната хипотеза на трудот, која гласи:

*Преводот на текстови од областа на безбедноста и внатрешните работи од англиски на македонски јазик нужно доведува до јазични промени во македонскиот јазик изразени преку внесување на англизми во преведениот текст, нивна употреба во текстови составени на македонски јазик, како и преку редуцирана употреба на нивните македонски преводни еквиваленти со закана за нивно исчезнување.*

Од главната хипотеза, кандидатката В. Трајковска ги изведува следниве посебни хипотези:

*1. Преводот на текстови од областа на безбедноста и внатрешните работи од англиски на македонски јазик доведува до наплив на зборови од англиско потекло (англизми) во лексиката на македонскиот јазик.*

*2. Употребата на англизми во преводот на текстови од англиски на македонски јазик, во текстови од областа на безбедноста и внатрешните работи, доведува до нивно вдомување во македонскиот јазик и нивна натамошна употреба во текстови изворно напишани на македонски јазик.*

*3. Употребата на англизми во преведените текстови на македонски јазик и во текстовите изворно напишани на македонски јазик доведува до истиснување од употреба на нивните македонски преводни еквиваленти со закана тие да преминат во категоријата на архаизми.*

*4. Англизмите кои изворно потекнуваат од други јазици придонесуваат за посредно пренесување на лексичките влијанија на јазиците од кои потекнуваат врз македонскиот јазик.*

Во првиот дел од трудот, насловен *Јазикот и јазичните промени*, е обработен феноменот на јазичните промени, врз основа на теоретските елаборации на некои од позначајните теоретичари на оваа појава, меѓу кои се вбројуваат Леонард Блумфилд, Дејвид Кристал, но и Фердинанд де Сосир со неговите размисли во однос на промената како нужна особина на јазикот сфатена низ призмата на јазичната еволуција. Кандидатката В. Трајковска го поддржува перципирањето на јазичните промени како неопходна реакција на потребата да се одговори на еволуцијата на живиот свет преку лексикализирање на нови концепти, но истовремено укажува на мноштво примери на англизми од областа на безбедноста и на внатрешните работи кои се прифатени во македонскиот јазик без притоа да постои каузална поврзаност со еволутивниот развој на нови безбедносни концепти и потребата за нивно лексичко обликување. Во овој дел од дисертацијата се поместени и размислите на Атчинсон, Келер и Милрој во врска со ендогените и егзогените фактори на јазични промени. На

еволутивната теорија за јазичните промени, кандидатката В. Трајковска ги надоврзува и размислите на Анет Розенбах и нејзиното сфаќање на промените како дел од културната еволуција на јазикот условена од еден поширок сплет на општествени, психолошки и комуникациски фактори, која доведува до појавата на лексички иновации со чија помош говорителите ги задоволуваат своите комуникациски потреби во дадени говорни ситуации. Овде кандидатката В. Трајковска се осврнува и на јазичниот контакт како генератор на јазични промени, елаборирајќи ги различните начини на кои се остварува непосреден контакт помеѓу два јазика врз основа на класификацијата на Томасон, притоа посебно задржувајќи се на оние ситуации кои директно влијаат врз пренесувањето лексички влијанија во контекст на интеракцијата помеѓу македонскиот и англискиот јазик.

Вториот дел од дисертацијата – *Англискиот јазик и неговото лексичко влијание врз другите јазици*, е посветен на позиционирањето на англискиот јазик на врвот на светската јазична хиерархија, како лингва франка на меѓународната комуникација. Кандидатката В. Трајковска ги изложува причините што довеле до промовирањето на англискиот јазик како водечки светски јазик, но и влијанието на овој процес врз статусот и лексичкиот репертоар на другите јазици со кои англискиот јазик стапува во непосреден контакт. Овде се изнесени размислите за глобалното ширење на англискиот јазик на познатиот дански лингвист Роберт Филипсон, кој доминантноста на англискиот јазик ја набљудува низ призмата на т.н. „јазичен империјализам", од една страна, и ставовите на англискиот лингвист Дејвид Кристал за неопходноста од промовирањето на еден јазик како јазик на заедничката комуникација меѓу припадници на јазично хетерогени групи, од друга страна. Осврнувајќи се на некои од областите во кои најсилно се чувствува англиското лексичко влијание, кандидатката В. Трајковска наведува мноштво примери на употреба на англизми во сферата на економијата, информатичката техноногија, но и популарната култура како области во кои се забележува најголем наплив на англиски лексички заемки.

Во третиот дел од трудот со наслов *Преведувањето и јазичните промени,* кандидатката В. Трајковска се сосредоточува врз преведувањето како еден од можните начини на кои јазиците доаѓаат во посреден контакт, при што се создаваат услови за индиректно пренесување на лексичко влијание од изворниот јазик во јазикот-цел. Претставувајќи ги ставовите поврзани со дефинирањето и со природата на преведувачкиот процес на Јуџин Најда, Роман Јакобсон и други теоретичари на преведувањето, кандидатката В. Трајковска укажува на тешкотиите, но и на предизвиците со кои се соочува преведувачот во обидот за пренесување, односно пресликување на семантичката содржина на изворниот концепт од еден на друг јазик. Таа се согласува со Јакобсон во врска со неможноста за остварување на целосна еквивалентност на преведениот и на изворниот текст, која несомнено мора да доведе до одреден степен на „изневерување" на оригиналот. Кандидатката В. Трајковска, исто така, се осврнува и на дихотомијата *буквален* превод, наспроти *слободен* превод, во контекст на пренесувањето лексички влијанија, излегувајќи со заклучокот дека најголемата веројатност за остварување лексичко влијание се јавува во ситуациите кога преведувачот се обидува истовремено да ја преведе и формата и содржината на преведуваниот текст, што придонесува до губење на иновативноста на преведувачкиот процес. Значаен сегмент од овој дел од трудот е посветен на културолошката детерминираност на (не)преводливоста, теоретски поткрепена со ставовите на Кетфорд, кои кандидатката В. Трајковска мошне успешно ги поврзува со јазичниот релативизам на Сапир и Ворф. Јазичниот релативизам ставен во контекст на културолошката непреводливост на Кетфорд може да се сфати како потенцијален генератор на лексички влијанија што особено е изразено при обидите за пренесување концепти кои се лексикализирани во еден јазик, а поради нивното отсуство во искуственото поимање на припадниците на говорната група на јазикот-цел неизбежно е позајмување на изворното лексичко решение. Во овој дел, кандидатката В. Трајковска посебно се задржува на карактеристиките на правните текстови и спецификите во однос на преведувањето на ваквата категорија текстови од еден на друг јазик. При елаборирањето на карактеристиките на јазикот на правото, таа ја прифаќа класификацијата на Дебора Као, која јазикот на правото го именува како „нормативен" и „перформативен", посебно нагласувајќи ја специфичноста на правните текстови во поглед на функцијата што треба да ја остварат кај целната група говорители. Елаборирајќи ја специфичноста на јазикот на правото, кандидатката В. Трајковска изнесува низа примери како поткрепа на нејзината теза за непостоењето целосна еднаквост помеѓу правните концепти во двата јазика кои учествуваат во преведувачкиот процес, задржувајќи се на конкретни примери од лексичкиот репертоар на

англискиот и на македонскиот јазик. Таа укажува на значителните семантички поместувања кои можат да произлезат при преведувањето на одредени правни концепти, посебно задржувајќи се на повеќезначните именки, но и на автохтоните концепти врзани за одделните правни системи претставени преку англискиот и македонскиот јазик. Презентирајќи ги основните постулати врз кои почиваат прецендентното право од една, и граѓанското право од друга страна, кандидатката В. Трајковска се задржува на разликата помеѓу англосаксонската и континенталната правна традиција која нужно подразбира непостоење на преводни еквиваленти за изворните концепти кои потекнуваат од едниот од двата система, што може да се испречи како сериозен проблем пред преведувачите кои трагаат по формални преводни еквиваленти. Посебно внимание кандидатката В. Трајковска посветува и на правото на Европската унија како хибриден систем *sui generis*, што од своја страна подразбира постоење на низа автохтони концепти чиј превод на друг јазик несомнено подразбира нивни пренос во форма на интегрални заемки во другите јазици, вклучувајќи го и македонскиот јазик.

Во четвртиот дел од трудот со наслов *Англизмите и нивоа на нивно интегрирање*, кандидатката В. Трајковска го дефинира поимот *англизам* како клучен концепт во докторската дисертација, врз основа на дефинициите на Манфред Горлах, Хенрик Готлиеб и Рудолф Филиповиќ. Тргнувајќи од спецификата на текстовите што ги користи во трудот, кандидатката В. Трајковска се решава за една поширока дефиниција на англизмите опфаќајќи ги зборовите, изразите, идиомите и колокациите кои или изворно потекнуваат од англискиот јазик, или пак се пренесени преку англискиот јазик во јазикот-примател и во него се усвоени следејќи го англискиот модел во поглед на изговорот, морфологијата или правописот. Анализираните англизми таа ги дели на интегрални заемки и преведени изрази и во согласност со оваа класификација врши нивна анализа од морфосинтаксички и лексичко-семантички аспект. За анализата на интегралните заемки, кандидатката В. Трајковска ја користи класификацијата на Рудолф Филиповиќ и Екатерина Бабамова во врска со видовите адаптација на фонолошко, морфолошко и семантичко ниво.

Петтиот дел од трудот ги содржи резултатите од анализата на интегралните заемки во однос на трите нивоа на интеграција на фонолошко, морфолошко и семантичко ниво, при што кандидатката В. Трајковска, споредувајќи ги своите резултати со резултатите од истражувањето на адаптацијата на англизмите во македонскиот јазик на Бабамова, заклучува дека не се забележани значителни отстапки во однос на тенденциите поврзани со фонолошкото и морфолошкото интегрирање на интегралните заемки, поткрепувајќи ги своите сознанија со конкретни термини од областа на безбедноста и на внатрешните работи. За попрецизен приказ на адаптираноста на интегралните заемки на морфолошкиот и семантичкиот систем на македонскиот јазик кандидатката В. Трајковска дава детален преглед на анализираните интегрални заемки, во кои покрај специфичностите во однос на морфолошката и семантичката адаптираност посебно внимание им посветува на колокациските врски на англизмите во македонските текстови, но и на степенот на нивната интегрираност во македонскиот јазичен систем низ призмата на нивните морфолошки деривати во рамки на различни зборовни групи.

Покрај деталниот приказ на интегралните заемки, во овој дел од трудот кандидатката В. Трајковска врши анализа на преведените изрази, поделени на едночлени и повеќечлени изрази. Во анализата на едночлените преведени изрази, кандидатката В. Трајковска ги опфаќа преведените именки и преведените глаголи, издвојувајќи ги најзабележителните тенденции претставени преку различните видови трансформации кои настапуваат при преводот на едночлените именски групи и глаголите. Кандидатката В. Трајковска посебно ги нагласува примерите во кои преведувачот слепо го следи изворниот англиски модел, наведувајќи ги како примери на очигледно англиско лексичко влијание, што оди во прилог на поставените хипотези на трудот.

Групата на повеќечлени преведени изрази ги опфаќа двочлените, тричлените и четиричлените именски групи кои кандидатката В. Трајковска најпрвин ги анализира од морфолошко-синтаксички аспект, претставувајќи ги најтипичните типови трансформација при пренесувањето на изворниот англиски модел. И овде посебно се издвоени трансформациите во кои, преку пресликување на формата на изворниот израз, непосредно се пренесува англиското лексичко влијание.

Покрај од морфолошко-синтаксички аспект, кандидатката В. Трајковска ги анализира повеќечлените преведени изрази и од лексичко-семантички аспект. Во согласност со поставените хипотези, таа ги анализира примерите во кои се инкарнира посредничкото

влијание на англискиот јазик во поглед на зацврстувањето на интернационалната лексика во македонскиот јазик, што претставува поткрепа на хипотезата дека англискиот јазик не треба да се доживува единствено како „извозник" на изворна англиска лексика. Значаен дел од трудот кандидатката В. Трајковска посветува и на анализа на преводот на англиските именки, глаголи и придавки со повеќе преводни еквиваленти во македонските текстови, издвојувајќи ги примерите на употреба на англиски зборови во преводот како за нови концепти, така и за концепти кои веќе се лексикализирани со решенија од македонскиот лексички репертоар. При анализата на преведените изрази, кандидатката В. Трајковска посебно внимание им посветува и на влијанијата на англискиот јазик во поглед на изборот на колокациите во преведените текстови кои во голема мера претставуваат едноставно пресликување на изворната англиска колокација.

Во последниот дел од трудот, кандидатката В. Трајковска ги изложува заклучоците од истражувањето, посебно задржувајќи се на аспектите поврзани со првично поставените хипотези. Врз основа на детално приложените резултати во овој дел, таа ја потврдува основната хипотеза заклучувајќи дека преводот на актите на Европската унија во областа на безбедноста и на внатрешните работи придонесува за остварување англиско лексичко влијание, преку употреба на англиски лексички решенија во форма на интегрално преземени заемки или преку следење на изворниот англиски модел во текстот на преводот. Англискиот јазик, продолжува кандидатката В. Трајковска, служи и како посредник при пренесувањето и зацврстувањето на влијанието на други јазици, како преку интернационализмите, така и преку англиските заемки со етимолошки туѓ корен. Гледано долгорочно, ваквата појава може да доведе до значителни промени во македонскиот лексички корпус во областа на безбедноста и на внатрешните работи, при што би можеле да се создадат услови за постепено потиснување на лексички единици со изворно македонска основа и нивна замена со англиски термини.

ЗАКЛУЧОК:

Резултатите од истражувањето покажуваат дека во одредени случаи употребата на англиските интегрални заемки е неоправдана, поради постоењето на македонски соодветници кои неправедно го губат просторот кој им бил „резервиран" во македонскиот лексички систем. Резултатите од истражувањето исто така ја потврдуваат и посредничката улога на англискиот јазик како јазик кој служи како за внес на нова неанглиска лексика, така и за зацврстување на зборовите со туѓо потекло кои веќе се востановени како англизми, за концепти кои веќе се лексикализирани со единици од лексичкиот репертоар на македонскиот јазик. Во однос на степенот на нивната интегрираност во македонскиот јазичен систем, според презентираните резултати се забележува прилично висок степен на приспособеност од фонолошки и морфолошки аспект, со одредени исклучоци кои главно се однесуваат на отсуството на секундарната адаптација кај одредени именки со адјективна функција. Англиското влијание од морфолошки аспект е најизразено преку суфиксот *–ер*, кој покажува висок степен на продуктивност при изведување именки за вршител на дејство, а видливо е и преку суфиксот *–инг* за образување на глаголските именки. Што се однесува, пак, до калкираните, односно преведените изрази, добиените резултати говорат за забележително влијание на англискиот јазик во однос на изборот на колокациските парови по примерот на колокациските решенија на изворниот англиски текст. Влијанието е најизразено во колокациите глагол + именка, иако примери за ваквата појава се јавуваат и во конструкциите придавка + именка.

Научниот придонес на трудот во однос на современата македонска лингвистика се огледа и во фактот што кандидатката В. Трајковска успеала да даде детален преглед како на лексичките заемки, така и на калкираните, односно преведените изрази од англиски на македонски јазик ограничувајќи го своето истражување исклучиво на областа на безбедноста и на внатрешните работи. Преку ваквиот приказ, на македонските лингвисти, но и на други заинтересирани им се овозможува увид во најзабележителните тенденции и појави поврзани со употребата на англизмите од посочените области, степенот на нивната интегрираност во македонскиот јазичен систем, но и можната опасност за маргинализирање на употребата на македонските лексички решенија на места во кои употребата на англизми е целосно неоправдана. Сознанијата изнесени од кандидатката В. Трајковска можат да послужат како основа за преземање конкретни мерки од страна на релевантните институции за подигање на свеста не само кај говорителите на јазикот, туку и кај преведувачите, експертите од областа на безбедноста и внатрешните работи, новинарите и други актери кои непосредно учествуваат во

внесувањето лексички иновации во лексичкиот корпус на македонскиот јазик во областа на безбедноста и на внатрешните работи. Значаен е и придонесот во поглед на контрастивната анализа на значењето на стручната терминологија од областа на безбедноста и внатрешните работи, особено во поглед на прецизната анализа што кандидатката В. Трајковска ја дава во поглед на степенот на семантичко поклопување на концептите во двата јазика, што може да биде од голема корист при востановувањето и употребата на соодветни преводни решенија во македонскиот јазик.

Иако во трудот исцрпно се изложени најтипичните тенденции поврзани со англизмите од двете посочени области, сметаме дека во него се отворени и некои прашања кои би можеле да бидат предмет на разработка на други трудови во иднина. Самата кандидатка укажува на ограниченоста на истражувањето што произлегува од сè уште недовршениот процес на преведување на законодавството на ЕУ, па во недостиг на последната (четврта) верзија на преводот на сите документи, во голем број случаи анализирани се првата, втората или третата верзија на преводот. Имајќи го ова предвид, пред идните проучувачи на феноменот на англиското лексичко влијание останува предизвикот за вршење ваква или слична анализа на конечно обликуваните преводи на документите, со што би се добила уште појасна слика за степенот на лексичко влијание на изворните англиски текстови. Моделот на анализа претставен во оваа докторска дисертација може да се искористи за одредување на англиското лексичко влијание и во други потесни области, со што би се утврдиле областите кои во најголем степен се засегнати од оваа појава.

Земајќи го предвид гореизнесеното, ни претставува чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да го усвои извештајот и да допушти усна одбрана на докторската дисертација ***Англизмите во македонската терминологија од областа на безбедноста и внатрешните работи***, изработена од м-р Весна Трајковска.

Рецензентска комисија

Д-р Зозе Мургоски, редовен професор, с.р.

______________________________

Д-р Елени Бужаровска, редовен професор, с.р.

______________________________

Д-р Димитар Пандев, редовен професор, с.р.

______________________________

Д-р Снежана Никодиновска-Стефановска, редовен професор, с.р.

______________________________

Д-р Владимир Ортаковски, редовен професор, с.р.

______________________________

До Деканот на Филозофскиот факулет
во Скопје

# ПРИГОВОР
на рефератот за избор на помлад асистент за предмети од областа на психологијата на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во Билтен бр. 1049 од 1.3.2013

Од страна на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, распишан е конкурс за избор на помлад асистент за предмети од областа на психологијата. Сметајќи дека во целост ги исполнувам бараните услови, доставив пријава со придружна документација. Од страна на Рецензентската комисија изготвен е извештај за пријавените кандидати, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје број 1049 од 1.3.2013. Во него, за избор е предложен кандидатот м-р Филип Сулејманов.

Согласно со член 51 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Универзитетски гласник бр. 173 за 2011), во понатамошниот текст *Правилник,* поднесувам приговор на рефератот на Рецензентската комисија од следниве причини:

Комисијата требало да поднесе реферат што содржи, покрај другото, **оцена на научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатите, податоци за објавените стручни и научни трудови и оцена на тие трудови**, но таа не го направила тоа. Комисијата требала за секој кандидат да наведе:

1. наслов на објавениот труд,
2. наслов на списанието во кое што трудот е објавен,
3. кратка содржина на трудот,
4. оцена на трудот,

но таа тоа не го сторила.

Доколку било постапено според одлуката, лесно ќе можело да се споредат моите квалификации и квалификациите на предложениот кандидат, м-р Сулејманов. Бидејќи не е постапено според одлуката, си земам за слобода споредбено да ги прикажам моите квалификации и квалификациите на предложениот кандидат. Сакам да напоменам дека информациите за трудовите на м-р Сулејманов се земени од рефератот, додека податоците за моите трудови се земени од материјалите со кои што конкурирав (бидејќи тие не се дадени во рефератот).

| Трудови објавени во списанија индексирани во светски признати датотеки и списанија со фактор на влијание | |
|---|---|
| М-р Сулејманов | М-р Стојанов |
| НЕМА | (2011). Children's understanding of quantitative and nonquantitative transformations of a set. *Review of Psychology*, 18(2), 55-62.<br>**Списанието е индексирано во GESIS.**<br><br>(2009). Development of the cardinality principle in Macedonian preschool children. *Psihologija, 42 (4)*, 459-475.<br>**Списанието е индексирано во Thompson Reuters SSCI. Списанието има impact factor.**<br><br>(2008). Infants numerical abilities and models of early enumeration. Review of Psychology, 15 (1-2), 27-34.<br>**Списанието е индексирано во GESIS.** |

| Трудови објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор | |
|---|---|
| М-р Сулејманов<br>(Предложен кандидат) | М-р Стојанов<br>(Одбиен кандидат) |
| Arousal seeking and liberal thinking as Predictors of humor structure appreciation. *Journal of Motivation, Emotion and Personality: Reversal Theory Studies.* **Необјавен труд. Списанието не е индексирано во Скопус. Нема impact factor.**<br><br>Поврзаност помеѓу стиловите за хумор и социјалната и емоционалната осаменост (коавтор). | (2012). Образовна неуронаука. *Педагогија*, 3, 352-362.<br><br>(2012). Едгар Рубин по 100 години. *Просветно дело*, 2, 17-29.<br><br>(2012). Џон Вотсон и идентитетот на малиот Алберт. *Просветно дело* (во печат). |

| Трудови презентирани на научни конференции, конгреси и други трудови | |
|---|---|
| М-р Сулејманов<br>(предложен кандидат) | М-р Стојанов<br>(одбиен кандидат) |
| НЕМА | (2010). Имплицитни теории за интелигенција кај идните наставници: разлики меѓу студентите од прва и втора година. V меѓународен научен собир, Охрид (во печат), коавтор.<br><br>(2010). Вредносните ориентации кај студентите кои се подготвуваат за наставници. V меѓународен научен собир, Охрид (во печат), коавтор.<br><br>(2009). Children's counting and non-quantitative transformation of a set. The Fifth International Balkan Education and Science Congress, vol. 2, 625-627 (коавтор). |

| | |
|---|---|
| | (2009). *Computer anxiety and computer self-efficacy in Macedonian pre-service and in-service teachers.* Труд презентиран на Kaleidoscope 2009, University of Cambridge (коавтор).<br><br>(2009). *Beliefs in conspiracy theories in students studying social and natural sciences.* Trud prezentiran na Perspectives on Progres: Crossing Boundaries in Research, Interdisciplinary Graduate Congerence 2009, University of Cambridge.<br><br>(2007, August). *Peer Mentoring: A Teacher Professional Development Tool to Develop Critical Reflection.* Paper presented at the 15th European Conference on Reading, Berlin, Germany (коавтор). |

| Други споредувања | | |
|---|---|---|
| | **М-р Сулејманов (предложен кандидат)** | **М-р Стојанов (одбиен кандидат)** |
| Просек на додипломски студии | 8,86 | 9,76 |
| Посета на странска институција | Едномесечен престој на Middlesx University, London. | Комплетни додипломски студии на University of Cambridge, Cambridge. |
| Членство во професионално друштво | ДА (Reversal Theory Society) | ДА (British Psychological Society) |
| Странски јазик | ЕДЕН | ДВА |
| Наставно искуство | ДА | ДА |
| Магистратура | Од најдобриот универзитет во Република Македонија | Од најдобриот универзитет во светот (во зависност од различни ранг-листи и години варира меѓу првите 5 најдобри универзитети во светот). |
| Стручно усовршување | Информирање за најновите случувања во областа на reversal theory преку постојан контакт со членовите на друштвото. | Сертификат од областа на гешталт-терапијата. Информирање за најновите случувања во психологијата преку ресурсите од Британското психолошко друштво (пристап до базата EBSCO, месечни известувања, специјализирани списанија, психолошки тестови, контакт преку блогот и слично). |

Од податоците во табеларните прикази произлегува дека постои несогласување помеѓу фактичката состојба и дадениот прелог.

Освен ова, сакам да истакнам дека списанието на коешто Комисијата му дала толку голема важност, а во кое м-р Сулејманов има труд кој е во печат, е излезено од печат само со еден број, број 1, и не е списание со фактор на влијание ниту, пак, индексирано во познати датотеки, што може да се види од официјалната веб-страница на списанието. Истовремено, Комисијата не спомнала дека едно од списанијата во кое што сум објавила труд, *Психологија*, е меѓународно признато списание со фактор на влијание. На светско ниво, според Скопус, тоа има ранг 507. Сметам дека, во светло на овие трудови, предлогот што го дала Комисијата е необјективен.

Сакам да истакнат уште еден факт. Според конкурсот, се бира помлад асистент за група предмети. Комисијата правилно заклучила дека моите трудови се од областа на социјалната психологија, педагошката психологија, психологијата на личноста и развојната психологија – што е во согласност со конкурсот, но сепак го предложила м-р Сулејманов чии трудови се насочени кон една тесна и специфична област, што не е во согласност со Конкурсот.

Рецензентската комисија се задржала и на некои други карактеристики на кандидатите кои не се споманати во Одлуката, а кои Комисијата ги сметала за важни. Така, Комисијата навела дека м-р Сулејманов е во контакт со членовите на Reversal theory society. Ако фактот да се биде во контакт со членовите на организации е толку важен, зошто соодветно внимание не е посветено на контактите што јас ги имам со угледни организации? Имено, како член на Британското психолошко друштво редовно одржувам контакт со членови на тоа здружение, но, што е уште поважно, редовно добивам информации за најновите постигнувања во психологијата и имам слободен пристап до библиотеката на Британското психолошко друштво, што беше наведено во мојата пријава.

Конечно, наместо да даде академско образложение за нивниот предлог, Комисијата заклучила дека *кандидатот м-р Сулејманов има извесна предност затоа што тој покажал лојалност кон претпоставените, тимска работа, интеракција со студенти и одговорност кон поставените задачи.* **Во заклучокот нема ниту збор за оспособеноста на кандидатите за наставно-научна работа врз што треба да се заснова одлуката, а наместо тоа одлуката се заснова врз критериуми кои не се бараа според конкурсот.**

Од сè што е претходно истакнато, сосема е очигледно дека Комисијата не постапила според член 48 од Правилникот, односно рефератот не ги содржи битните податоци за изведување на заклучок за оспособеноста на кандидатите за научна работа, туку содржи само селектирани податоци ( се нагласуваат педагошките остварувања на предложениот кандидат, а се минимизираат моите научни постигнувања, иако станува збор за почетничко работно место за кое педагошко искуство не е потребно) од кои може да се добие привиден впечаток дека м-р Сулејманов е најсоодветен кандидат. Од наведените причини, барам од деканот на Филозофскиот факултет во Скопје, да постапи по одредбите на Правилникот и приговорот да го достави до

членовите на Рецензентската комисија за добивање на одговор, потоа да се објават и приговорот и одговорот на приговорот во Билтенот на УКИМ.

Воедно, барам од Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, по разгледувањето на преходно посочениот Билтен, да го уважи мојот приговор како основан.

7.3.2013,
Скопје

Со почит,
М-р Ана Стојанов, с.р.

До Деканот на Филозофскиот факултет во
Скопје

проф. д-р Горан Ајдински

**Предмет:** Одговор на приговорот поднесен од м-р Ана Стојанов, по предлогот за избор на помлад асистент за предмети од областа на психологијата, на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

Во врска со Вашето писмо бр. 04-600/2 од 8.3.2013 година, Ве известуваме дека на 13.3.2013 година Рецензентската комисија го разгледа приговорот поднесен од м-р Ана Стојанов на 7.3.2013 година, а по предлогот за избор на м-р Филип Сулејманов за помлад асистент за предмети од областа на психологијата на Институтот за психологија.

Кандидатката м-р Ана Стојанов ѝ приговара на Комисијата укажувајќи дека *во рефератот не е вклучена оцена на научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатите, податоци за објавените стручни и научни трудови и оцена на тие трудови.* Понатаму, кандидатката забележува дека Комисијата требала за секој кандидат да наведе: 1.наслов на објавениот труд, 2.наслов на списанието во кое е објавен трудот, 3.кратка содржина на трудот и 4.оцена на трудот.

Во однос на приговорот дека рефератот содржи селектирани податоци со цел да се нагласат педагошките остварувања на предложениот кандидат, Комисијата констатира дека приговорот не е основан затоа што според конкурсот, како и според член 19 од Универзитетскиот гласник бр.173 од 2011 година, кој се однесува на критериумите за избор на помлад асистент, се бара кандидатот да покажува способност за наставно-научна работа. Во тој контекст, Комисијата смета дека успешното тригодишно искуство како на предложениот кандидат како демонстратор на предмети од областа на психологијата е битен аргумент за наведениот критериум и, согласно со тоа, и за изборот на кандидатот.

Од друга страна, во конкурсот не е наведено дека за изборот е неопходно кандидатот да има објавено научни трудови објавени во списанија индексирани во светски признати датотеки и списанија со фактор на влијание. Сепак, иако тоа не се бара, Комисијата коректно го прикажа бројот и видот на објавените трудови на кандидатката м-р Ана Стојанов, наспроти приговорот дека се минимизираат нејзините научни постигнувања. Притоа, Комисијата констатира дека еден дел од објавените трудови на кандидатката се од областа на образованието, а не од областа на психологијата.

Како што беше истакнато во заклучокот на референтот, четворицата кандидати ги исполнуваат условите наведени во конкурсот, но Комисијата му даде предност на кандидатот м-р Филип Сулејманов заради вкупните остварувања според сите критериуми. Рецензентската комисија не утврди релевантни елементи со кои би биле оспорени предлогот и заклучокот во рефератот, а приговорот на м-р Ана Стојанов го отфрла како неоснован. Оттука, Комисијата останува на својот предлог, за помлад асистент да го избере кандидатот м-р Филип Сулејманов.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Виолета Арнаудова, с.р.
Проф. д-р Елена Ачковска Лешковска, с.р.
Доц. д-р Огнен Спасовски, с.р.

13.3.2013

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## ВЛИЈАНИЕ НА ЕКСТРЕМНИТЕ РАБОТНИ УСЛОВИ ВРЗ МЕХАНИЧКАТА ИЗДРЖЛИВОСТ НА СИСТЕМИТЕ ЗА ДВИЖЕЊЕ КАЈ ГАСЕНИЧНИТЕ ВОЗИЛА, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДЕАН БРКОВСКИ, ДИПЛ.МАШ.ИНЖ., ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-240/1 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, донесена на 31.1.2013 година, формирана е Комисија за одбрана на докторската дисертација со наслов:

"Влијание на екстремните работни услови врз механичката издржливост на системите за движење кај гасеничните возила", изработена од м-р Деан Брковски, дипл.маш.инж.

во состав:

- проф.д-р Јанко Јанчевски, Машински факултет – Скопје;

- проф.д-р Славе Јакимовски, Машински факултет – Скопје;

- проф.д-р Свето Цветковски,Технолошко-металуршки факултет – Скопје;

- вонр.проф.д-р Дарко Данев, Машински факултет – Скопје;

- проф.д-р Јован Гочев, Машински факултет – Скопје.

По прегедувањето на дисертацијата, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација изработена од м-р Деан Брковски, дипл.маш.инж., е од областа на механизационите машини и претставува теориски и експериментален научен труд насочен кон проучување на причините за интензивните оштетувања на деловите од гасеничниот механизам кој е изложен на екстремни оптоварувања во услови на високи температури и абразивности на работната средина. Овие екстремни услови се јавуваат кога едно гасенично возило работи во металургиските капацитети при преместување на вжарена троска, како што се на пример железарниците.

Во дисертацијата се дадени следниве поглавја:

1. **Вовед**
2. **Процес на работењето со отпадниот материјал (троската) во погонот Челичарница**
3. **Карактеристики на движењето на гасеничните возила**
4. **Движење на гасеничните возила**
5. **Реални услови на експолоатација на местата на делувањето на гасеничните возила**
6. **Анализа на резултатаите од извршените испитувања**
7. **Заклучни согледувања**
8. **Користена литература**

Дисертацијата е обработена на 157 страници, во кои се вклучени 115 слики и дијаграми, 20 табели и 41 библиографска единица, и претставува мултидисциплинарен труд.

Во воведот се опишуваат одредени специфични работни услови на машините со гасенично движење, кои се наоѓаат во металургиските капацитети, со посебен осврт на металуршката компанија "МАКСТИЛ" од Скопје, каде што во погонот Челичарница се укажува на многу зачестени дефекти на елементите и склоповите од гасеничниот механизам на машините кои ја туркаат троската – која како отпаден материјал при добивањето на челикот треба да се изнесе и транспортира во посебни депонии. Отпадниот материјал – троската која се исфрла после секој циклус на топење на железото брзо се натрупува, и е неопходно брзо да се отстранува. Таа е вжарена и со висока цврстина и абразивни својства, со што процесот станува екстремно тежок. Тоа доведува до зачестени застои поради дефекти на долниот построј на булдозерите и другата механизација, а со тоа и брзо натрупување на големи количества троска која прави дополнителни проблеми во процесот. Опишаните работни услови предизвикуваат за 6 – 8 пати поголема зачестеност на откази на гасеничната механизација во споредба со истата механизација која би се користела во градежништвото или рударството. Понатаму се дефинирани шест цели кои треба да се постигнат со оваа дисертација, како и методологиите кои треба да бидат применети. Се утврдува теорискиот и експерименталниот пристап за остварување на поставените цели.

Во втората глава е опишано процесирањето на отпадниот материјал – троската, илустрирано со многу фотографии од кои јасно се гледа вжарениот материјал и специфичните услови во кои работат машините за евакуација на троската.

Третата глава е детална теориска разработка на проблематиката на движење од аспект на **подлогите** врз кои се движат гасеничните возила, со објаснување на поимот ***теромеханика*** како

механика на меките подлоги, како и спрегата на механизмите за задвижување од најразличен вид (тркала, назабени тркала, гасеници и др.), со посебен осврт на гасеничните системи за движење. Понатаму се дадени механичките и другите карактеристики на природните подлоги по кои се движи механизацијата со гасеници. Табеларно и дијаграмски се претставени распределбата на оптовареноста и деформациите врз подлогата од различни видови гасеници и се дадени низа математички изрази со кои се опишуваат таквите процеси и состојби. Сеопфатно се разгледани најразлични облици на гасеници и гасенични гребени, во контакт со подлоги со најразлични физички карактеристики. Математичките и експерименталните методологии за опис на сите овие случаи, се детално разработени и проучени.

Четвртата глава е исто така теориски пристап и анализа на движењето на гасеничните возила по различни подлоги. Анализирани се разните видови гасенични сегменти и облици на гребени на гасениците, и нивните контакти со подлогата при движењето и распределбата на оптоварувањата и постигнувањето на генерираната влечна сила. Дадени се математички зависности на влечната сила од конструктивните параметри на сегментите и гребените, како и појавата на неминовните пролизгувања во процесот на движењето. Исто така, констатирано е дека распределбата на притисокот на гасеничните сегменти има влијание врз влечната сила на гасеничарот. Проблематиката на отпорите кај гасеничниот механизам во целина е исто така детално третиран и тоа во сите возможни варијанти на гасеници.

Петтата глава ги презентира конкретните работни услови во Челичарницата во Скопје, каде што работи булдозерот – гасеничар KOMATSU 155 и булдозерот гасеничар TG-170. Дадени се карактеристиките на троската – сега како подлога, која е битно различна од меките земјани подлоги. Опишани се постапките за подготвување на троската за преместување (дробење со пневматски чекани монтирани на хидрауличен багер – гасеничар). Заради утврдување на абразивноста и другите важни карактеристики на троската, направени се хемиски анализи, чии резултати се дадени во соодветни табели. Високите температури на троската и нивното влијание врз гасениците, но и другите делови од машините се мерат со високо прецизни термални камери, и резултатите се дадени во соодветни колор - илустрации. Во оваа глава се дадени и споредбени показатели и анализи на влечната сила на гасенични булдозери кои работат врз троска и обична земјена подлога. Исто така се извршени мерења и прикажани термофотографии од згреаноста на елементите од машините во тек на процесот. Констатирани се температури на 460$^0$C на некои од деловите на машините (ножот на булдозерот и забите на багерот), додека сегментите на гасениците се со температури до 200 $^0$C.

Со мерењето на истрошеноста (абењето) на гребените од гасениците се констатираат исклучително високите вредности на абењето кај булдозерот KOMATSU 155 кој работел врз троска (која е исклучително абразивна поради присуството на железен и калциумов оксид), во споредба со работата на истиот булдозер кој работел на земјени и песочни подлоги.

Извршени се металографски испитувања на гасеничните сегменти и дадени се соодветни илустрации, а исто така се мерени тврдините и цврстината на тие сегменти (изработени се епрувети од соодветен материјал).

Шестата глава ја дава анализата од резултатите од сите извршени испитувања. Извршените испитувања даваат релевантни информации за влијанието на троската која со својата температура, абразивност и другите особини врз механичките параметри на деловите од машината кои се во непосреден контакт со неа. Таквите делови се пред сѐ, гасеничните сегменти и гребени. Негативните влијанија на високите температури при работата со троска (кои се земени при средна вредност од 300$^0$C) врз тврдината и цврстината на затегање на деловите, е документирана во претходната глава. Исто така, истрошувањето (абењето) на гасеничните ребра (гребени) е далеку поголемо во споредба со абењето на гребените кои работат во земјена (каменита или песочна) подлога.

Седмата глава се заклучните согледувања, и во неа е даден осврт на челиците од кои се изработени гасеничните сегменти, а пред сѐ на состојбата на површината која во контакт со високи температури омекнува (т.е. ја менува својата тврдина) и поради неминовното пролизгување на гасеничниот булдозер се јавуваат високи вредности на абењето. Како репаратури се користат електроди за наварување со погодни составни елементи, а извршените металографски испитувања на репарираните површини покажуваат дека се работи за отпуштен мартензит со извесно количество на ферит.

Се даваат препораки за намалување на негативните влијанија од високите температури. Даден е осврт и на влијанието на ситната прашина која дејствува врз останатите делови од механизмот (семеринзи, лежишта, лизгачи, зглобови и др.), како и на пооддалечените делови (мотор, менувачи, елементи за потпирање и др.). Со оглед на тоа, во трудот се дадени насоки за употреба на други начини за движење на возилата кои ја преместуваат троската во услови на металургиските капацитети.

## ЗАКЛУЧОК

Кандидатот м-р Деан Брковски, дипл.маш.инж. ,изработил квалитетен научноистражувачки труд кој е од областа на механизационите машини и со одреден степен на мултидисциплинарност, особено во делот на машинските материјали.

Докторската дисертација Влијание на екстремните работни услови врз механичката издржливост на системите за движење кај гасеничните возила", претставува значаен придонес во една област од техничките науки која не била обработувана кај нас, а во светот се направени многу малку трудови од оваа област.

Применети се методологии кои вклучуваат теориски и експериментални пристапи, со прецизно лоцирање на релевантните и влијателните параметри врз функцијата на гасеничните возила кои работат под сложени и екстремни услови. Разработени се процесите на движење на гасеничарите од најразличен вид и под најразлични услови.

Овој труд има голем придонес, бидејќи со оригиналните резултати кои се добиени со користење на современи прецизни инструменти, се даваат насоки за намалување на честите откази на машините кои работат во услови на висока абразивност, температури и прашина.

Од овие причини, Комисијата со задоволство заклучува дека оваа докторска дисертација претставува квалитетен и оригинален научен труд и му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, да го прифати извештајов и да закаже јавна усна одбрана на дисертацијата.

Комисија

1. Проф. д-р Јанко Јанчевски, Машински факултет – Скопје, с.р.

2. Проф. д-р Славе Јакимовски, Машински факултет – Скопје, с.р.

3. Проф. д-р Свето Цветковски,Технолошко-Металуршки факултет – Скопје;

4. Вонр. проф.д-р Дарко Данев, Машински факултет – Скопје, с.р.

5. Проф. д-р Јован Гочев, Машински факултет – Скопје, с.р.

Скопје, 19. 2.2013